**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Педесет и првата седница**

**на Собранието на Република Македониија**

**одржана на 16 јануари 2004 година**

Седницата се одржа во салата за седница на Собранието на Република Македонија , со почеток во 11,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше госпоѓа Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме со работа по по Педесет и првата седница на Собранието на Република Македонија .

Пратениците: Трифун Костовски, Љупчо Мешков, Стојан Андов, Љубе Бошковски, Љубчо Георгиевски, Петар Наумовски, Ристо Пеовски, Никола Груевски, Орданчо Тасев, Ангелка Пеева Лауренчич и Али Ахмети, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со точката на дневен ред - **Предлог за донесување на закон за основање на државен универзитет во Тетово - со Предлог на закон**.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на закон.

За збор се пријавила госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници, почитуван министре

И покрај тоа што во неколку наврати на 45-та седница на Собранието го кажав своето мислење за предлогот за донесување на закон за основање на државен универзитет во Тетово, со Предлог на закон. Го користам сега и моето право од 10 минути повторно да укажам на апсурдноста од носењето на ваков избрзан закон што сакате да го донесете по скратена постапка и со кој што саката да ја легализирате политичката дивоградба, која е штетна и за образованието во државата и за севкупните национални интереси на државата Република Македонија.

Очигледно е дека таков закон не е резултат на утврдена национална стратегија за развој на високото образование во државата, туку произлегува од чист политички пазар помеѓу СДСМ и ДУИ. Само за потсетување, господинот

Герамитчиоски на 24 декември најави дека дури во идните 18 месеци ќе ја дефинираат националната стратегија за високото образование во државата.

Значи, тоа што ни се случува сега, е така, бидејќи бродот на високото образование во државата плови без јасно утврдена насока и без потреба и не е чудо ако така се продолжи, да се насука на некоја карпа и да потоне. Овој закон не произлегува ниту од потребата за интегрирање на етничките заедници во Република Македонија, ниту пак од потребата на пазарот на трудот односно потребата на стопанството. Туку, тоа е типична копија на еден сталинистички концепт за решавање на проблемите во државата како што имавме во минатото. Ќе си направиме утре еден универзитет, за пет години во првата петолетка ќе продуцираме 5 илјади инжењери, во втората 3 илјади доктори, во третата 2 илјади професори, а дали има услови да се реализира тоа, каков ќе биде нивниот квалитет и дали има потреба воопшто за таквите кадри, воопшто не е битно. Битно е ударнички да се работи за да може да види нацијата дека оваа власт нешто работи, е способна да работи.

Е тука, во нашиот случај битно е да видат албанците дека ДУИ добро работи со СДСМ и да можат и тие добро да одработат и да вратат, да се одолжат за претстојните претседателски избори.

Зошто уште носењето на овој закон потсетува на минатите времиња? Затоа што со носењето на овој закон се легализира параунивerзитетот од Мала Речица кој не ги исполнува основните критериуми дадеи во Законот за високообразование, за основање една високо образовна институција, а тоа, веќе се зборуваше е опремата, просторот и потребниот кадар. Видовме, списокот на опрема колкав е, само на една ипол страница, за 10 илјади студенти или за сите специјалности што се нудат. Да не е многу жална оваа вистина, навистина би мислеле дека се работи за некоја шега.

Понатаму, вториот критериум, просторот, дел од просторот што го користи овој параунивerзитет е узурпиран со силата на оружјето на командандите на бившата ОНА и со толеранцијата што ја покажувате вие како власт, праќате многу лоша порака до младите во државата како може со силата на оружјето да се добие се што ќе се посака во оваа држава. А, товарот на одговорноста за тоа, вие ќе го носите. И тогаш, нема што да не чуди и да не запропастува, тоа што можеме да го водиме од студентите на тетовскиот параунивerзиет на Плоштадот во Тетово на 19.12.2003 година, на прославата на 10-те години од постоењето на параунивerзитетот и од новиот ректор на овој параунивerзитет кој искажа јавна благодарност на командантот Баци за успешното заземање на просториите на

Тетовскиот монопол во кој што е сместен овој парауниверзитет. И, згора на сето тоа, на прославата, наместо државното, се вееше албанското знаме.

Значи, дами и господо, посебно вие од парламентарното мнозинство кои сакате да гласате за легализација на овој парауниверзитет, овој парауниверзитет не ја признава македонската држава и нејзините белези, а згора на тоа, вие, со легализацијата сакате сите граѓани во Република Македонија тоа да го плаќаат од сопствениот џеб.

Понатаму, зошто носењето на овој закон потсетува на минатите времиња? Затоа што ударнички, после легализацијата на овој парауниверзитет, тој ќе си ги легализира сите досега дивоиздадени дипломи, магистратури и докторати, прво на нивните професори, зза да можат понатаму тие ударнички да ги легализираат скоро 10-те илјади дипломи на нивните студенти. Некој ќе каже дека тоа било можно само во минатите времиња кога се било подредено на светлата иднина што ја креирал Вождот и партијата. Но, кај нас, за жал и после 13 години практицирање демократија суштествуваат и такви рабоит. Вашиот Вожд господинот Црвенковски и партијата вели дека треба да се легализира и тоа на таков начин, треба да се легализира овој парауниверзитет и за тоа вие, во добро познатиот и наследен стил од вашата мајка - партија послушно ќе гласата за овој закон, иако самите знаете дека со тоа нема да го решите проблемот на високото образование на албанците во државата, бидејќи повторно, надвор од системот, остануваат нелегализирани повеќе факултети од тетовскиот универзитет. Значи, имаме повторно нерешен проблем и повторно работење на диво и повторно оставате отворена врата за тензии и манипулирање со луѓето од албанската заендица.

Понатаму, зошто со овој Предлог- закон се работи за дезинтеграција на Македонија? Се отвора широко вратата за вистинска делба, односно за сегрегација на Македонија преку каприцот на ДУИ и сервилноста т.е. подреденоста или инфериорноста на СДСМ.

Ако навистина почитувани дами и господо се залагавте за интеграција ќе знаевте дека е неопходно потребно во Македонија идните стручни кадри од различни етнички заедници да студираат на исти факултети, да имат лични контакти, бидејќи тие ќе бидат креаторите на идниот развој на Република Македонија и нејзиното внесување во ЕУ, а не како штосе предлага со овој закон да ги гетоизирате младите албанци.

Ако и понатаму инсистирате младите албанци да учат сепарирано од младите од другите етнички заендици во Македонија и македонците, тогаш зошто пак ние

постарите овде, во овој Парламент заедно да седиме, аналогно за тоа што го заговаравте можеме да си држиме собраниски седници, одвоено, во различни сали, па преку соопштенија и писмена коресподенција да разменуваме тоа што ќе го донесеме. Зошто тука да глумиме заедништво, и интерес за интегрирана Македонија кога упорно се залагате да ги гетоизирате албанските млади. Таква ли е вашата европска иднина што ја предвидува за Република Македонија? и која би била логиката тука мнозинскиот народ во државата и сите други етнички заедници да плаќаат за Универзитетот во Тетово кога нивните деца не можат да учат на тој универзитет, бидејќи се предава само на албански јазик без примена на службениот јазик на државата. Која е логиката и оправданоста, кога имате веќе намери да го донесете тој закон и понатаму да се почитува позитивната дискриминација, односно примената на квотите при упис на факултетите во Република Македонија кога тие.. .

(Џагор во салата)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Госпоѓо Бонева, само малку.

Колеги пратеници, јас ве молам, се наоѓаме во Собрание, на собраниска седница и да го исслушаме говорникот. Јас ве молам.

Повелете госпоѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Значи, која е логиката, почитувани колеги да се применува позитивна дискриминација, односно квоти, кога албанските студенти имаат пристап до сите универзитети во државата и плус само за себе еден еднојазичен универзитет. Значи, стасавме до моментот кога треба да расправаме за воведување позитивна дискриминација за македонските студенти. Зарем со овој проект не се обесправени односно дискриминирани граѓаните од Источна Македонија? Во Тетово, на оддалеченост само еден километар ќе има два универзитети, а на територијата на цела Источна Македонија нема ниту еден. Со која логика овие граѓани ќе плаќаат даноци сега и за овој нов универзитет, а нивните деца немаат можност да се запишат ниту во Универзитетот во државата, па се принудени да плаќаат илјадници евра за школување надвор од државата, во Софија, Солун или на други места.

И на крајот, бидејќи, времето ми тече, ве молам почитувани колеги да го повлечете овој Владин Предлог на закон бидејќи легализацијата на малоречанскиот универзитет ќе го девалвира целото високо образование во државата, ќе биде срамно да кажеш во која држава си завршил високо образование, а со тоа се

девалвираат сите тешко стекнати дипломи на студенти кои завршиле редовно и со многу труд на нашите униерзитети, меѓутоа и на Универзитетската елита.

Повторно, на крајот, ќе кажам, ќе апелирам до вас да проработи свеста, да го повлечете овој закон, а ако веќе сте решиле да го донесете, време е да предвидите позитивна дискриминација односно квоти за младите македонски студенти.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

За реплика се јави г-динот Јани Макрадули, повелете.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Конечно, овие два дена покажаа дека таканареченото ново проевропско раководство на ВМРО ДПМНЕ нема ништо заедничко со Европа. И, двете тези што сакаат да ги демантираат вчера и денеска ги покажаа. Прво, останаа на насилничката варијанта, вчера, со вадењето на картицата на претседателот на Собранието а денеска повторно се зајава на националистичката варијанта и се кажа вистинската порака дека ВМРО ДПМНЕ глуми заедништво и дека ним им пречи што седат во собранието во пратеничките клупи со пратеници албанци. Трагедија е што вакви пораќи се праќаат од оваа говорница према Македонија. Трагедија е.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Процедурално има збор госпоѓа Ганка Самоиловска Цветанова.

ГАНКА САМОИЛОВСКА - ЦВЕТАНОВА:

Господине Макрадули очигледно дека вие не ги следите препораките за Европските образовни системи и европските стандарди за високо образование. И, дека сето тоа е само декларативна заложба. А, за насилничките варијанти, сете те се дека токму вашата Влада беше таа што испрати специјалци за да го задушат отворањето на тетовскиот универзитет пред току години и имаше човечка жртва.

Така што, за дволичноста и за насилничките варијанти, сетете се само за вашиот политички “бек граунд”.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Почитувани колеги пратеници, само нешто дозволете ми во последните три искази имаше толку многу спомнувања на специфичен начин за категоризација всушност на партиите, на одредени партии, што мислам дека беше непријатно за

припадниците и на едната и на другата политичка партија. Практично на зборот збор доаѓа.

Јас ве молам, ве молам, седницата да ја водиме во еден конструктивен дух. Да водиме сметка за зборовите, затоа што на секој збор од моја страна недоволно измерен доаѓа ист таков збор од друга страна. Ве молам, ве молам, да водиме сметка.

Јас сега би ве замолила, процедурално има збор господин Јанаќе Витановски, процедурално, а потоа госпоѓа Бонева одговор на репликата.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

Госпоѓо потпретседателке,

Јас би ве замолил, вие ја водите овде седницата, доколку има вакви пратеници, кои јавно, од говорницата зборуваат за некаква делба, поделба и на пратеници и на граѓани и на Македонија, мајки-партии ве молам да му го одземете зборот. Со вакви дискусии не можеме да одиме напред. Вакви дискусии не враќаат само назат. Ве молам, било кој пратеник од нас доколку зборува за некакви делби и поделби да му се одземе зборот, бидејќи тоа не води никаде.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Одземањето збор е малку радикална мерка, меѓутоа опомената мислам дека е соодветна.

Процедурално има збор г-динот Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитувана потпретседателке,

Врз основа на член 85 од Деловникот, кога има повреда на Деловникот еве го користам своето право, вие, на г-динот Макрадули му дозволивте реплика, коклу што слушнав. Меѓутоа, господинот Макрадули во ништо не реплицираше на колешката Бонева Силвана. Исклучиво реплицираше на ВМРО ДПМНЕ. Какви потези прави, какво раководство има, дали е европски ориентирано или не, дали сме националисти или не. Цело време зборува за ВМРО ДПМНЕ.

Сакам да ве потсетам и Вас а и него, ова не е прес конференција, ова е сала на Собранието. Овде има Деловник кога реплицира согласно членот што го спомнав, како се реплицира и според тоа водете сметка, вие ја водите сега седницата, Деловникот да се почитува. Значи не се реплицира на ВМРО ДМНЕ, на партија, туку се реплицира на пратеник кој зборува и зборува. Значи, да не водиме сега нас да не

опоменува што правиме и како правиме, може само да реплицира на пратнеик во неговата дискусија. Не да спомнува пратеник и она што е негова мисла.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Почитувани колеги, многу е убаво што поединечно, кога секој зборува, и бара коректен однос од другите. тука се согласуваме. Меѓутоа, кога сами истапуваме во дискусии, недоволно водиме сметка за тоа што опоменуваме.

Господине Караџоски дозволете, годинот Макрадули беше јас мислам предизвикан на некој начин од спомнувањето на неговата партија во контекст што не беше пригоден од преетходниот говорник. На тоа следеше одговор. Затоа велам и замолувам и мислам бев сосема јасна, јас ве молам сите, сите ние, да бидеме коректни во искажувањата, посебно при спомнувањето партии. Да не одиме со етикетирања затоа што тоа побудува чувства и побудува реакции, што е природно.

Процедурално уште еднаш г-дин Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Во Духот на личното дообјаснување, јас го цитирав делот од дискусијата на пратеникот, што мислам дека е од ВМРО ДПМНЕ дека тука, во Собранието глумиме заедништво. И врз база на тоа јас ја направив мојата реплика, сосема коректно. А, вие, најдете го членот во Деловникот каде пишува дека претседателот на најголемата опозициона партија може да ја земе картицата на претседателот на Собранието. Утре што ќе му земе, клучот од колата?

(Реакции во салата)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во ред, колеги.

Реплика на репликата има госпоѓа Силвана Бонева.

Повелете госпоѓо Бонева. Да ја слушнеме, госпоѓа Бонева, Ве молам.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Господо од власта кои се дрзнавте навистина многу невкусно да извртувате и погрешно да интерпретирате тоа што го кажав. Морам да кажам дека иве кои толку многу се залагате за Европа и за Европската Унија и за вредностите на ЕУ, дали вие сметате дека со гетоизирањето на младите албанци во државата Македонија ќе ја однесете во ЕУ?

Јас овде не зборував за делба на нас пратениците, туку дадов пластичен пример и се радувам дека тоа навистина допре до Вас, аналогно на тоа што вие го заговарате, да ги делите младите во државата, аналогно на тоа ви дадов пример што би било, ако продолжите со ваквата ваква пракса. Значи, би требало и овој

парламент воопшто и вие истите да не глумите заедништво и божем се залагате за интегрирана Македонија? Вие, со овој ваш Предлог-закон ја дезинтегрирате Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има г-динот Фазли Велиу.

ФАЗЛИ ВЕЛИУ:

Почитувана потпретседателке, почитувани пртставници на Владата, почитувани пратеници,

Ве поздравувам што добив збор после сите овие дискусии и истовремено и реплики што ги имавме, очекував долго а многу кратко ќе кажам во полза на прашањето и во полза на конструктивната работа на оваа највисока институција, тргнувајќи од принципот сите ние тука дека го претставуваме гласот на народот што не избрал и кому припаѓаме. Мислам дека и така ќе дејствуваме. Особено, за прашања што се од значење, што се однесуват за нивнаа волја, а тоа е прашањето на образованието, или поточно речено на високото образование.

Бидејќи овој Парламент усвои Закон за високо образование, прифатливо е, или пак разбирливо е да се донесе Одлука за основање трет државен универзитет во Тетово бидејќи само во оваа високо наставна институција може да се изврши една ваква работа, може да се заврши едно прашање што било нерешено досега. Навистина ќе направиме еден пресврт кон односите, кон правата на албанците.

Што се однесува до универзитетот. По промената на Уставот по Охридскиот договор нам ни припаѓа правото на високото образование, право на Универзитет. На сите им е јасно што се бара за да се реализира овој гарантиран акт и од страна на меѓународнот фактор.

Владата на оваа држава, оценивајќи го правилно правото на граѓанинот, го прифати односно го донесе предлогот за основање на тетовски универзитет, истот ова го поддржа и Матичната комисија. Мислам дека овој закон значи прифаќа еден универзитет, кој што не е на ниво на скопскиот или битолскиот универзитет, ние во однос на околностите што ги имаме, треба да прифатиме дека такво нешто мора да се прифати со заедничката поддршка треба да се дојде до финалниот статус на автономија на универзитетот.

Сите овие работи што се случуваат во последно време од опозицијата, за да не отстранат од правилниот пат, од легитимното право на образование на албански јазик, мислам дека е еден вид провокација или пак на измама од една страна , се оневозможува со одолжување на усвојување или пак за прифаќање на овој

универзитет. Мислам дека сето ова треба да биде со една единствена цел да бидеме поблиску до Европа. Нема да паднеме во клопката на оние што се кратковиди, особено на антиалбанските дејствија во текот на 2001 година. Ние, се соочивме со голем број на предизвици, но ние навистина, одиме напред. Но, мислиме дека ниту на една страна не и одговара да се враќаме назад, туку сме во состојба да направиме се, како што направивме во почетокот на овој нов век , меѓутоа, бараме унапредување на односите. Се лажат сите оние дека ние кои што се обидуваме да ја оправдаме нашата мудрост или нашата скромност дека ова го правиме од страв, вулгарниот речник им се враќа на оние кои го употребуваат тој речник. Вадењето на површина на сите штети кои што им беа направени на албанците од страна на претходните власти, ги разголува нив, а не нас. Сите овие работи ине ги знаеме, како што ги знаат и сите луѓе надвор од државата, но генерациите нови, не треба инстиктираат од ваквите лоши работи, туку тие треба да се обраувaат и воспитуваат само за убави, напредни работи. Не верувам дека ќе се кренат на нозе оние кои што се против образованието на албанците. Мислам дека сите треба да работиме на тоа, бидејќи тие останаа сами. Сите оние кои што го негираат нашиот универзитет, го негираат и својот универзитет, бидејќи нема да се даде никаков придонес во тоа. Сега и натаму ние ќе работиме за нас, бидејќи тоа ни припаѓа, затоа што нема да бидеме во состојба да зависиме од некого. Сите оние кои ги негираат нашите права, си ги негираат и своите права, бидејќи не можеме да бидеме народ од втор ред, како што беше во бивша Југославија. Зачленувањето на нашата држава во НАТО  или пак одењето во Европа, ќе биде токму преку Тетово и преку универзитетскиот комплекс. Некому му изгледа дека ние албанците со унапредување, јас велам дека ние се назадуваме, ние сме таму каде што македонците беа на почетокот на формирањето на првиот државен Универзитет. Ниеморамe да одиме напред.  Се случи она што се случи. По завршувањето на втората светска војна се фаворизираше само македонскиот надор. Ние, навистина, не сме љубоморни на тоа, туку сакаме и ние да одиме напред. Како моеже да се оправда рамноправноста на државата кога се негира нашиот универзитет. Тоа го нема во ниту една европска држава или во светот каде што живеат два или три народи. Кога се основа првиот Универзитет во Скопје, се одеше кон основање на вториот Универзитет или пак на друг универзитет, кој ќе биде за цел унапредување на образованието на албанците. Не се направи ништо по основањето на битолскиот универзитет.

Сега, кога Владата излегува со Предлог одлука за основање на нов државен универзитет, опозицијата произлегува и излегува со нов речник какви ние можеме да бидеме поинакви и зошто да не го прифатиме, бидејќи Владата дава еден предлог, а Парламентот треба да го усвои овој проект, Проект на високо образование, проект на реформи во образованието. Ние не треба да дејствуваме поинаку,ние треба да одиме напред, да го прифатиме ова и да бидеме јасни. Опозиционерите подигнуваат тензија околу прифаќањето на овој закон, кој што на еден принципиелен начин треба и да се прифати. Тие мислат дека односно и тие веројатно ќе дојдат на власт, како тие ќе дејствуваат ако имаат, да речеме, еден ваков предлог.  Тие постојано говорат за универзитетот југоисточна Европа во Тетово. Тие велат дека ако се формира Тетовскиот универзитетот на југоисточна Европа ќе згасне, бидејќи нема да имаат финансии. Се обидуваат на еден ненаучен принцип да не убедуваат дека не треба да се основа овој државен универзитет. Ние сакаме овој начин што ние го правиме, да го направат и опозиционерите албанци, бидејќи сите ние треба да го браниме тој универзитет. Треба да ги браниме концептите и во однос на македонците да се однесуваме на еден по мудар начин, да им овозможиме една позитивна дискриминација во однос на студирањето, образованието на тој универзитет.  Ние не треба да произведуваме само кадри на една страна, а да биде на штета на другата страна. Од статистичките податоци произлегува дека ние по втората светска војна, двата народа , стартувавме со два-тројца интелектуалци дипломирани, една страна од Белград, другата од Тирана, а сега каде останавме албанците, каде достигнавме ние, каде стигнавте вие. Затоа, не треба да не етикетирате лошо, без да се увиди вистинската состојба, бидејќи треба да се побара во некои критични ситуации подршка од нас. Македонија и ние ја браневме секогаш кога се напаѓаше, дали тоа беше само од Белград или од Софија. Во 1963 год, катастрофалниот земјотрес го уништи Скопје, а албанските куќи беа претворени во школи , во училишта за македонците, без оглед на нивниот број. Името на оваа држава беше брането од албанците при елиминистичката кампања за негирање на името. Вие тоа добро го знаете. Кога министерката за надворешни работи побара лобирање од албанците за имато на Македонија, доби позитивен одговор. За да се направат нови мотиви, треба и нови пресврти. Македонија не треба да биде за една националност мајка, а за другата маштеа. Секој кој мисли да има една робска улога, мислам дека нема да го постигне тоа. Ние мораме да бидеме рамноправни граѓани, тоа го гарантира Уставот и меѓународниот фактор.

Дами и г-да, ние албанците се обидуваме да даваме нови квлаитети, позитивни ривалитети, така како што се прави во современиот свет. Не се определуваме за подигнување ѕидови меѓу науката, културата, високото образование. Интегрирањето е перспективата на сите нас и ние тоа го подржуваме. Како потврда за ова треба да се подигнат врености, кои што прилегаат на едни други народи, напредни народи, а тоа треба да биде и во образованието, тоа да го направиме и кај нас со перспектива во сите области во државата. Оваа ризница, ова богатство ќе ги уживаат сите овие кои градат, а не оние кои рушат, тие кои помагаат, а не оние кои попречуваат. Треба да ги уживаат тие кои создаваат, а не оние кои копираат. Ние, ќе гласаме за законот за универзитетот во Тетово до статусот автономен . Но, овој тежок пат да не го попречуваме, имаме шанса оние кои не мислат така да се поправат. Нашата иднина зависи од нашите кадри. Моето доаѓање тука е за подржување на третиот државен универзитет, како што е мојата подршка на Скопскиот, Битолскиот универзитет и на другите кои што ќе се основаат во оваа држава.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика има г. Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Мојата реплика ќе биде упатена до г. Велиу. Мислам дека не беа издржани обвинувањата од типот на тенденции и провокации, измама дека некој во овој Парламент сака да наметне измама и провокации кога станува збор за високото образование на албанците. Со концензус е прифатено и сите се ложивме тоа да се реши. И во минатиот состав на Парламентот, ние направивме еден исчекор многу повеќе. Она што неможе да го свати г. Велиу е тоа што имаме ситуација, имаме Штулов универзитет, за кој се залага и Велију да оди во Европа као европски, имаме Мала Речица, кој е т.н. див и сега ќе имаме трет тетовски државен универзитет. За кое решение вие се залагате? Вие само декларативно броите. Проблемот што не сака да се разбере, затоа што се тера работата на инает. Некој сака партизански на диво да го легализира ова. Ние бараме да се знае што правиме. Дали ќе го легализираме овој универзитет. Дали ќе направиме да профункционира нов државен универзитет кој ќе се финансира и дали ќе функционира и ќе се финансира Штуловиот универзитет. Во маса ние сите се сложуваме со тоа. Најголем проблем

се финансиите. Тука нема, од мое лично видување, ова што доаѓа како забелешка за просторот, кадрите, мислам дека тоа може да се надмине. Тие работи може да се надминат, ноштo ќе правиме ние со финансирањето. Еве , сега сме на прагот на 26 е закажан штрајк од восокото образование. Имаме да решаваме три случаи, кои што сите три треба да ги решава државата и треба да се финансираат. Таму што оние студенти кои ќе останат со тие другите факултети, почнувајќи со Медицинскиот факултет и другите факултети четири-пет, остануваат нерешени, што ќе правиме со тие студенти. За тоа е оваа дискусија. Еднаш сакаме ова прашање да се реши. Останува прашањето отворено и зошто се тера инает. Прашањето е јасно, вие ги провоцирате вашите колеги одека дали ќе гласаат за ова. Сигурно, кога е во интерес на албанците за високото образование, нема ниеден пратеник да гласа против албанците. Тоа е нормално. Тука треба да има сенс и Владата и министерот и колегите пратенивци од СДС. Отвораме едно прашање кое треба да се реши. Со ова не го решаваме прашањето. Водите инает, иако има договор меѓупартиски помеѓу СДС и ДУИ, прашањето останува отворено. Што правиме, дали ќе го легализираме малоречанскиот универзитет, дали ќе праивме трет државен универзитет, дали го ставиме во функција и ќе го финансираме со Штуловиот универзитет. Тука е клучното прашање што ние не се разбираме. Зошто работата ја терате за инает и зошто не сака да се дискутира по ова прашање. Ако вие им мислите добро на албанците, сега правите отворено прашање, ќе дојдеме во ситуација и еве ви гарнатирам дека во рок од 6 месеци ќе дискутираме за финансиските проблеми за сите институции во државата. Гарантирам дека ќе се бара ребаланс, нема да функционира ниедна институција. Тука е проблемот и тука се прашањата.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г. Велију, една минута.

ФАЗЛИ ВЕЛИУ:

Ќе му одговорам кратко. Во суштина не рече ништо од мојот говор, а од мене бара јас да му објаснам во врска со проектот на Тетовскиот универзитет. До колку ова го сака, ова го има Владата, овде е и министерот за образование, но јас мислам дека овде само се крева врева. Сакам да кажам еден збор на овој г-дин. Сите тие

кои се против образованието на сите, се диктатори. Јас не сакам да ја има оваа улога.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Се договоривме без квалификации, затоа што квалификациите кон ништо позитивно не водат. Процедурата е таква и наместо вас ќе одговори некој друг.

Г-дин Караџовски се јави за реплика.

ЖАРКО КАРАЏОВСКИ:

Г-дине Велиу би сакал да ви реплицирам и верувајте дека ќе се држам за она што го зборувавте. Кажавте дека го претставувате гласот на народот кој ве избрал. Факт е дека и ние го претставуваме гласот на народот кој што не избрал и споредете ја таа бројка со онаа бројка која гласаше за нас, не е мала, огромна е разликата во оваа предност. Значи, она што го зборува опозицијата и таа претставува некого, што мисли нешто спротивно од вас. Цело време зборувате за правото на образование на албанците. И, вие правото на албанците го гледате само тетовскиот универзитет. Мешате баби и жаби. Прабвото на образование кој ви го ускратува, кој ви го забрани. Тоа е во се и уставно и законски регулирано. Имате и универзитет на Југоисточна Европа, имате квоти итн. зарем мислите дека правото на образование го решавате исклучиво со тетовски универзитет. Вие , г-дине Велиу, зборувате за постоење на два народи во Република Македонија . Вие тоа го кажавте. Зарем вие мислите дека Македонија е бинационална држава според вас и според вас концептот на решавање на сите проблеми да ги делиме меѓу албанците и македонците. А, од друга страна се декларирате дека сте некаква партија за декларација. Значи, треба да имаат и македонците и албанците универзитет според некаков си репер, два македонски два албански. Тоа испаѓа од она  што го зборувате. Зборувате за некакви ѕидови. Ѕидовите вие ги правите, г-дине Велиу, со тоа што барате исклучиво универзитет, каде што ќе студираат и учат само албанците. Така шема не се гради, така заедничка држава не се прави. Немојте да глумите дека исклучиво преку тетовски универзитет ќе бидат решени правата на високото обрасзование. Правото на високот образованиењ не го наоѓате само во Уставот, го наѓате и во Законот за високо образование, а Законот за високо образование не наметнува автоматски дека мора овој закон денеска да се гласа, затоа што веќе имате. Заборавате дека Штуловиот универзитет ќе стане државен универзитет каде што ви се решени сите

права. Така што , немојте да ги мешате работите. А, тоа што некој негира нечии права, дека ги негира и сопствените, ние никакви права не ги негираме. Она кога го зборуваме дека тетовски универзитет нема место и не треба да се усвои, го кажуваме аргументирано. Зборувате за Европа дека преку Тетово ќе влеземе во Европа. Е, сега, да ви кажам, кажете еден град во Европа во кој што има два универзитети на растојание од 300 метри. Нема таква Европа. Вие единствено ги имате и фактички ќе имате два универзитети на албански јазик. Буквално тоа го барате.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господине Велиу, повелете.

ФАЗЛИ ВЕЛИУ:

Г-динот Караџовски не е во тема, но сепак ќе му одговорам што се однесува до југоисточниот Универзитет ни јас, ни тој немаме право да зборуваме за тој Универзитет. Тој Универзитет го има онсовано Штул и го поддржува ДПА и нека го поддржуваат. Додека што се однесува до тоа кој гради ѕидови , сметам дека е многу јасно по 26 септември од 2001 година ВМРО-ДПМНЕ почна да гради ѕидови со концепт на МАНУ со концептот на академиците на двата универзитети за поделба на народите. Овде нема да зборуваме за ова, затоа што овде не е место да зборуваме за овие теми.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Велиу, јас ве опоменувам да не ја злоупотребувате институцијата, а поединци како се изјасниле, се знае. Значи, јас ве молам да имаме почит кон институциите што се во државава.

Г-дин Балковски, па Замир  Дика.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Сакам да реплицирам на господинот пратеник за неколку работи, а тоа е прво слденово:

Денеска на дневниот ред е Предлог-закон за основање државен униерзитет во Тетово. Сакам да знаете дека не е на дневен ред што опозицијата мисли за

државниот факултет во Тетово. Таа работа треба да си ја расчистите самите меѓу себе од Пратеничката група на ДУИ.

Друга работа, господине пратeниче е следна. Овој унверзитет ќе го изгласа и македонскиот дел од коалицијата ДУИ и СДСМ, така да овој универзитет ќе биде државен универзитет. Овој универзитет нема да биде ваш универзитрет како што рековте вие. Ако е ваш универзитет, универзитетот во Мала Речица, овој нема да биде ваш универзитет, затоа што, како што истакна и министерот од Вашата партија се кажува дека овој ќе биде државен универзитет. Затоа ние како опозиција апелираме дека не треба да се донесе овој државен универзитет, затоа што нема овој државен универзитет. Вие сега овдека пред сите гласно кажавте дека ќе биде ваш универзитет. И треба да се запрашаме сите од македонскиот дел на Собранието овдека, како вие кажувате дека е ваш универзитет, а ќе гласат македонски пратеници за вашиот универзитет.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор се јави господинот Фазли Велиу.

ФАЗЛИ ВЕЛИУ:

Претходно употребувавте другиот пратеник и вие зборувате и мислите дека со вашиот висок тон ќе можете да не победите. Јас ви велам кратко и јасно ние сме одлучни за тетовскиот универзитет и носиме одговорност сите заедно. Ја поздравувам опозицијата која е на наша страна, затоа што врши корекции и го донесува основањето на тетовскиот универзитет. Спротивното кој ќе биде против ќе носи одговорност, бидејќи народот е одлучен за овој универзитет и ќе дејствува така како што дејствува еден народ за својата иднина. Вие не сте во тема повторно и се извинувам што јас нема да ви одговорам за овие реплики што ги направивте со високи тонови. Високите тонови се минато и се на тие што се во зајдисонце.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господинот Замир Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Благодарам потпретседателке, иако нашаа парламентарна група донесе одлука да имаме само една дискусија, со една мисла да помине овој проект, мислам дека правокацијата беше многу тешка и затоа сум приморам да реплицирам на

господинот Фазли Велиу. Жал ми е колеги што ниту еден збор не кажавте за законот, со цел да им биде јасно на студентите и професорите на тетовскиот универзитет за што станува збор. Жал ми е господине Фазли Велиу што вашата понуда по вашата дискусија се стихови и фолклор. Мислам дека албанците не заслужуваат по војната и кризата што ја имавме, вашата понуда да бидат само песни, стихови и фолклор. Жал ми е за оваа работа за обвиненијата што ги давате, но господинот Фазли Велиу вам половина навистина ќе ви се прости, бидејќи не знаете за што станува збор. Народот и господ нема да ви го простат тоа.

ФАЗЛИ ВЕЛИУ:

Нема да реплицирам бидејќи сите тие што се пријавуваат не се на нивото на репликата. Но ќе кажам два збор на овој господин. Јас имам морално право да го употребам некогаш и фолклорот, после една дведецениска работа за ова високо пршање на високото образование и по тоа што сме се договориле со другата заедница да ја спречиме војната за доброто на граѓаните во оваа земја. Дали тој го разбира ова или не, тоа е негова работа. Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Сега за реплика се јави госпоѓата Ганка Самоиловска-Цветанова, а потоа нека се подготви госпоѓа Ристана Лалчевска.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВСКА:

Морам да признам дека на излагањето на господинот Фазли Велиу би му позавиделе и најголемите светски миротворци иако потоа во своите реплики тој многу брзо и многу наивно се демаскираше.

Во Парламентот имаме амнестирани, како резултата на причините и последиците од вооружниот конфлик во 2001 година. Апелирам да не заборавиме што се случи во 2001 година, се со една единствена цел, да не ни се повтори истото. Благодарам.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Прво, би сакала да разјаснам една дилема. Нашето противење на проектот за основање на универзитетот во Тетово не значи противење на високото образование на албанците на мајчин јазик. Јас мислам дека ниеден пратеник од опозицијата во ниедна прилика не искажал став дека се противи на високото образование на албанците на мајчин јазик. И господиниот Велиу еднаш засекогаш да запамти дека никогаш ние не се противиме на образованието на албанците на мајчин јазик, меѓутоа, се противиме на проектот што сега е во Собранието. Се противиме од причини кои сите сме ги изнеле и мислиме дека овој проект не е ниту законски, ниту

пак издржан, туку е политички. А господинот воопшто не даде ниту еден аргумент за овој проект, да не убеди дека навистина постојат правни основани причини да се основа ваквиот универзитет. Меѓутоа, тој и самиот беше во дилема дали станува збор за основање на тетовски унверзитет како нов или легализација на веќе постоечкиот параунирверзитет, бидејќи во неговиот говор, наизменично говореше за параунирверзитетот и за универзитетот што треба да се основа во Тетово. Тој самиот е во дилема за што станува збор со овој предлог на закон. Треба саиот ова да си го расчисти и цело време зборуваше надвор од темата за историјата на Македонија и за учеството на албанците во таа историја. Мене нависина ми е жал што тој ја гледа од таков агол, затоа што оние албанци кои навистина искрено учествувале во градењето на Македонија, со ова се повредени. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

За реплика е јавена госпоѓа Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас ќе зборувам со висок тон да не се деражира господинот Фазли Велиу, можеби тој е научен на нешто друго, па високиот тон му прави вибрации. Рековте во вашиот говор ние сакаме да бидеме лојални граѓани на оваа држава. Вие со ништо не покажавте дека сакате да бидете лојални граѓани на оваа држава, пред се, да ве потсетам ако сте заборавиле, неплаќањето на даноците, на придонесите, на сметките за електрична енегргија и на сите други јавни давачки, за кои сте обврзани согласно член 33 од Уставот на Република Македонија. Потоа реквте дека овој универзитет е многу важен и дека Европа не познавала такво постоење на таков универзитет и сега да ви кажам колега во Европа никаде не постои етнички универзитет. Има универзитети но таму учат луѓе од различни националности. Вие тоа го имате тука. Со Универзитетот во Скопје, Битола и Ван Дер Штуловиот универзитет. И трето, провокација било од страна на ВМРО-ДПМНЕ таканаречената опструкција за донесувањето на илегализацијата на овој државен универзитет. Провокација и промоција на сила е Мала Речица од 1995 наваму. Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас ве молам повторно да водиме сметка за квалификациите. Господин Велиу се јави за реплика на репликата.

ФАЗЛИ ВЕЛИУ:

Јас го поздравувам претходниот репликант ако навистина сака да придонесе за ова прашање, таа може да придонесе и за универзитетите, дали се тие основани

пред десет години или кој ги официјализираме денес. Јас ова сум го објаснил дека ќе биде универзитетски комплекс во Тетово. Во тој комплекс се подразбира дека ќе бидат сите вклучени во заедичката програма. Додека што се однесува до тоа дека јас сум дал една историја за Македонија, историјата на оваа земја треба сите да ја знаеме. Оваа земја announcement неможела да опстои без двата народа. Кој е само еднострaн нека размислува дали може да опстои и дали може да оди така во Европа. Додека другиот дискутант го поздравувам исто така за коректниот став, мене не ми прави впечаток високите тензии, како што таа размислува за вибрациите. Не сум навикнал ни кај мојот народ ни кај европските народи за високи тензии, туку за мудрости. Додека што се однесува до зборот што го употребува често пати Мала Речица, треба да го корегира својот речник на македонски говор како што вели не Речица, туку Река. Значи треба да разликува во својата граматика. Треба да се корегира во својата граматика како треба да го користи овој збор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господинот Џевдет Насуфи.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Ви благодарам госпоѓо потпретседателке,

Почитувани пратеници вистина е дека го слушаме господинот Фазли Велиу, но ќе направам еден осврт на неколку забелешки. Тетовскиот универзитет и универзитетот во Тетово имаат две разлики. Јас би го замолил господинот Фазли да ја направи оваа разлика и во овој случај би го повикал истовремено на помош да ни дојде и господинот министер, со оглед на тоа што е од истата партија и ова да го објаснат, бидејќи разликата е многу голема. Од законски аспект зборувам. Јас и припаѓам на правдата, затоа што овде има голема разлика.

Што се однесува до тоа дека минатите влади го сатанизираа високото образование, па и другото образование, јас би сакал да го потсетам господин Фазлиу токму за тоа што го има во столбот на оваа Влада што сега актуелно функционира, бидејќи и тогаш кога е основан тетовскиот универзите премиер беше господин Бранко Црвенковски.

Што се однесува до определбата за интеграции и на македонците и на албанците, но и на Македонија треба да направиме една дистинкција. Без да се заврши внатрешната интеграција, неможе да има надворешна интеграција, затоа што никој не не прифати. Значи, дали се интегрирани албанците во Македонија од културен аспект, дали се интегрирани институционално. Сеуште имаме војна во администрацијата да имаме албанци на државни функции, каде што не се

пристапни. Значи оваа интеграција ја немаме. Дали е завршена интеграцијата во економскиот развој. Не е завршена. Значи треба да се бориме за внатрешни интеграции. Што се однесува до Штуловиот универзитет, самиот господин Фазли Велиу прифаќа дека тој го основал господинот Штул. Има голема улога во решавањето на меѓуетничките конфликти во областа на образованието. Но што има тука врска ДПА. Дали господинот Штул со партијата на ДПА го направи ова. Тоа го направи поради албанците. И тоа е универзитет на албанците. Затоа мислам дека атрибутот, таквото етикетирање на ДПА не опстои. Мислам дека е лапсус на господинот Фазли. Мислам дека ќе го објасни ова и аспектот на нејасноста што го објави. Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика господинот Фазли Велиу.

ФАЗЛИ ВЕЛИУ:

Немам лапсус. Немам направено ниту една грешка. Грешно го има разбрано мојот говор. Ако ние сме определени за рамноправни права, ние од оваа држава треба да бараме и право за школување. Затоа првенствено требаше да се основа третиот универзитет овде од самата држава, одошто да се оснива трет универзитет од страна на Европа. Ние ја поздравуваме Европа, го поздравуваме САД, сите народи кој ќе не помогнат. Но ние треба да имаме наши универзитети државни. Не сум направил грешка. Грешно ме има разбрано. Што се однесува до проектот му давам збор на министерот, затоа што е надлежен за ова прашање да му објасни непосредно за овој проект. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика е јавен господинот Зиди Џелили.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Господине Велиу вие прифаќате дека овој закон за основање на универзитетот трет државен на албански јазик не е решение, како што е решението на Скопскиот универзитет “Св.Кирил и Методиј”. Но вие заради времето, заради моменталната состојба отстапувате всушност, но не заборавајте дека вие не го имате мандатот од народот да правите отстапки, бидејќи цената да се добие право на високо образование на албански јазик навистина, беше многу голема. За ова право албанскиот народ жртвуваше многу и вие сега господине Велиу сте широкогради и правите отстапки. Мислам дека правите големи грешки. Овие грешки ќе ви се вратат како бумеранг. Народот ги следи вашите отстапки врз нивна штета. Јас очекував вие да биде поет на храброст а не на плчење. Доста плачевме 60

години, доста се тие барања што ги баравме, тие права ги добивме и не ги барајте затоа што никој не ви го дал тоа право вие во форма на питач, во форма на еден човек широкоград да прифаќате компромиси на шрета на албанскиот народ. Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Фазли Велиу, повелете.

ФАЗЛИ ВЕЛИУ:

Овој господин дали ја познава историјата. Првите парламентарци во Турската империја зборуваа и во Скопје. Исто така и во Призрен и во други земји и во Битола. Овој сега е роден и жалам што е таков, затоа јас можам да спомнам дека од ова Собрание треба сите права да се реализираат, значи и правото на високото образование на албански јазик и доколку овој сака поинаку да дејствува има разни форми, други форми, но верувам дека е мал за тие други форми. Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господинот Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Ако министерот за образование, само за училишна зграда во Куманово плати безмалку еден милион евра, ако повеќе зависи некој четири некој пет месеци во подрачните единци на Министерството за образование во делот од подрачните единиframework во Република Македонија некој подрачја неможат да ги подмират телефонските сметки, некој за 4, некој за 5 месеци која е тогаш логиката јас да плаќам за некаков универзитет, за кој дискутантот поради која се случи оваа серија од реплики вели дека тој е нечиј универзитет, само не универзитет формиран на начин како што е пропишан во земјата. И повторно како на првата дебата во текот на минатата година кога ќе се почуствува недостиг од аргументи, веднаш се посегнува по некои други средства за што бевме сведоци во 2001 година. Значи каква е економската логика, патем да потсетам дека во уставот не пишува никаде дека Република Македонија е конституирана како држава на два народа. Која е економската логика која пред се членовите на Парламентот од редовите на СДСМ треба да објаснат на своите гласачи како даночни обврзници треба да плаќаме за универзитет кој ќе биде сопственост на господинот Велиу, или незнам на кој друг, затоа што ако е тогаш така, која е смислата тоа да биде финансирано од граѓаните на Република Македонија, затоа што е факт дека овој универзитет  кој од сегашниот претседател на Владата на Република Македонија, од неговата Влада во првиот мандат беше наречен дека е приватна забава, продолжува и понатаму да биде

приватна забава, но таа приватна забава треба да ја плаќаме сите, дури и оние кои и да се поканети немаат намера да одат на таква приватна забава. Овде станува збор за класична поделба, би рекол родовска победа во Владата на господинот Црвенковски, тоа што е негово е негово. Очигледно дека тој за иднината на Република Македонија е заинтересиран колку и снегот кој се стопи неодамна.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

И она што припаѓа на неговиот клучен коалиционен партнер, а сега ние сме сите како граѓани принудени, поради волјата на парламентарното мнозинство, пред се на СДСМ, затоа што тие процениле дека сите ние треба финансиски да партиципираме во една таква забава. Мислам дека поголемиот дел од документите беа кажани од господинот Велиу и што ќе се случи ако овој закон не помине, дека во Република Македонија постојат два народа, ќе потсетам дека во Уставот пишува нешто поинаку. Ние видовме дека господинот Цевенковски од време на време знае да излезе и да ни соопшти некаква фабричка грешка. Нема да бидам изненаден ако тој наскоро не излезе и не соопшти дека и самата држава е фабричка грешка и дека треба таа фабричка грешка да биде поправена.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Трендафилов, јас ве молам без квалификации.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Но јас немам намера навистина да им објаснувам на даночните обврзници во Изборната единица број 3 освен да ги упатам кај господинот Црвенковски да им објасни каде најдоа еден милион евра да купат училишна зграда во Куманово а немаат пари да ги платат телефонските сметки во подрачните единици на Министерството за образование и немаат пари, Владата на господинот Црвенковски да излезе и да се договори со Синдикатот кој најави штрајк на 26 јануари, но верувам дека Владата ќе употреби други механизми со цел да ја намали штетата од закажаниот штрајк. Но навистина треба, ако не друго, владиното мнозинство да излезе јасно и гласно и да каже: ние бараме пари за приватна забава на некој друг, затоа што ние сами не можеме таа да ја покриеме. На тоа се сведува. Тогаш верувајте дека можеби ќе размислам и би го дал гласот за една таква приватна забава. Но додека се криете зад лицемерството, кое сега убаво ни беше разјаснето за што станува збор, не можете да очекувате поинаква реакција од

ВМРО-ДПМНЕ. Вие успеавте да најдете милион денари за средно образование, тврдите дека 2 милиони се доволни за универзитет и ќе направите во Тетово да има 3 универзитети, Штуловиот, овој што сакате да го легализирате и оние факултети кои ќе останат и понатаму диви факултети во малоречанскиот универзитет.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика за господинот Фатмир Асани.

ФАТМИР АСАНИ:

Почитувана потпретседателке,

Немав намера да му реплицирам на господинот Велиу, но ова барање ни дојде од жителите на село Слупчане. Сакам да му реплицирам на господинот Велиу дека целта на војната не беше ние да дојдеме во Парламентот и да бидеме питачи, некој да ни даде образование или не. Најдобро јас и тој знаеме какви цели имаше војната. Но целта за негого беше да дојде и да биде пратеник. ДПА не е против основањето на тетовскиот универзитет, но е за легализирањето на тетовскиот универзитет со сите факултети кои се сега во Тетово. Да не се чуди некој дека и по војната сега се основа нов универзитет во 2004 година. За Штуловиот универзитет најдобро знае министерот и барам уште еднаш да се изјасни што е универзитетот. Ова е толку, со оглед дека не е тука господинот Фазли Велиу и не би сакал повеќе да му реплицирам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам госпоѓа потпретседателке.

Не е коректно дискутантот Фазли Велиу да ја напушти седницата додека не завршиле сите реплики. Така се случи и вчера со госпоѓа Станковска. Тоа зборува за една неодговорност на позицијата, но сепак мислам дека не следи преку традицијата.

Зошто е предложен тој закон на овој дневен ред. Закон за основање на државен универзитет во Тетово. Позицијата сигурно планирала со овој закон, доколку се усвои, да се заврши прашањето на високото образование. Но реалноста кажува нешто друго, дека не може да се заокружи, да се затвори. Тетовкиот универзитет е формиран 1994 година и сите ги знаеме перипетиите кои ги следеше овој универзитет. Во тоа време на чело на Владата беше господинот Црвенковски,

тој и неговата Влада преземе серија мерки за попречување на универзитетот на почетокот, а потоа и функционирањето. Дури беа преземени радикални мерки, при што загина еден човек, беа ранети многу протестанти, беа повредени дел од раководството на универзитетот. Но тој универзитет опстана врз основа на поддршката на ППД и Народната демократска партија на албанците, кои беа и основачи на овој универзитет. Ако некој е заинтересиран да се официјализира, тогаш сме токму ние, но проблемот е што така како што се предлага овој закон не се официјализира тетовскиот универзитет. Со ова реплицирам и на дел од дискутантите на ВМРО-ДПМНЕ, но и на господин Фазли Велиу, кои што преку овој закон го гледаат официјализирањето на тетовскиот универзитет. Но од дискутантите на СДСМ постојано се вели дека се формира, се основа нов државен универзитет. Нека излезе еден пратеник од оваа партија и нека рече дека со овој закон се офицализира овој универзитет. Тогаш работите ќе бидат многу појасни.

Како и да е, овој закон како што е предложен за основање на овој универзитет тешко ќе може да функционира истиот. Со еден милион и 400.000 евра колку што се предвидуваат, и тоа не е сигурно, во Буџетот за 2004 година, не можат да се обезбедат ниту платите, а да не зборувам и за другите трошоци кои се потребни, технички помагала и тн. Каде се тие објекти кои оваа Владата требаше да ги определи, каде што треба да се воспостави и да функционира, кога професорите и студентите за функционирање наоѓаат решенија да влезат во зградата на монополот, таканаречен командант Баци, тогаш напаѓате со обвинение дека се узурпираат објектите и тоа од страна на оваа Влада. За да не се дозволи вклучување или влегување на студенти во други објекти, повелете, дозволете, обезбедте објекти каде што тие ќе студираат. Тука се тие несогласувања, нејаснотии. Никој не е против официјализирање на тетовскиот универзитет, но донесете закон за официјализирање, а не закон за основање на нов државен универзитет, бидејќи не се знае каква ќе биде судбината на студентите, дали тие ќе се вклучат, ќе се запишат на новиот универзитет или пак ќе останат на улица, ќе мора да се регистрираат, да се запишат или не. Тука се тие нејаснотии. Дали ќе бидат вклучени факултетите: Медицинскиот, Фармацевскиот и тн. Мислам дека ќе продолжи да функционира и понатаму и тетовскииот и така ќе имаме три универзитети во Тетово.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика за господинот Ружди Матоши.

РУЖДИ МАТОШИ:

Ви благодарам.

Би сакал да дадам едно објаснување до јавноста кој лаже во оваа насока. Го употребувам зборот измама, бидејќи мам е нејаснотии. Четири факултети и едно високо политехничко училиште, не вклучува во себе и официјализација на тетовскиот универзитет, а не го вклучува во себе и постулатот на Охридскиот договор, во кој јасно се вели дека финансирањето од државата ќе се обезбеди за високото образование на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од населението во Македонија. Ако некој мисли дека овој проект на Владата, каде не е јасно кој е проектант, дали е ДУИ или се тајни кругови кои со луѓе кодоши кои ги има инволвирано СДСМ во БДИ, кои го имаат сервирано овој проект, ние тоа не го знаеме, но би сакале да дадеме до знаење пред јавноста дека овој проект кој се сервира, јавноста знае дека го сервира Владата. Проектот е сомнителен бидејќи не го вклучува постулатот на Охридскиот договор, не ја вклучува официјализацијата на тетовксиот универзитет, бидејќи имаме факултети на кои веќе студираат албански студенти на слични универзитети кои се предложени во проектот од Владата. Затоа, мислам дека овде некој измамува и измамата на перфиден начин ја сервира на граѓаните во Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас мислам дека со тоа завршивме со репликите.

За дискусија е јавена госпоѓа Ганка Самоиловска - Цветанова.

Пред тоа, процедурално има збор господинот Исни Шаќири.

ИСНИ ШАЌИРИ:

Почитувана потпреседателке, почитувани колеги,

Барам да се следат дебатите околу ова прашање на еден фин начин, бидејќи имаме обвиненија кои немаат основа. Доколку Матоши има податоци дека има кодоши во редовите на ДУИ и дека некој ги исправил, би било добро да излезе со име и презиме, бидејќи не е в ред и не е коректно да се употребува еден термин, едно вакво тешко обвинение само заради дебатирање, заради дискусија, заради ставање една црна точка на некого, но би било добро со име и презиме да се излезе. Ние за такви случаи не знаеме и мислиме дека имаме одговорност. И навистина имаме одговорност пред самите себеси и пред целиот наш електорат кој гласаше за нас во 2002 година и сега да се зборува дека некој испратил кодоши, би било добро

Матоши да излезе со име и презиме и само на ваков начин може да се говори на еден транспарентен начин и да можеме да ги расчистиме проблеми меѓу нас. Ако одиме со обвинување еден кон друг и ако се занимаваме со разно - разни пропаганди кои не се во корист на ситуацијата, мислам дека не е во корист ни на разрешувањето на проблемите, но мислам дека и не е в ред и не е коректно во оваа највисока институција, во овој законодавен дом да се употребуваат вакви зборови, со ваков политички жаргон.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Се согласувам со интервеницјата на господиот Шаќири.

Процедурално, има збор господинот Ружди Матоши.

РУЖДИ МАТОШИ:

Ви благодарам госпоѓо потпретседател.

Кога го велам ова, го велам со целосна одговорност, не го велам туку така. Проектот се покажува дека е сервиран погрешно. Ова го велам како албанец. Зошто во овој проект Економскиот факултет, Правниот факултет, Педагошкиот факултет, факлултети во кои учат албанците, но зошто не е Медицинскиот факултет, Архитектонскиот факултет, Стоматолошкиот факултет, факултети кои ги немаат албанците. Јас се сомневам во проектот. Јас се сомневам дека ова е сервирано од кабинетите на СДСМ, за да создаде паралелни институции за албанците и албанците да се занимаваат една со друга институција. Нема проблем, ние ќе излеземе и со имиња, ги знаеме луѓето кои се кај вас, биле блиску до Фрчковски, до разни луѓе кои биле злогласни за албанците. Ние ќе излеземе и со имиња, нема проблем.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор пратеникот Ганка Самоиловска-Цветанова.

Пред тоа, процедурално има збор пратеникот Јусуф Арифи.

Ве молам, колеги, да не го користиме процедуралното за меѓусебни реплики, тоа е злоупотреба на деловникот.

ЈУСУФ АРИФИ:

Се извинувам госпоѓо потпретседател, но мислам дека морам да реагирам бидејќи беа искажани обвиненија кон некои функционери на ДУИ. Што се однесува до кодоши, незнам како да го разберам сето тоа, или како да го разберам

вчерашниот говор на господинот Матоши кога рече дека ние бевме во Владата во текот на конфликтот во текот на 2002 година. Јас знам дека тој беше во редовите на ОНА. Сега неможам да го разберам дали бее во власта, во Владата или пак беше член на ОНА. Доколку обвинуваш и даваш нејаснотии без никакви аргументи, мислам дека не е фер, бидејќи самиот збор произлегува од друг збор и носи друг збор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колеги, ве молам, ова на ништо не личи.

РУЖДИ МАТОШИ:

Ви благодарам колеги.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Матоши, не ве ни видов, меѓутоа, не е процедурално.

Процедурално, господинот Матоши, а потоа ќе направиме кратка 10 минутна пауза, имам личен проблем со грлото да го средам и молам за разбирање.

Господине Матоши, повелете.

РУЖДИ МАТОШИ:

Колку за информација, јас бев и во ОНА на Косово, се борев таму со србите. Идеолошки припаѓам и во текот на војната на Косово на Демократската партија на албанците, припаѓам сеуште и доколку албанците имаат десет војни, јас во војна ќе учествувам, но идеолошки ќе бидам позади Арбен Џафери.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За ова незнам како понатаму, би требало и нешто посериозно да се преземе.

Ве молам, вакви изјави се тотално неприфатливи.

10 минути пауза.

(Паузата отпочна во 12,30 часот)

(По паузата од 10 минути седницата продолжи во 12,45 часот).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ги молам колегите пратеници да влезат во салата за да продлжиме со работа.

Со оглед на последнито испад, јас слободно можам да го наречам испад што го направи пратеникот Ружди Матоши со јавната јзакана за војување и закана упатена кон сите нас овде и кон целата јавност, мислам дека е тоа премногу сериозна изјава и дека треба да имаме Координација на ниво на пратенички групи подоцна, по паузата за да се договориме. Ова би сакала да го кажам, затоа што најмалку што треба да го направи тоа е пратеничката група на ДПА најмалку што може е барем да се извини на овој Парламент и на јавноста. Меѓутоа, ќе треба и дополнително да седнеме на ниво на координатори и претседателство да се договориме околу некои принципи на понатамошна комуникација на парламентот меѓу себе и со јавноста. Ова бев должна да го кажам.

Има збор госпоѓа Ганка Самоиловска Цветанова.

ГАНКА САМОИЛОВСКА ЦВЕТАНОВА:

Благодарам госпоѓо потпретседател, почитувнаи претставници на Владата, почитувани пратеници. На таканаречената маратонска седница беше кажано многу во насока на една аргументирана дискусија од страна на опозицијата за неподржување на легализацијата на Тетовскиот универзитет. И мислам дека ги расчистивме дилемите дека ВМРО-ДПМНЕ како најголема опозициска партија е против високото образование на младата популација од албанската етничка заедница и мислам дека на македонската јавност и стана јасно дека ВМРО-ДПМНЕ се залага за високо квалитетно образование и за високо образовни институции кои ќе ги задоволат не само домашните, туку и европските стандарди, бидејки секој малку разумен човек е свесен дека иднината и перспективата на оваа држава е токму во високо образовани, но квалитетно образувани професионални млади кадри. На истата таа седница беше многу говорено за основните стандарди кои треба да бидат реализирани со цел да се оформи една високо образовна институција, тоа се просторот, кадарот, опремата и финансиите. Мислам дека многу аргументирано настапивме во насока на докажување дека ниту еден од овие критетиуми, или стандарди не е задоволен со цел да се оформи овој трет таканаречен тетовски универзитет. Беше кажано и за потребата, неопходноста од потребата на високо образование на младата албанска популација во РМ и колку истото тоа досега во моментов е задоволено. Јас би сакала да повторам колку е тоа задоволено и преку кои форми. Значи најнапред би го спомнала Штуловиот универзитет, една исклучително високо образовна институција која ги задоволува и домашните и европските стандарди, институција која е подржана од страна на

Меѓународната заедница во која се финансирани 60 милиони американски долари и за која државата зеде обврска дека во следните години ќе го превземе целосното финансирање. И токму затоа нашиот предлог беше наместо овие средства, државни, значи од Буџетот на РМ да се прелеваат во таканаречениот Тетовски универзитет, едноставно да бидат пренасочени, или пренаменети за Штуловиот универзитет кој е апсолутно докажан во смисла на квалитетна висока образовна институција. Понатаму, своето право на образование албанската популација го задоволува преку квотата на државните универзитети, или таканаречената позитивна дискриминација и Педагошкиот факултет со што значи тие во високо образовните институции се застапени со процент од 10%, значи не од 2%како што досега се манипулираше во јавноста и ова е официјален податок, значи најнов податок од Државниот завод за статистика. Исто така, обрнавме внимание дека во Тетово на само неколку километри квадратни ќе функционираат три универзитети, значи Штуловиот универзитет, потоа таканаречениот нов државен Тетовски универзитет и останатите нелегализирани 8 универзитети од малоречанскиот универзитет, со што директно се кршат сите препораки од европските образовни системи, бидејки наместо деконцентрација, имаме апсолутно концентрација на високо образовни установи. Деконсцентрацијата на високо образовните установи е еден од основните принципи кои треба да се задоволат со цел да се следат европските стандарди за високо образование, или за високо образовните европски системи, односно нивно рамномерно распределување на територијата на државата со цел тие да бидат просторно блиски на барателите на услугите на високо образовните институции. И ова е од особено значење за државите со низок стандард, значи со цел да им се овозможи на истите тие баратели со помалку материјални трошоци да им се овозможи студирање и достапност до високото образование. Значи, ние и во овој поглед не ги следиме европските стандарди и препораки. Затоа јас не случајно пред малку кажав дека Владата апсолутно е декларативна во своите заложби за следењето и задоволувањето на европските стандарди со цел побрзо вклучување во евроинтегративните процеси и како крајна цел се разбира полноправно членство во ЕУ.

Нешто што во изминатиов период го предизвика моето внимание е оној проект доставен до Собранието, односно само неколку проекти, ако воопшто може да се нарече проект и на листата на идни предавачи забележав дека се наоѓаат имиња на голем дел од пратеничката група на ДУИ. Значи, имаме конфликт на интереси и

предмет за Антикорупциската комисија. Мислам дека ова е преседан пратениците од владеачката коалиција да си гласаат формирање на универзитет со цел да си обезбедат понатамошен свој иден професионален ангажман. Морам да кажам дека ВМРО-ДПМНЕ апсолутно овој предмет ќе го достави на разгледување до Антикорупциската комисија и доколку оваа Влада се декалрира како Влада која е апсолутна против корупцијата и е антикорупциски настроена, се надевам дека со особено внимание ќе го разгледа овој момент. И уште нешто вчера што го разбрав тука од еден пратеник од ДУИ дека тој е член на Одборот на акредитација. Исто така имаме конфликт на интереси.

Во меѓувреме во јавноста се произнесоа голем број од интелектуалната елита и од академските граѓани во насока на аргументирано недавање подршка за легализација на Тетовскиот универзитет. Јас би ги споменала само Друштвото на писателите на Македонија, ПЕН Центарот, Ректорската управа излезе со мислење и заклучоци, Сенатото, Природно-математичкиот факултет и т.н. Но, очигледно дека и владеачката коалиција апсолутно го дезавуира мислењето на најголем број на интелектуалната и академската елита во РМ. Бидејки јас на таканаречената маратонска седница неколку пати се јавив со дискусии, мислам дека беше кажано во најголем дел она што сметавме дека треба да го кажеме и да го слушне макеоднската јавност. Би повторила дека историската одговорност за формирањето, или легализацијата на овој универзитет директно ќе си ја сноси владеачката коалиција, а ние во моментов како опозиција иако ги искористивме сите наши демократски и легитимни средства за една политичка борба во парламент со цел да и обрнеме внимание на владеачката коалиција и парламентарното мнозинство дека апсолутно станува збор за еден универзитет кој не ги задоволува домашните и европските стандарди за високо образование, нема да имаме, без разлика што ќе биде изгласан на крајот од седницата, нема да имаме никаква морална сатисфакција бидејќи последиците ќе бидат негативни и далекусежни, а најповеќе за младата албанска популација коај за жал ќе се стекне со квази, односно неквалитетно образование и која нема да може на пазарот да се носи рамноправно со своите врсници, нема да може да биде целосно интегрирана во општеството и едноставно ќе биде извор на дополнителни фрустрации.

На крај ќе завршам со констатацијата дека се она што не беше реализирано од страна на иницијаторите на оружениот конфликт во 2001 година што не беше реализирано по пат на оружен конфликт во 2001 година, за жал денеска на многу елегантен начин се реализира преку законските проекти на Владата на г-динот

Бранко Црвенковски. Неслучајно кажав дека историската одговорност ќе ја носи токму актуелната владеачка коалиција.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г-динот Невзат Бејта.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Ве поздравувам сите, го поздравувам г-динот министер, сме во една дебата околу донесвуањето на законот за официјализација на Тетовскиот универзитет како државен универзитет, но репликата ја вршам врз пратениците на макеоднската опозиција на ВМРО-ДПМНЕ, бидејки често ги повторуваат говорите на едни и други и јас имам еден мој израз што го користам често пати, незнам дали имаат уши, но не се слушаат едни со други, очи имаат, а не гледаат што прават во овој Парламент и вредноста на Парламентот паѓа, а Парламентот е највисок законодавен орган каде се дебатира за закони и се донесуваат закони кои закони одат во интерес на сите граѓани. И овој закон кој ќе се донесе денес ќе биде во интерес на сите граѓани во РМ. Но се обраќам на Ганка со едно прашање? Да ми објасни и да и објасни на јавноста, на целата јавност во земјава, посебно на албанската јавност, зошто има толку голема омраза врз албанското население кога станува збор за образованието на албанците во високото образованеи. Дали сака Ганка да ги види албанците само како земјоделци, сточари,како трговци, како работници, како нешколувани. Тоа време е поминато, ние живееме во почетокот на 21-от Век. На крај би спомнал, Ганка ако има користено литература дека во средниот Век англискиот филозоф Франсис Бекон рекол свои мисли според кои што повисоко да биде нивото на образованието на народот, општествениот живот ќе се подобри. Јас незнам што има лошо од образованието на албанската народност овде.  Мислам дека во тетовскиот универзитет како државен универзитет населението во Македонија ќе оди напред и ќе се унапреди во сите области во животот како од општествен, економски, политички и културен аспект и вака нашата заедничка држава ќе има една многу подобра перспектива. Ида не влегуваме во дебати, веќе илјада пати сме објасниле што е државен универзитет, а што е приватен универзитет. Државен универзитет е кој влегува во  фазите на институциите и државата се грижи со сите органи што ги има самата држава.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Бејта јас би ве молела и вас и сите колеги при обраќањата, сепак да се обраќаме соодветно како што прилега меѓусебно на колеги пратеници.

ГАНКА САМОИЛОВСКА ЦВЕТАНОВА:

Господине Бејта, јас за вас не сум Ганка, туку сум пратеничката, или госпоѓа Самоиловска. А вам не ви должам ама баш никакво образложение.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г-динот Талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Благодарам почитувана потпретседателке , почитувани колеги, госпоѓа Самоиловска драго ми е што денеска како пратеничка прво како жена не сте фрустрирани како што бевте на претходната сеанса, навистина ми е драго што оваа дебата влијаеше да бидеме многу повнимателни. Јас реков и вчера во мојата реплика на г-дин Кедев, дека и ние ја имаме истата болка за прашањата на квалитетот и на стандардите. Но, нашиот став е дека прашањето на квалитетот и стандардите е одговорност на државата, а не на политичките субјекти во РМ. Затоа и инсистираме прашањето на Тетовскиот универзитет да биде под чадорот на државата, да биде финансиран од државата и да се контролира од нејзините соодветни институции кои што се мериторни за потврдување на стандардот и на квалитетите. Ние можеме да водиме политика овде цел ден, но не сме тие кои што ги вреднуваме квалитетите и стандардите за една научно образовна институција како што е универзитетот. Говорите за објекти, за пари, за кадри. Тоа е државата која што треба да ги обезбеди овие предуслови. Говорите за универзитетот на Југоисточна Европа кој што ги исполнува потребите на албанците во Македонија. Не, госпоѓо Ганка Самоиловска, почитувана пратеничке, универзитетот на Југоисточна Европа е приватна институција, колеџ којшто е финансиран приватно. Немаме ништо против тој универзитет. Говорите за 10% дека 10% на квотите ги исполнуваат потребите на албанците за високото образование. Не, госпоѓо Ганка Самоиловска, од причина што математиката е егзактна наука, од 30 илјади студенти на Скопскиот и Битолскиот универзитет, 10% не значи дека имаме 3 илјади албанци. Ги немаме денеска и 60 години наназад, ги немаме. Затоа ние денеска немаме лекари во Танушевци, во Корито, во оние населени места каде што треба да ги имаме, а да не

зборуваме за професори, доктори, за магистри за кои што сите ние зборуваме. Конфликт на интереси? Нема конфликт на интереси од причина што има рецензиона комисија и соодветна комисија матична која што треба да ги направи сите работи кои што произлегуваат од актот на основање на Тетовскиот универзитет. И ова е прашање кое што ќе се верифицира во работата и со работата на Комисијата. Затоа забелешките во однос на она што е албанско, треба да ги оставите на страна. И мене како пратеник уште еднаш ќе кажам ме изненадува вашето однесување како опозиција, особено однесувањето на лидерот, за кој како бивш министер за финансии имав навистина почит, но денеска го гледам г-динот Груевски поинаку, значи за жал, негативен Груевски.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колеги, само уште нешто би спомнала. Колеги,нам навистина дефинитивно ни треба еден еснафски договор како колеги пратеници за начинот на меѓусебна комуникација и обраќање меѓу себе и кон јавноста. Затоа што премногу често ни се случува во своите изјави, во своите говори да направиме некакво прекршување на некое правило на пристојно и добронамерно однесување. Сега бевме сведоци на пример на една класична дискриминација или квалификација по родова основа, ако сакате. Беше спомнато , фрустрација како жена. Такви зборови, такви квалификации не се пригодни. Тие во моментот ме навредуваат мене како жена, во друга ситуација ќе навредат некој колега маж по друга основа. Немојте колеги,јас верувам дека намерата не била лоша,меѓутоа во крајна линија ефектот е лош. Затоа јас и понатаму , еве повторувам и за оние колеги кои што не беа присутни на почетокот на ова продолжение кога најавив дека ќе барам координација со сите пратенички групи за да се договориме за меѓусебната комуникација. Мислам дека тоа навистина ни е потребно и заради нас самите и заради јавноста.

Процедурално, господинот Талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Госпоѓо потретседател, мојата процедурална реакција е во вашиот коментар на мојата реполика. Жалам доколку лошо сте ме разбрале во мојот говор, но ми причинува задоволство што не гледам една фрустрација што беше на претходната седница во позитивна конотација, а не да навредам.

Примерот што го зедов со лидерот на ВМРО-ДПМНЕ како бивш министер кој преку екранот го запознав како министер и од професионален аспект на вршењето

на должноста министер имав високо мислење за истиот, но за работите овде кои ги гледам тоа беше прашање на објасвување, а доколку мислевте поинаку, тогаш жалам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во ред, инаку го применувам истиот принцип и пред малку процедуралните изјаснувања имаат предност пред репликите.

ГАНКА САМОИЛОВСКА ЦВЕТАНОВА:

Господине Џафери кој ви го даде правото вие да ја разгледувате и дискутирате мојата психолошка состојба. Ниту сте меродавен ниту сте компетентен за такво нешто. Кој ви го даде правото да ја разгледувате личноста на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ. Тоа е само одраз на вашата немоќ, како што вчера кажав, со контра аргументи да настапите на нашите аргументи.

Што се однесува за процентот, земетего извештајот од Државниот завод за статистика точно дека се бројки и дека математиката е егзактна наука и токму таму ќе се уверите во бројките дека албанската популација е застапена со 10% во високо образовните институции, а дали пратеничката група односно пратениците кои ќе го изгласаат и ќе си го формираат овој универзитет е предмет на Антикорупциската комисија и конфликт на интереси, се надевам дека тоа ќе го докаже или ќе го каже крајните збор Антикорупциската комисија.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Процедурално г. Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Госпоѓо Поповска во рамките на минатата расправа за оваа точка еден член од редовите на пратеничката група на ВМРО веќе интервенираше во смисла на тоа дека во Република Македонија, во нашиот правен систем постои соодветен закон кој го третира и регулира прашањето на топонимите имињата на градовите и населените места во земјата.

Ние познаваме, согласно тој закон, како што ги толкува работите дека главен град на Република Македонија е Скопје и дека долу на југ непосредно до границата со Република Грција е Битола.

Доколку сметате дека треба да се употребуваат топоними кои не соодветствуваат со географскиот и историски назив на имињата, би сакале тоа да ни биде јавно кажано овде во Собранието на Република Македонија за да знаеме конечно како да употребуваме и други соодветни термини кои ќе бидат на македонски јазик.

Ова е веќе втор или трет пат, ако добро ме служи помнењето, во рамките на расправата по оваа точка кога одредени пратеници употребуваат имиња кои несоодветствуваат со реалноста.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Трендафилов, јас го слушам македонскиот превод, таму тоа не можев да го забележам, инаку се согласувам со вашиот начелен став.

Госпоѓа Весна Борозан за реплика.

ВЕСНА БОРОЗАН:

Со внимание го следев излагањето на колешката Самоиловска, сакам да и го поставам прашањето на што таа опонира.

Да направам кратко резиме на она што колешката го искажа. Таа воопшто не ја спори потребата од високо образование на албански јазик во Македонија. Таа воопшто не спори дека се потребни Владата да издвои одредени финансиски средства и да ги упати во финансирање на високото образование на албански јазик.

Искажа одредени сомневања во врска со квалитетот на идната високо образовна институција во Тетово, меѓутоа тврдам макар да тоа е кажано веќе неколку пати досега, дека ниту таа ниту колегите тука се надлежни да го ценат квалитетот на универзитетот во Тетово. За тоа постојат државни институции како Одборот за акредитација и институции за соработка меѓу универзитетите како Интеруниверзитетската конференција и тие ќе го кажат својот збор за квалитетот на идната институција.

Се надевам дека во својот зор таа не сакаше да упати порака до членовите на овие институции дека тие се некопетентни да го ценат квалитетот на високо образовната институција.

Исто така во врска со тоа колку досега е сторено по прашањето на високото образование на албанците во Македонија, ја спомна Педагошката академија, ангажманот таму очигледно дека не е доволен и го спомна Универзитетот на Југоисточна Европа.

Уште еднаш децидно да повториме, Штуловиот универзитет е приватна институција, не може да се земе во предвид дека со овој универзитет е решено прашањето на високот образование во Македонија.

Значи, ако не ги спори основните елементи за основање на универзитетот во Тетово, тогаш испаѓа дека го спори воопшто формирањето на универзитетот во Тетово, на што мислам дека нема право односно и испраќа порака на Владата дека Владата треба да ги упати финансиските средства спрема Штуловиот универзитет, а не спрема новиот универзитет во Тетово кој планира да го основа.

За вакво нешто колешката навистина нема право. Владата врз основа на гласовите, мандатот добиен од народот, има право да предлага проекти, има право да ги насочува финансиските средства од Буџетот според своите видувања и според своите проекти.

Во конкретниот случај се работи упатување на средства за финансирање на високо образование на албански јазик по студиски области кои Владата смета дека се од јавен интерес односно дека таму треба да ги упати финансиските средства и финансирањето во државата.

Благодарам.

ГАНКА САМОИЛОВСКА ЦВЕТАНОВА:

Госпоѓо Борозан, а кој ви го даде вам правото да ми кажувате за што имам право да зборувам во Парламентот или за што имам право и како да размислувам.

Во вашето прашање на што јас опонирам, вие сама го дадовте одговорот. Опонирам на неквалитетно високо образование кое не ги задоволува ниту домашните ниту европските стандарди. Штуловиот универзитет, па дали вие знаете дека Владата, државата презеде обврска да го преземе финансирањето во следните години на Штуловиот универзитет, што значи дека нема ние за неколку години ќе имаме на неколку километри квадратни два државни универзитети.

Вие како универзитетски наставник дали знаете што значи деконцентрација на високото образование и дека е тоа еден од основните принципи кои треба да се задоволат со цел да се следат европските образовни системи.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме понатаму, збор има госпоѓа Теута Арифи.

Само момент госпоѓа Арифи, министерот сака да се обрати.

Повелете г. министер.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Не знам дали во склоп на реплика, веројатно јас имам право на три минути. Дали може така?

Не сакам да навлегувам во коментари кои се мотивирани од позиција на партиите кои се легитимни во ваков Парламент, но во однос на некои искажувања мислам дека би сакал да кажам, повеќе за јавноста, да се разјаснат некои работи иако од самото излагање и на госпоѓата пратеник Самоиловска беа дилемите и позицијата од една политичка партија кои се на база на нивните согледувања што исто така можат да бидат за почит, но сепак мислам дека некои работи не се точни од следните причини:

Прво, бројот на албанците и другите заедници во постојниот високо образовен систем, а посебно во Скопје дека е 10%, јас и на Комисијата реков дека тие бројки ги дадов од Заводот за статистика дека при дипломирањето тие се од 2 до 5,6% зависно од годината, тоа може да се подели и по факултети, точен е фактот дека не 10%, туку политиката на Владата во склоп на Законот за високото образование има интенција и порано и сега во склоп на уписната политика да бидат соодветно застапени спрема процентот на населението што е повеќе од 10% и за албанците каде има место и за другите. Но, за жал, поради познатите факти и состојби таа политика не успеа да се реализира освен на Медицински факултет, Фармацевтски факултет, Стоматологија и може во право и економија каде има простор поадекватно да се користи.

Значи, не е точно дека процентот вкупно, како што не е точно дека и за македонската заедница таму каде што нема интерес не се исполнува бројот кој е предвиден со самото решение на Владата поради незаинтересираност.

Од друга страна се кажува дека има договор на Влада да се финансира Штуловиот универзитет и тоа не е точно, точно е дека Владата за порано не знам, но сега јас како министер размислуваме дека во Штуловиот универзитет има јавен интерес и во согласност со законските решенија што постојниот закон ги дава ние ќе ја разгледаме можноста во тој универзитет да го реализираме јавниот интерес преку тој универзитет како и преку другите што ќе биде предмет на анализа преку Советот за високото образование.

Тоа е она што е точно и мислам дека пак велам не се исклучува можноста затоа што тоа со закон е предвидено и во согласност со нашите јавни одговорности ќе имаме можност да го реализираме во нашата идна политика.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика госпоѓа Ганка Самоиловска Цветанова.

ГАНКА САМОИЛОВСКА ЦВЕТАНОВА:

Господине министре, јас сум толку пријатно изненадена што по толку долго време го слушнав вашиот глас и коментар како ресорен министер за оваа проблематика и дури бев во дилема дали воопшто да ви контра реплицирам, но само ќе ви кажам дека манипулирате со процентите, значи вие зборувате за процент на дипломирани албанци, јас зборувам за актуелни студенти и процент на актуелни проценти на постојните високо образовни институции. Дали тие ќе дипломираат или не тоа е веќе волја, капацитет, желба, на запишаните студенти.

Значи, вие само потврдивте дека и Штуловиот универзитет во догледно време ќе стане буџетска институција односно државен факултет и дека во догледно време за само неколку години ќе имаме два државни универзитети на територија од два км$^2$.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Мислам дека не кажав тоа што вие го велите, друго кажав.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господинот Спиро Мавровски за реплика.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам госпоѓо потпретседател, господинот министер конечно го слушаме, се јави по чекање од 5-6 дена, но и сега повторно ја дезинформира македонската јавност. Со овие малку реченици што ги искажа не кажа ни кој е државен универзитет ни кој ќе биде државен универзитет. Тоја значи не може да го признае Ван Дер Штуловиот универзитет, но од друга страна може да признае една граѓанска иницијатива каде во законот што ни го нуди повторно во членот 5 стои дека сите тие студенти кои завршиле на таа граѓанска иницијатива дека ќе бидат

признаени, завршени и ќе можат да се вклучат во овој нов државен тетовски универзитет.

Сега г. министер повторно ќе го повикаме да биде многу јасен и дециден. Тука се работи веќе за три универзитети, не се работи за два. Се работи за Ван Дер Штул, се работи за новиот тетовски универзитет кој треба да биде државен универзитет и за една граѓанска иницијатива за еден универзитет од Мала Речица.

Сега правите тотална конфузија кога не може никој повеќе да се снајде ниту нудите аргументи дека нешто од ова е вистинито. Јас не знам која беше целта на вашето обраќање, но со ова мислам дека воопшто ништо не разјаснивте, напротив, само ги зголемивте дилемите.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господинот Блаже Стојаноски за реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Благодарам госпоѓо потпретседателке, јас ќе бидам многу краток, сакам само да искажам неколку факти, а тоа е:

- имаме узурпација на Тетово табак каде што не е утврдена сопственоста односно треба да се утврди легалноста кој е сопственик на тој објект,

- имаме насилство при преземањето на тој објект,

- имавме пред неколку дена одржување на чествување во истите тие простории каде што се вееше албанското знаме, каде беше пуштена албанската химна, а немаше никакво македонско државно обележје,

Ако овој принцип на работа, ако вакви просторни услови, ако поставувањето на работите во функција на основање на државен универзитет кој треба да го плаќа Република Македонија, а ќе произлезе од насилни дејствија и со непочитување на државните обележја на Република Македонија, на Уставоат на Република Македонија, ако се залагате за таков пристап кон оваа работа, јас сметам дека не сте во право.

Од друга страна доколку се направат просторни услови, доколку се направат образовни просторни стандарди, квалитетни помагала, учебници, квалитетен кадар кој држат настава на овој универзитет, доколку би се решило прашањето на иднината на Штуловиот универзитет во контекст на овој државен универзитет кој се предлага да се основа, доколку би се поставило на јасен начин прашањето што со

дипломите на оние кои диво студирале по програма која не била воопшто под државна контрола, тогаш веќе може да зборуваме за решавање на прашањето на високото образование на албанците, а не едно вакво палијативно решение создавање на нов универзитет покрај веќе постоечки Штулов универзитет и покрај еден див универзитет што останува нелегализиран, а со ова вие не легализирате ништо, вие не ги легализирате дипломите затоа што допрва треба да се подложат на тестирање, а од друга страна кажувате дека работењето на досегашниот универзитет во Мала Речица произлегувал од граѓанска иницијатива. Што ќе легализирате вие или што ќе потврдувате?

Дали граѓанската иницијатива, едно граѓанско здружение кое денес би почнало да работи и да каже дека има намера да работи како универзитет ќе биде предмет на легализација доколку задутре некоја партија која ќе застане зад него покаже политичка волја да се легализира она што тие го прават.

Значи, зборуваме за уставност, зборуваме за законитост и зборуваме за насилство со притисок, со насилство се постигнуваат цели кои треба да претставуваат образовни цели, а во суштина единствено претставуваат политички договор помеѓу одредени политички партии.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има госпоѓа Теута Арифи.

Простете госпоѓа Арифи не видов дека беше пријавен г. Трендафилов е последен пријавен за реплика, очигледно.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

На почетокот на дебатата за оваа точка кон крајот на минатата година на министерот за образование му беше поставено прашањето освен со тоа што во овој момент оваа т.н. граѓанска иницијатива располага со неколку декари нива, освен тоа што целата иницијатива треба да послужи да се заташкаат финансиските малверзации на ректорот на т.н. малоречански универзитет кој можеби не е добар педагог, но се покажува сега засега дека добро тргувал на македонската берза.

Освен констатацијата при донесувањето на Буџетот за 2004 година дека ние ќе штедиме и ќе бидеме рестриктивни, но ќе се обидеме функциите на државата да се одвиваат непречено, од каде тогаш наеднаш доаѓа Министерството за образование кое е соочено со сериозни финансиски проблеми, доволно е да го

видите дописот од ПМФ кој тврди дека државата не е во состојба, едвај е во состојба половина од потребните средства да ги префрли, Владата на г. Црвенковски наеднаш решава да се расфрла со пари за проект кој пред пратениците нема апсолутно никаква финансиска конструкција.

Станува збор за збирка на желби и раскази преку онаа, таканаречена програма за која зборувавме во текот на минатата година дека одредени лица се согласни да извршуваат воспитно наставна дејност на малоречанскиот универзитет, што владиното мнозинство има намера да го донесе до крајот на овој ден, најверојатно, но не постои сериозна финансиска конструкција.

Да не се повторуваме, но ние овде читавме со каков технички материјал располага оваа таканаречена граѓанска иницијатива, па таму имаше смешни примери дека располагале со седум-осум табли, пет-шест сунгери, десетина креди, две кофи за вода, најверојатно за таблите. Со ништо друго не располага, а очекуваат и верувам дека тоа ќе се случи, до колку Владата си остане на нејзиното мислење, најверојатно ќе остане. Понатаму се очекува да се узурпира простор од другите факултети. Претпоставувам дека Универзитетот “Свети Кирил и Методиј”, факултетите во рамките на тој Универзитет ќе се соочат со барање или интервенции од Министерството за образование, како што досега Министерството за образование комуницираше, дека од утре почнува настава во тој и тој објект. Тоа го видовме во Битола, тоа го видовме во Куманово, тоа го видовме во Скопје. Овде не постои конструкција, каде што и колику ќе чини.

Некој од пратениците денес зборуваше за фолклор. Најверојатно министерот ќе заврши во некоја новокомпонирана песна, затоа што, еве, успеал на, незнам 5000 луѓе во земјава да им овозможи да се стекнат со диплома и потоа најверојатно тие ќе треба да завршат во државната администрација. Не гледам каде на друго место би завршиле.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплики повеќе немаме, одиме со дискусија.

Повелете госпоѓа Арифи.

ТЕУТА АРИФИ:

Почитувана госпоѓо потпретседател, почитуван министре, почитувани пратеници,

Дозволете ми моето денешно излагање да го започнам со една мисла која вели “човечкиот суверенитет лежи во знаењето”.

Во ова време кога е актуелно да се говори за разни суверенитети, ограничени или не, индивидуалниот суверенитет на човекот што знае, на учениот човек е неспоредлив и не може да се оспори. Нема ништо похумано туку прогресивно на овој свет, отколку желбата за знаење. Само тоа големо движење на човечкото битие за да се постигнат најголемите височини на знаењето, а го има носено ова човештво напред. Универзитетите претставуваат највисоко ниво на образовано знаење. Затоа отварање на секој универзитет ширум светот, претставува голема радост за оние кои се за знаењето. Додека пак отварањето на тетовскиот универзитет од страна на државата, претставува повее од радост. Тоа е одговорност која ја презема државата и гарантира дека тетовскиот универзитет ќе се придржува кон стандардите и потребните критериуми.

Одговорност на државата е да го реши статусот а студентите кои дипломирале, или пак сеуште студираат во тетовскиот универзитет и кои во текот на сиве овие години, за жал немаа решен правен статус.

Почитувани колеги, самиот факт дека ние со толкава енергија полемизираме околу пршањето за тетовскиот универзитет, говори за тоа дека бил погрешен пристапот на институциите во решавањето на овој долгогодишен проблем и за тоа колку ова прашање има меѓуетничка димензија. Од таа димензија ова прашање секогаш било посебно затоа што самиот факт, самиот момент кога беше поднесено барањето за основање на универзитет на албански јазик, тогашните власти, разните партии, македонски, зависно од тоа дали беа на власт или опозиција, немаа храброст да му пристапат на овој проблем и да се заземат за него. Напротив барањето за отварање на тетовскиот универзитет, за да се има еден универзитет на албански јазик се стигматизираше и се нарече барање за поделба на Македонија. Пристапот каде еден ентитет, во овој случај македонците сакаат на другиот ентитет, во овој случај албанците да им ја импонираат количината, времето и начинот на високото образование е политички погрешен пристап. Албанците сакале и сакаат сами да одлучуваат за начинот, формата, количината и времето на високото образование, а од друга страна ценат и благодарни се за секоја помош која се нуди на нивното високо образование, било тоа да е од меѓународниот фактор, така и од македонските колеги.

Не може да се оспори фактот дека за законот за кој разговараме денес, во однос на статусот на високото образование, претставува највисоко достигнување во

високото образование. Тоа не претставува само наше достигнување, туку пред се претставува легитимирање на повеќегодишното жртвување на оние кои сакаат една ваква институција.

Претставува особено чест да се биде дел на еден ваков парламентарен состав кој носи една ваква одлука за основање на универзитет. Ние не сакаме да го присвоиме ова постигнување затоа што мислиме дека универзитетите се надпартиски, дека универзитетите живеат повеќе од зборовите што ние ги искажуваме во овој Парламент, затоа што вредностите кои ги градат универзитетите се многу поголеми одколку дневните политички изјави,.

Болонскиот универзитет основан пред 800 години. Многу политичари оделе и се враќале, меѓутоа немало подолг живот од овој универзитет чие име го содржи декларацијата за образование.

Сепак сакам да истакнам дека со усвојувањето на овој закон, интелектуалната и академската албанска елита ја презема одговорноста за квалитетот во универзитетското образование.

Сега почитувани колеги дозволете ми да констатирам со жалење дека  едно прашање толку интегрирачко интегрирачко како што е универзитетот, наместо да интегрира, дезинтегрира, а тоа не треба да е така. Со основањето на тетовскиот универзитет не добива една албанска партија, а губи друга албанска партија, туку тоа е во корист на граѓаните и на студентите кои ги претставуваат. Со основањето на унвиерзитетот не добиваат албанците, а губат македонците. Напротив сите, цела Македонија се стекнува со една легална високообразовна институција. Со овој универзитет не губи тетовскиот универзитет, а губат од друга страна Скопскиот и Битолскиот Универзитет како и тој на Југоисточна Европа, туку напротив се добива уште еден елемент за натамошна конкурентност. Токму ова е пристапот кој треба да го преземеме за целосна деполитизација на високото образование.

Оваа парламентарна сесија покажа дека, за жал многу често, преголемата политизација, не прешироките дискутирања, само со политички пристап кон универзитетските прашања, не прават друго освен да го проблематизираат и да не одвлечат од универзалната визија на ова прашање. Гласајќи го овој закон, ние треба да отвориме еден пат за деполитизација на образованието, доколку сакаме да станеме конкурентни на образовниот европски пазар. И не само ова. Од вас почитуван министре очекуваме да ги обезбедите потребните стандарди и посебно да обезбедите академска автономија и слобода во институцијата.

Јас верував дека ќе дојде време кога студентите од сите четири универзитети ќе дојдат пред овој Парламент ќе бараат подобри услови за сите, како и компјутеризирана настава за сите. Јас верувам дека еден ден сите четири универзитети, а можеби евентуално и други ќе можат да се основаат во иднина, ќе изградат заеднички стратегии за да станат дел на универзитетските мрежи во светот каде што се влегува со квалитетни резултати, а не од атар. Верувам дека универзитетите ќе најдат сила да се реформираат, да станат дел од светските универзитети. Јас верувам дека тие ќе образуваат една генерација на студенти кои ќе го развијат своето критичко размислување, а не сервилноста кон дневната политика, кои ќе се продуховат со високите европски идеали, а не од празните муабети на балканските чајџилници. Јас верувам во ова и сакам да верувам во ова. Јас верувам дека од сега натаму прашањето на високото образование нема веќе да биде прашање на дебата, дали можам или не можам да се образувам во еден универзитет на албански јазик, туку прашање на дебата ќе биде дали ќе има или не квалитетно образование. Затоа почитувани колеги ова мое излагање сакам да го завршам со мислата која вели дека желбата да се знае е најхуманата желба на човекот, желба која човекот го направила човек.

Поддржувајќи го овдешниот закон ние само ја институционализираме оваа желба и придонесуваме кон натомошно хуманизирање на нашето општество и едновремено покажуваме толерантност дека образовните прашања и покрај се се главни и дека водат кон толеранција и развој на општеството.

Благодарам.

(Со седницата продолжи да раководи претседателот на Собранието, Љупчо Јордановски).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарма госпоѓо Теута.

Реплика има господинот Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

И покрај сета слаткоречивост и оваа проевропска обланда од претходниот дискутант, сепак не можеме да заборавиме, само пред еден час, еден од редовите на партијата на која припаѓа и претходниот дискутант, инаку клучен коалиционен партнер, беше констатирано дека универзитетот за кој ние сега расправаме и за кој се очекува конечно да добие мнозинство во Парламентот, сепак ќе биде нивни.

Значи ова можам само да го сфатам во насока да се обиде да заборавиме што се зборуваше до пред само еден час.

Што се однесува до обидите или до таканаречените балкански чајџилници, во контекст на таа 800-годишна традиција на Болоњскиот универзитет, да не заборавиме дека родоначалникот на цело едно движење од кое подоцна и се роди Болоњскиот универзитет, му припаѓа на Петрарка кој сосема случајно филозофија студирал во Цариград и еден прилепчанец кој се викал Глигорија Кинден. Значи ние како земја можеме да се пофалиме и со далеку поголема универзитетска традиција, за тоа што и патронот на македонскиот народ, Свети Климент, не ни е потребна слаткоречивоста и обландата за да знаеме во рамките на политичките напори кои произлегуваат од ВМРО, што сакаме за својот народ, и за својата земја.

Ова за кое денес расправаме и кое е на дневен ред, апсолутно не оди во правец на европска интеграција на Републиа Македонија.

Во Тетово, во рамките на Вандерштуловиот универзитет, во рамките на наставната програма која се нуди, во рамките на јазиците кои можат да ги одберат студентите на кои сакаат да студираат, можеме да забележиме траги на обиди за заедништво и воспоставување заеднички европски принципи. Во рамките на оваа таканаречена граѓанска иницијатива, оваа нелегална, оваа дива иницијатива, не можеме да забележиме ни најмал обид за интегрирање и чувство за заедништво, чувство за припадност кон македонската држава.

Не треба можеби да спомнам но ќе спомнам само да се потсетиме на кој начин беше одбележана годишнината од формирањето на овој таканаречен универзитет во Тетово. Немаше ниту едно одбележје на македонската држава, но сепак бессрамно се бараат пари од македонската држава, да се финансира таа приватна забава на господинот Црвенковски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓа Теута, имате една минута.

ТЕУТА АРИФИ:

Начинот на моето дискутирање или слаткоречивост може да ви се допадне или не. Мислам дека така треба да се говори, на културен начин, во еден парламент.

Друго, уште еднаш сакам да го повторам нашиот политички став дека ние не ги присвојуваме и не се обидуваме да ги присвојуваме универзитетите затоа Што

навистина сме убедени дека тие се над оние работи што ние секојдневно ги кажуваме тука.

Прашањето на интеграцијата, колку може да се постигне интеграција, разните ентитети во рамките на институција, тоа се прави доколку таа инситуција е легална и после усвојувањето на овој закон ќе претставува одговорност на државата да обезбеди тој универзитет да создаде услови за да се офатат повеќе етнички групи. Јас ве уверувам дека на тетовскиот универзитет нема да студираат само албанци. Ова го кажувам со полно верување.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика има госпоѓа Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Од излагањето на колешката Арифи јас не разбрав што досега ги спречувало младите студенти албанци да се стекнат со високо образование. Што е тоа што ги спречувало колегите албанци да се стекнат, за да на крајот и тие студенти и колешката Арифи станат радосни, како што кажа самата.

Колешката Арифи истакна дека албанците сакале сами да одлучуваат за високото образование.

Колешке Арифи, во Република Македонија постојат и албанци и македонци. Не може албанците сами да одлучуваат за своето високо образование. Сепак сите ние сме граѓани на Република Македонија, ако сте заборавиле.

Исто така колешката Арифи често пати во нејзините дискусии ја споменува и Европа и европската интеграција, па прашувам како мисли колешката да не примат во ЕУ или да не примат во тоа големо европско семејство кога самите предлози кои доаѓаат од извршната власт, а каде се наоѓаат и нивни претставници се секогаш разединувачки процеси. Никогаш не доаѓаат како интегративни процеси и ми дава за право да размислам дека колешката Арифи упорно, своите интереси и интересите на албанската заедница ги крие зад европската интеграција.

И уште еднаш ќе и кажам на колешката Арифи дека јас, моето дете по ниедна цена нема да го пратам да биде студнт на тетовскиот универзитет, овој предлог што денес сака да го усвои мнозинството и по цена да му ја одлвечам визијата за универзално високо образование.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпѓа Теута имате една минута.

ТУТА АРИФИ:

Пречката на албанците 50 години била, се разбира прашањето на јазикот.

Кога имате можност да учите на мајчиниот јазик, тогаш може да сте на студија, ако не тогаш немате можност.

Што се однесува до интересите, вие велите дека јас ги кријам интересите на албанското население зад европските интереси. Не. Ние јасно кажуваме дека интересите на албанците во Македонија и на другите граѓани тука е европски интерес. Секој што го сака својот народ, денес се ангажира за европски вредности.

Што се однесува пак за донесувањето на одлуките сами, тоа го велам затоа што многу често кога мнозинството се обидува да му импонира на другиот дел на населението, начинот и количината на правата, тоа воопшто нема ефект и не помага на интегрирачките процеси во државата. Тоа е многу позната филозофија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Караџоски имате три минути.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Госпоѓа Арифи ваша среќа е можеби што после 15 септември 2002 година власта премина во рацете на народот, па со помош и со благослов и на народот што го даде гласот на СДСМ, вашето повеќегодишно жртвување, еве денес или утре ќе ја добие конечната легализација. Тоа е, можеби, ваша среќа. Меѓутоа сакам да ве демантирам во една работа.

Во вашата дискусија цело време спомнувате четири универзитети, значи мислите на оние два постоечки во Република Македонија и мислите на Штуловиот и тетовскиот, како два тетовски универзитети. Токму тука е нелогичноста госпоѓа Арифи. Замислете ја сега нелогичноста.

Една заедница во Република Македонија, која според последниот попис во Република Македонија е застапена со 25,17%, како што некој милува да каже, добива два универзитети, наспроти македонскиот народ кој со последниот попис е 65% застапен, има свои два други универзитети. И сега вие цело време во вашите дискусии, на вашите колеги зборувате дека сте некакви си граѓани од втор ред во

Република Македонија. Ако вака ги поставуваме работите, јас не знам кој ќе испадне граѓанин од втор ред.

Значи, суштинско е токму тоа и во вашата дискусија се виде, на претходните седници еден ваш колега, поточно колега од ПДП кажа дека сака да си бидат господари на своето, што вие го потврдивте, албанците сакаат да имаат контрола и сами да одлучуваат за прашањата што стануваат нивни прашања па и за високото образование. Токму тоа ја потврдува онаа теза за која што овде упорно кажуваме дека не е во ред.

ЛУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Теута.

ТЕУТА АРИФИ:

Секако дека ние зборуваме реално за 4 универзитети, затоа што зборуваме за основање на 4-от државен универзитет. Затоа што еден е со приватен статус, не мислам дека двата универзитети само за македонците, а двата се само за албанците. Јас мисламдека четирите универзитети но и 5-от, и 6-от и 7-от, да имаме среќа да имаме повеќе да им припаѓаат на сите граѓани кои ќе учат за вредности кои ќе учат во ова општество. Што се однесува, уште еднаш не настојувајте да го коментирате лошо, за да мислиме самите за себе. Кога другите, мнозинството настојува да одлучи за тие кои се помалку, верувајте во филозовски е колонијален пристап. Да не почнеме да дебатираме за пристапот на ова прашање но не е во ред за албанските студенти некој кој никогаш не бил во Тетово да одлучува и да зборува за квалитетот на нивната настава.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Насуфи.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Ви благодарам господине претседател,

Јас мислам дека мирните дискусии, можат да се оценуваат како оправдани во демократски парламенти. Но, ние независно од тоа треба да дискутираме за темата. Госпоѓа Теута направи една јасна дистинкција. Универзитетот во Тетово и тетовскиот униерзитет. Треба министерот и Владата да излезат и јавно да го објаснат ова прашање. Министерот е овде. И министерот постојано се повикува да ја објасни оваа дилема, бидејќи е една транспарентна измама. Овде се однесува со легализирањето на тетовскиот универзитет или не. Ова е едно прашање.

Што се однесува до потребата дека е добро универзитетот и школувањете, ние целосно се согласуваме со тоа. Затоа и не сме против оснивањето на унвиерзитетите. Било каде да се и најмалку ние како албанци да бидеме против оснивањето на еден универзитет во Тетово. Но, и од овој аспект треба да објасниме да бидеме на јасно и од гледна точка дека што содржи законот во оваа насока повторно госпоѓа Теута остана должна како дел на парламентарното мнозинство да ни објасни поради тоа што исти факултети кои се отвораат со овој закон и со тоа кои се во Штуловиот универзитет каде со сета почит госпоѓа Тетута е декан, значи го акцептираме дека универзитет треба да се деполитизира, но дали со овие 4 факултети и со тоа Виското политехничко училиште кој е продукт на минатите системи, дали сме во иста бранова должина. Овој значаен елемент не го објасни госпоѓа Теута.

И ова не воведува во констатацијата дека повторно се оснива и политизира премногу оснивањето на еден нов универзитет. Ве молам. Ова важи за сите, а посебно за парламентарното мнозинство. Универзитет во Тетово има политичка предимензионирање. Акумулацијата на силата на ангажманот на албанците 10 години и повеќе за да имаат универзитет на албански ова треба да му одговори..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, три минути поминаа, ама три минути е Деловнички.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Претседателе Ве молам, нема што да ми благодарите, не ми го одземајте зборот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Три минути поминаа.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

(Зборува бес вклучен микрофон)

Немојте ова да Ви се повтори, да ми го одземете зборот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Деловнички е три минути ве молам.

Вие земете збор и зборете .

Вашите три минути изминаа.

Има збор госпоѓа Теута Арифи, контрареплика.

Повелете.

ТЕУТА АРИФИ:

Во рамките на оваа една минута сакам да кажам во оваа прилика дека со самиот факт и врз основа на членот 5 од Законот фактички со ставањето се обезбедува легализацијата над работата на универзитетот и студнетите кои студираат. Ова не го велиме само ние, тоа беше изјавено и во медиумите од страна на самите студнети и од страна на ректорот на тетовскиот универзитет. Ова е начин кој што мислиме дека е изнајден и коректен и единствен во овој момент како за легализација на статусот на студентите така и за решавање на овој проблем кој дефакто постои, а сега де јуре треба да се реши.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Само да ги прочитам кои имаат реплика сем Оровчанец Ѓорѓи, Замир Дика и Коце Трјаноски.

Повелете г-дине Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Благодарам, г-дине претседателе,

Јас очекував од госпоѓа Теута Арифи, да со повеќе аргументи пријде кон образлагањето во овие 10 минути за Законот кој што е пред нас, меѓутоа, оттука имавме само една политичка обланда за ЕУ, и космополитизмот на образованието, без да видиме во сето тоа ниеден елемент во смисла на аргумент за легализацијата или за незнаеме повеќе ни што е со формирањето на овој универзитет.

Баш напротив мене ме поттикна на реплика, тоа што кажа дека треба да го напуштиме политичкиот пристап кон се ова и да се осврниме кон високите идеали на универзитетите. Меѓутоа овде факт е дека сме ние исклучиво политички изманипулирани да се донесе нешто што едноставно не држи. Значи пристапот е крајно политички, и

Второ, околу спомнувањето на колонијализмот итн., итн., јас би ја запрашал госпоѓата Теута Арифи, каде е она образована, дали е во Македонија образована или некаде на друго место. И дали она како наставник може на Штуловиот универзитет да предава на нејзиниот мајчин јазик односно на албански јазик на нејзините студенти?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓа Тетута.

ТЕУТА АРИФИ:

Само да кажам дека доколку некој е многу заинтересиран за моето образование, дел од моето образование сум го завршила во Приштина, дел во Скопје и еден дел надвор.

Се разбира дека јас предавам на албански, предавам предмет по албански јазик не само во Универзитетот на Југоисточна Европа, туку и во Скопје, каде што се стекнав со мојата титула, а исто така сакам да го истакнам фактот дека студентите албанци треба да имаат можност да студираат на нивниот јазик во една државна институција а не само во елитни приватни институции. Не може само едната заедница да има државни институции кои овозможува сите да се образуваат бесплатно, а другата да има некои елитни приватни. Не може едната заедница да биде елитна, а другата да не биде.Дозволете и нам и ние да имаме можност да имаме не елилтно образование.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор за репклика има  г-динот Дика.

ЗАМИР ДИКА.

Благодарам, господине претседател,

Почитувани колеги,

Би се придружил во однос на дебатата за мисијата и улогата на високото образование, основањето на универзитетите околу Декларацијата од Болоња во една научна трибина, околу интегризмот, европеизацијата, космополитизмот, и тн.Меѓутоа сакам да ве потсетам дека ние тука сме во Парламентот и имаме мандат да говориме и да нудиме закони кои што ќе се одразуваат во секојдневниот живот на нашите граѓани.

Значи, денес ние за жал, не говориме за научни трибини, туку за конкретни одговорности за тоа со колешката би сакал да полемизирам, околу  конкретниот предлог, затоа јас би поставил неколку конкретни прашања околу овој закон кој вие го нудите, и за кое сносите одговорност, независно од романтизмот, универзализмот итн.

Владата изјави дека ќе оддели 1,4 милиони евра за основањето и работата на овој универзитет.          Точката 6.,2 од Рамковниот договор вели дека државата ги сноси трошоците за високо образование за заедницата која претставува над 20% да ми одговорите врз кои анализи сте ги понудиле, факултетите, истите факултети кои веќе ги имаат албанците, а не сте понудиле факултети како што е медицината,

биохемија други науки, кои што албанците ги немаат. Туку се нудат исти факулети кои што албанците веќе ги имаат и веќе ги следат на албански јазик. Врз оносва на какви анализи сте го направиле ова.

Колку студенти ќе се легализираат од универзитети, кој е бројот на студенти, кои учат, кои следат настава во универзитети, имајќи го предвид Законот за високо образование кој вели дека Владата е таа која ќе го детерминира бројот на студентите. Значи врз основа на средствата се утврдува и бројот на студентите. Што ќе се направи со тие студенти кои не студираат во тетовскиот универзитет туку кои студираат веќе на тетовскиот универзитет, на студиски програми кои не се опфатени со законот кој го предлагате вие. Овие се прашања во однос на кои треба да дебатираме. А не да говориме на една ваква значајна седница и околу едно вакво значјно прашање да бегаме од темата.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, повелете госпоѓа Теута една минута.

ТЕУТА АРИФИ:

Пред се би сакала да му се заблагодрам на г-динот Замир Дика, што ми укажа дека сме во Парламентот, а јас цело време сум мислела дека се наоѓаме на некое друго место.

Како второ апсолутно не претставува бегање од темата кога се говори за значењето на реализацијата на едно десетгодишно жртвување на едно бесконечно жртвување на луѓето и студентите од овој тетовски универзитет. Тогаш кога отворањето, легализацијата на овој универзитет се оспорува со аргументи кои не само што не се романтични туку се многу далеку од романтични.

Во однос на проблемите и начинот, и димензијата во однос на тоа кои факултети се отвораат а кои не, тоа што е значајно да се каже дека доколку сте ги анализирале студиските програми на факултетите во тетеовскиот универзитет, тоа не се студиски програми кои апсолутно на потпол начин, кои се содејствуваат со програмите на другиот универзитет. Исто така, треба да се истакне дека универзитетите и образовните процеси се динамични процеси кои имаат свој тек на развивање и ги предвидува времето и натамошниот развој.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сега е точно 14,00 часот, време е за пауза. Може репликите после пауза. Овие три. (Може)

Објавувам пауза до 15 часот.

(по паузата)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да продолжиме со работа.

Г -дине Трајановски имате реплика од три минути.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе, мојата реплика е согласно член 86 од Деловникот на Собранието на Република Македонија и се однесува на годоворот на г-ѓата Теута Арифи. Имено , таа во својот говор напомена дека министерот треба да обезбеди потребни стандарди за функционирање на новоформираниот државен универзитет, кој што треба да се формира во Тетово и кажа дека од сега натаму нема да биде прашање на високото образование на албанците туку на неговиот квалитет. Мислам дека говорот беше многу политички со многу малку аргументи во сите оние политички пораки што сакаат да се пратат до електоратот и ќе се обидам зошто е тоа така.

Мислам дека е главно што се однесува во стандардите и до решавањето на прашањето на високото образование на албанската заедница во Република Македонија , таа почна да се решава со Штуловиот универзитет многу квлаитетно и со многу високи стандарди. Впрочем, таму, како што беше и истакнато доста од претходните дискусии, се вложени повеќе од 50 милиони евра за опремување и за функционирање на тој универзитет, се со цел стандардите да бидат толку високи, за да бидат на нивото на двата универзитети во Република Македонија и пошироко, за даможат да котираат во западните земји. Значи слеани се многу средства, кои што најверојатно Република Македонија тешко ќе можеше еднократно да ги обезбеди и затоа се почна и со така да кажам и со приватна иницијатива во еден приватен универзитет т.е. недржавен кој што ќе почне да функционира во оваа форма до некој период, а потоа ќе биде преземен и од функционирањето на државата. Со ваков начин и со формирање на државен универзитет за високо образование на албанската заедница во Република Македонија , сметаме дека не се затвора прашањето, туку напротив, се отвора тоа прашање, бидејќи до колку се продолжеше и да се надградеше на овој начин преку Штуловиот универзитет, сметам дека ќе беше и комплетно решавањето на овој проблем, бидејќи никаде во проектот не е спомнато Штуловиот универзитет и начинот на кој што оној дел , овој парауниверзитет кој функционира во Мала Речица, што ќе стане со тој дел кој што

останува таму, бидејќи знаеме дека добар дел од факултетите кои што се на овој парауниверзитет, не се вклопени во предлогот, во проектот, кој што треба да биде за функционирањето на државниот универзитет во Тетово.

Значи останува една дилема и таа дилема сметам дека и понатаму го држи отворено тоа прашање и затоа сметам дека овој проект не е добар, особено што овој проект е проект врз основа на кој што треба да биде донесен овој закон , сметам дека е некомплетен.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута г-ѓа Теута.

ТЕУТА АРИФИ:

Секако дека ние немаме дилеми во однос на квалитетот, кој е обезбеден во Универзитетот на Југоисточна Европа, меѓутоа, едновремено сме и длабоко уверени дека во текот на сите овие години државата не презема обврска за обезбедување за високо образование на албански јазик. И, не само тоа. Поради лошите решенија направено е до денес студентите да останат без соодветниот статус. Затоа, моето излагање, а јас му се обратив и на г. министер, затоа што сметам дека со овој закон државата презема одговорност и треба да ја сносат одговорноста студентите во високото образование на албански јазик.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Г-динот Љупчо Балковски, три минути.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Почитуван претседателе, имам реплика до г-ѓата пратеник. Сакам да реплицирам односно и да поставам некои прашања, за да се разјаснат неколку работи овдека, затоа што после деноноќните седници што ги имавме за овој Предлог закон за основање на државен универзитет во Тетово, каде што позицијата, а посебно пратеинчката група од ДУИ воопшто не земаше збор во одбрана на овој универзитет, а денеска и вчера имаме дуга ситуација, каде што претставниците навистина се активни во излагањата. Меѓутоа, треба да се разјаснат неколку работи, а тоа се следните.

Дали политичката партија на ДУИ се залага за основање на државен универзитет во Тетово. Дали се залага за легализација на Мало Речанскиот универзитет или, денеска слушнавме и друг став, а тоа е дека државниот универзитет во Тетово, ќе биде ваш универзитет. Тоа го искажа ваш пратеник, каде што се кажа децидно дека ваш универзитет ќе биде ова што сега ќе го направи Собранието односно што ќе го донесе државата. Така што и министерот за образование и навистина треба да се разјаснат неколку работи,за да не се доведуваме во ситуација да се брани нешто што не може воопшто да се брани односно треба да се каже и албанскиот дел од оваа коалиција владина и македонскиот дел за што се залага. Затоа што, од една страна од лмакедонскиот дел на владината коалиција не знаеме за што се залагаат тие, меѓутоа, вие едноставно се залагате за три работи, меѓутоа, треба да кажете за што точно се залагате. Затоа што, не може да се залагате за државен универзитет, државата да ја има целосната одговорност, државата да ги даде сите средства, а вие да го нарекувате тој универзитет дека е ваш. Тоа неможе да биде.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Една минута г-ѓа Теута.

ТЕУТА АРИФИ:

Да бидеме до крај јасни, ангажирањето е многу јасно со Законот за основање на универзитет во Тетово, мислиме и уверени сме дека легализираме повеќе од 10 годишната работа на Тетовскиот универзитет на студентите кои таму го следат образованието, нивното образование.

ДУИ не претендира да прави сопствени универзитети и тоа го велам со полна одговорност, затоа што сме убедени и уверени дека нашите напори одат во насока на деполитизација на образованието на сите нивоа. Универзитетите им припаѓаат на студентите, на граѓаните , на луѓето кои студираат таму, а не на политичките партии и мислам дека сум многу јасна во тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Последна реплика има г. Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам г. претседателе.

Г-ѓо Арифи, вашите зборови од оваа говорница беа и премногу убави, слаткоречивоста беше очигледна. Но исто и вашите јавно искажани зборови дека поради нешто што не било реализирано од правата на македонците од албанско етничк потекло, вие како партија предизвикавте востание и се изборивте за дел од правата преку Охридскиот договор. На претходните седници, кои што тука денонoќно ги имавме, слушнавме дека ако не се оствари идејата и политичкиот договор за Тетовскиот универзитет, дека повторно ќе се земат пушките во раце и на тој начин ќе ги реализирате правата. Сега, незнам, дали ова денес што го зборувате, го слушнав и она што е вашето право лице или она што го слушав пред еден месец, исто пак од вас. Г-ѓо Арифи, никаде, ни во Европа, ниту во светот прашањето за високо образование не е предмет на политичка одлука , а посебно по етничка основа. Тоа општество во кое се беше предмет на полтички декрет, мислев дека е далеку зад нас. Но, вие не убедувате дека тоа не е така. Одтука, формирање на нов универзитет само со политичка одлука и политички договор меѓу двете владеачки партии ДУИ и СДС, без притоа да се води сметка за компетентноста и стручноста на тој чин, ќе има несогледливи и негативни последици по целокупниот развој на општеството и на сите граѓани на Република Македонија .

Имајќи предвид дека Република Македонија е потписник на Болоњската декларација, ќе има многу поголеми побарувања за флексибилен образовен процес, кој ќе треба да ги потврди сите досега стекнати дипломи, а и овие што планирате со членот 198 од Законот  за високо образование, во членот 5 од  новиот закон што ни го нудите, мислам дека со тоа не решаваме ништо.

Со ова што е понудено, мислам дека не ги решаваме проблемите на студентите на македонците од албанско етничко потекло, затоа што репродукција на кадри во основа било кој универзитет или било кој факултет, се формираат тие кадри во догледно време да бидат искористени во процесот на економијата и стопанството. Јас , на растојание од 2 км. и дали се и толку да формираме два универзитети и тоа со паралелни и скоро исти факултети, мислам дека е тотално непродуктивно и дека воопшто треба да размислувате дали со ова правите добро за овие студенти или едноставно само ќе добиеме нови дипломираин студенти, кои понатаму дипломирани  факултетски образовани луѓе, ќе останат невработени.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи, нема контра реплика, јас се извинувам и како пратеник сакам да земам збор.

Почитуван генерален секретаре, бидејќи издржа и тој доста, треба да му се оддаде почит за тоа. Почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата,

Јас би го замолил мојот пријател Караџоски ако сака да ми помогне во мерењето на времето а ако не еве она мое познато вадење на саат, ќе го ставам овдека.

Премногу е голем предизвикот , па ако сакате и тешко е да зборуваме за вредносни категории, кои што не само што се безвременски, туку се и надвор од просторот и припадноста и сопственоста на било кој поединечно или колективно, како што е образованието.

Прашањето на тетовскиот универзитет јас го сметам како прашање на образование и знаење. Велам тешко, затоа што во досегашната расправа се користат аргументи кои временски се лимитирани, а вредносно се сомнителни. Дали требаше мојот говор да го започнам со анализата на констатацијата на сите пратеници кои се против отворање на трет државен универзитет, па ако сакате и на дел од академската јавност и пооделни институции , а која гласи, цитирам: “Да не бидам погрешно сватен или сватени никој не е против високото и универзитетското образование на албанската популација, али ..” Е, тоа “али”, почитуваин колеги, реализирано во пракса значеше три дена и две ноќи непрекината расправа. Затоа , не настојувајте, барем мене да ме убедувате дека 10 минути се малку, за да се изнесе ставот, бидејќи за да се каже “али” , потребно е точно една секунда.

Почитувани пратеници, кога се зборува за такви вонвременски цивилизациски категории како што е образованието, образование на свој јазик, потребни се и силни мисли. Искрено да признам , потрошив неколку дена и неколку ноќи да формулирам мисла, која кратко и јадровито ќе го дефинирам мојот став кон ова прашање. Со големо внимание ги бирав зборовите и се обидов да се послужам и со литература. Го комбинирав редоследот на зборовите и запирките, со еден збор ја повикав на помош мојата скромна креативност. На крај, успеав, по мое убедување да дојдам до мисла , која е достоја на цивилизациското значење на образованието и без лажна скромност многу сум горд на неа. Затоа, јас сега ќе ја прочитам таа мисла: “Јас го разбирам светот како поле за културен и научен натпревар меѓу народите”. Да, почитувани пратеници, кога ми укажаа дека таа мисла е веќе кажана, јас почувствував болка и разочараност. Зарем е возможно оваа визионерска мисла

искажана од еден човек во кој сите ние се колнеме, денеска после 100 години да биде заборавена и игнорирана. Зарем е можно ние денес да размислуваме, како што се размислувало 100 години пред времето на Гоце Делчев. Зарем е можно после 100 години големиот визионер Гоце Делчев да е осамен и сеуште да е 100 години пред ова наше време.

Не, почитуваин пратеници, така не се гради држава, а камо ли иднина на својот народ. Почитувани пратеници, во една од претходните верзи на свој говор, почетокот ми беше концепиран сосема поинаку. Впрочем, морам да признам дека јас моите настапи ги подготвувам. Признавам дека не сум од тие таленти кои во секој момент можат за секоја тема да зборуваат со саати. Моите дострели не се такви. Всушност, претходната верзија мислев да ја започнам со пример на една сцена од филмот “Пијанист”. Мислам дека пораката на таа сцена е вредна да се напомене и да се каже и сега. Силна сцена, силна порака. Тоа е сцена кога се среќаваат германскиот офицер и пијанистот по потекло евреин. Се среќаваат два света, две идеологии, две животни филозофии тотално спротивставени. (пратениците реагираат претседателот да зборува за образованието). За образованието секој си има свој начин да го искаже тоа. Офицерот, сепак, му го поштедува животот на пијанистот, откако тој ќе му го отсвири делото на еден генијален германски композитор, па дури и му помага со тоашто му дава топла облека и храна. Многумина ќе помислат само среќата го спасила пијанистот, бидејќи офицерот се расположил, слушајќи ја изведбата на неговиот композитор и како милост и награда го поштедува. Можеби е така. Но, јас мислам дека пораката, многу подлабока и посуштествена. Слушајќи ја прекрасната изведба на пијанистот на делото на композиторот на кој тој длабоко го почитува и му се восхитува, офицерот станува свесен дека пред себе има човек , кој дели истите вредности како и тој самиот. Во тој миг паѓаат како кули од карти сите години на индоктринација, со која бил учен дека човекот пред него е смртен непријател на неговиот народ. И, одеднаш почитта и љубовта кон славниот композитор прераснува во почит кон човекот кој со таква занесеност и љубов ги изведува делата на неговиот сакан композитор. Во тој миг офицерот сваќа дека ако пука во пијанистот како да пука во својот духовен идол, во неговиот сакан композитор. И, навидум, двата спротивставени света одеднаш осознаваат дека имаат многу, многу заеднички вредности и дека тие се всушност едно те исто, само родени на различни места и им припаѓаат на други народи.

Почитувани пратеници, секако, пијанистот можел да сретне и друг офицер, кој без трунка совест би пукал во него, но за почеток е доволен да постои само еден, кој

во миг успеал да се спротивстави на својата индоктринирана свест и во него да прозбори човек. Утре ќе бидат двајца, тројца, четворица, ќе има многу и тоа мног, многу повеќе од тие другите. Процесот е долг, затоа што и вредностите се универзални. Жално е што кај нас е сеуште еден и сеуште само големиот визионер Гоце Делчев.

Затоа, јас денес одбивам и не сакам да зборувам за албански, македонски, ромски и со слични универзитети и факултети. Не сакам само да се сегрерирам, јас сакам да зборувам за втор, трет, четврт итн. приватен и државен универзитет во Република Македонија . Јас сакам да зборувам за обазованието, учењето, знаењето, бидејќи образованието не е сопственост на ниту една нација, наниту една држава, ниту на едно време. Тоа не признава ни простор , ни граници, не признава ниту временски граници, бидејќи образованието е цивилизациска придобивка. Правото на образование е исто толку важно, колку и правото на живот. Свесен сум дека секој од нас тоа го знае, но сепак, искажаните дискусии не се водат во таа насока. Покажавме дека храмот на знаењето и мудроста, највозвишените нешта, покрај слободата, можат да се извалкаат, можат да се нагрдат. Покажавме дека науката, знаењето, уметноста можат да се поделат на мое и твое. Со кое право и во чие име прашувам и затоа. Јас верувам дека образованието е фундиментална потреба во процесот на социјалниот прогрес и реформи. Само едуцираната заедница и општество се способни да ги формулираат нивните сопствени потреби во насока на потребниот прогрес, да ги организираат нивните ресурси и на тој начин да го профилираат своето општество и економија во насока во која сака да се движи. Промените нужно не доведуваат до прогрес, туку прогресот неизбежно води кон промени. А, ние навистина, имаме потреба од промени старото да го замениме со ново, подобро и тука образованието е срцевина на прогресот, бидејќи носи нови барања и способности истите да бидат задоволени и остварени.

Денеска во ерата на информатиката и јас би рекол во пост информатичкото општество, сакале ние тоа или не, дозволиле ние тоа или не, се повеќе и повеќе младите луѓе се гладни за повеќе знаење и што повеќе се учи, желбата за нови знаења е поголема, а очите се поотворени, доведувајќи не во состојба подобро да ги видиме работите во нивна вистинска светлина. Младите немаат време да не чекаат нас постарите. Оразованието е инструмент, со кој младите генерации ќе се интегрираат во општествените токови, но исто така образованието е предуслов, за да човекот критички и креативно да ја анализира реалноста и активно да учествува во трансформацијата во светот околу себе. Да не биде манипулиран и мамен од

страна на некои само повикани умови, кои се прогласија замислители во името на целата своја заедница. Затоа, знаењето секогаш ќе владее над незнаењето и луѓето кои сакаат да бидат свои господари, мора да се наоружаат со силата која го дава знаењето.

Почитувани пратеници, законот за образование и Законот за култура што претходно ги усвоивме и законот за кој сега се расправа се категоријални и вредносни закони кои не признаваат ограничување по основ на нација, по вероисповест и место на живеење. Тие се, пред се, закони кои се однесуваат на секој поединец и на неговото право перманентно, секојдневно да го подобрува својот личен живот и условите во кои твори, работи и живее.

Затоа, на секоја личност мора и треба да му се даде можност ослободена од сите предрасуди да се едуцира и тоа е одговорност на државата и секоја заедница пооделно или кажано на поинаков начин , треба помалку да бидеме импресионирани од тежината на мозокот и мозочните виуги на Ајштајн , отколку од сигурниот факт дека луѓе со подеднаков талент, живеат и умираат на нивите со тутун, ориз, како и во прекрасните палати или топли домови.

Но, тука имаше аргументи против овој закон. На пример, еден од аргументите беше етничко затворање или како што е кажано висока етничка селективност. Дали е тоа така, почитуваин пратеници,

Целта на образованието да не научат како да мислиме, а не што да мислиме односно сами да размислуваме, а не само да меморизираме нечии туѓи мисли. Целта на образованието не е учење на факти, туку на вредности.Едуцирана личност знае дека најчесто информациите се некомплетни, многу често невистинити и важни, измислени, со еден збор грешни. А, потекстот на претходната аргументација за етничка селективност е гетоизација на образованието или паралелизам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали можат да се гетоизираат Аристотел, Планон, Цицерон, Архимед, Питагора, Демокрит, Оливие, Сенекат, Цезар, Марко Аорелие, Исус Христос, Мухамед, Гоце Делчев и тн.

Овдека бидејќи го почитувам деловникот, ќе престанам, а секој од вас пратениците завршете си го како во добрите филмови крајот. И се надевам дека сите ќе бидеме среќни, бидејќи очигледно, живееме во филм или како што се вели виртуална реалност. Благодарам.

Само сакам да ве потсетам од три работи. Реков дека ќе бидам конзистентен. Од едната се откажав, тоа да барам оставка од господинот Трајковски, втората работа беше дека нема да потсетувам сегашната опозиција што правеше во минатото, а третата работа е дека не одговарам на реплики, али повелете.

Господине Караџоски, имате реплика од 3 минути. Овдека се забележува, за да не се губи.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине претседателе, најнапред репликата ќе ја кажам од место за да можам да ве гледам, да не ви вртам грб.

Почитуван претседателе, искажавте една констатација, никој не сме против образованието, сите сме за образование, за сите заедници и така натаму, што е општа констатација, која и вие ја констатиравте. Искажавте дека единствено нешто што не разликува е зборот али. Е сега според вас зборот али значи нели нешто што може да биде опструкција од страна на опозицијата и тн.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не е тоа, Али Мухамед, не е само..

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Зборот Али може да значи и нешто сосема друго. Некому Али му асоцира на име на еден пратеник овде во Собранието, кој што можеби ќе ја има честа овој универзитет да се вика според неговото име. Да не биде господинот Штул, господинот Ван Дер Штул увреден, нели. Тоа е едното.

Инаку господине претседателе мора да констатирам дека покрај тоа што очигледно преминувате во добар претседател, значи полека со време функцијата си ја вршите се подобро и подобро, што ќе речат сваки даном сам бољи и бољи, меѓутоа станувате и одличен филмски критичар. Јас не сум знаел дека така добро филмски критичар можеме да го имаме тука. Меѓутоа, едно од целата оваа критика која што ја слушнав за пијанист, кој што филм јас го гледав, ги има сите пофалби. Господине претседателе, јас би ве замолил иако сте се откажале од сите тие контрареплики, објаснете ми мене само овдека во нашиот филм, во нашето сценарио, кој е пијанистот, а кој е офицерот. Мислам суштинска работа која правиме парадокс од еден таков филм.

И уште една реченица која ја кажавте, која би ја цитирал вашата мудра мисла која ја искажавте, а некој пред вас далеку се сетил, меѓутоа, би ја коментирал. Она што кажавте прогресот води кон промени, старото да го замениме со ново. Би сакал да ве прашам што е овде старо, а што е ново. Овој тетовски универзитет не го

основаме, кажа и Теута Арифи и сите господа од ДУИ дека ние го легализираме. Што е тука ново, а што е тука старо, господине претседателе. 1994 година, со некаква иницијатива која сега ја крстиме граѓанска, иницијатива која прерасна со едни побуди, дојде денеска после 10 години да го основаме и паралелно да славиме јубилеј од 10 години. И навистина не ми е тука јасно, што е старо а што ново, како ние да го разгледаме прогресот според вас. Јас би ве замолил навистина, една минута е доволно барем нешто да кажете отстапете од некој принцип.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Кој има друг за реплика?

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас би сакал да реплицирам на вашиот говор, согласно на Деловникот. Вие искажавте една мисла која што е искажана пред 100-тина години од Гоце Делчев. Меѓутоа, рековте зарем е можно послед 100 години да размислуваме како 100 години пред Гоце Делчев. Така јас разбрав. Притоа, искажавте дека три дена се дебатирало тука и практично излезе дека тоа е сомнеж дека во Македонија сега не е поле за културен натпревар, туку нешто друго се случува.

Со оглед на тоа што ние сме тие како опозиција што дебатиравме три дена, сметам дека на нас ни го упативте прашањето, тоа е мојата мисла, со оглед дека е така логичкиот заклучок од вашиот говор, меѓутоа, сметам дека ја погрешивте адресата бидејќи 2001 година не беше многу далеку, тогаш Македонија не беше поле на културен натпревар, туку на сосема друг натпревар, не би сакал да истакнам со други зборови и тогашните актери од воена организација сега се политичка, добро е што се преобразени во политичка организација. Меѓутоа, прашањето требаше да го упатите токму таму под едно и под второ, би сакал да ве потсетам дека ние не сме против високото образование на граѓаните од албанската заедница во Република Македонија. Уште еднаш ќе кажам дека ние тоа сме се обиделе и сме го направиле преку Штуловиот универзитет, додека во вашите говори беше само декларативната и стратешката цел дека сите треба да се стремиме што поголем број да бидат на високо образование и на мајчин јазик. Мислам дека беше само една цел. Ние исто така ја поддржуваме и не смеете да не оквалификувате дека поради вака лошо смислен проект, значи се работи за проект, кој што сметаме дека не е комплетен, дека не ги решава тие прашања, туку се работи само за една идеја, која што е многу лошо претставена во еде закон. И поради тоа не смеете да не

оквалификувате дека ние не сме за културен натпревар, туку сме за некој друг натпревар во Република Македонија. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика има госпоѓа Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам господине претседателе,

Прво би сакала да истакнам дека ние овде не гласаме за високото образование на албанците, како што вие рековте, тоа е нешто што поминало низ ова Собрание и влегува во уставните амандмани. Ние гласаме за закон за легализација односно основање на државен универзитет во Тетово. Гледате јас почнувам да се бунам дали се работи за легализација или за основање на универзитет. Кај вас тоа али беше проблематично или дилема пред вас, кај мене не е дилема, бидејќи под тоа али подразбирам правна рамка која ќе треба овој законодавен дом да ја даде за основање на овој универзитет. А од сите аргументи што ги слушнавме таа ќе биде катастрофално лоша. Јас вас би ве прашала дали вие господине претседателе го видовте членот 198 од Законот за високо образование во кој е регулирано правото на продолжување на образованието и која норма требаше да престане и престана на 31 декември 2001 година. Истата оваа норма која веќе не важела во април 2003 година беше продолжена со најновите измени на Законот за високо образование и се даде правен континуитет како да таа важела континуирано до 2003 година. Јас сум правник но вакво нешто во правото не познавам. Да се врши измена на норма која веќе престанала пред неколку години. Тоа навистина е апсурд, а целиот овој проект, Владата го заснова токму на оваа правна норма, односно на овој член 198. И навистина не ми е јасно како може да се заснова ваков проект на нешто што престанало да важи и што е надвор од целата правна теорија.

Сега нешто околу вашиот говор, морам да признам дека ако беше писмена работа по мајчин јазик навистина ќе добиевте петка, затоа што говорот беше поетичен и романтичен. Мислам на средно образование. Меѓутоа, господине претседателе, ние овде сме законодавен дом, кој треба да донесе закон јасен, прецизен и точен, кој на најсуштински начин ќе ја регулира материјата која ја третираме. Вие зборувавте многу убаво за уши исто како музика да слушаме, меѓутоа, вие господине претседателе го водевте овој оркестар да речам под наводници толку лошо, што лошо ја читавте нотната тетратка цело време, односно речникот на Собранието деловникот и на опозицијата на неколку пати и се обидовте

да и ги одземете или ограничите инструментите на кој требаше да свири. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Спиро Мавровски, имате 3 минути.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе. Јас мислам дека во самото ваше излагање беше позитивно што временски бевте лимитирани и ви помогна во еден ваков краток говор да изнесете некои забелешки и интелегентни мисли со кои што го отргнавте вниманието на македонската јавност, од она што е тема на разговор. А темата на разговор е отварање на тетовскиот универзитет. Во вашето долго размислување и вие сте еден од ретките од СДСМ кој остана во тие дебати 7 дена и сигурно дека слушнавте доста аргументи и контра-аргументи, но вие со ова што го кажавте, јас ќе се потрудам колешката да ја исправам во однос на писмената по македонски јазик, би добиле можеби 5, но поради промашена тема сигурно дека би добиле единица. Вие едноставно ја промашивте темата, затоа што за ова што го говориме не е решавање на образованието на албанците во Република Македонија, туку отворање на трет државен универзитет, тетовскиот универзитет. Значи очекував дека ќе изнесете многу повеќе аргументи, бидејќи се залагате за високото образование, за она како ние треба да бидеме поблиску до Европа, но заборавате дека во Македонија функционираат во моментот два универзитета и постоечкиот кадар од тие универзитети, нон стоп побарува од вашата коалиција средства и начин како понатаму да продолжат да опстојуваат. Ние во случајот сакате да не убедите дека од дрвото не ја гледаме шумата а мислам вие се обидувате во маглата да не препознаваме ништо што е што. Се обидовте да ни го презентирате тоа, но секој што размислува ќе види, а вие сте доста интелегентен човек, очигледно со овие две мисли кои сакавте да ги објасните тука од говорницата, едноставно ја избегнавте темата. Но тоа не ве оправдува мислам дека требаше малку повеќе да проговорите за ова што значи закон за тој што е пред вас, за тие 6 члена, јас не слушнав ниеден од нив да образложите, зошто е потребата ова да се признае, да се признаат сите дипломи за некој што покренал граѓанска иницијатива, или пак сакате да предизвикате секоја понатамошна граѓанска иницијатива да завршува со државен универзитет иако не е тоа тоа тогаш ќе треба да направиме нешто за да бидеме признаени како државен универзитет. Ако е ова тоа што се залага, тогаш јас се извинувам не ве разбрав. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Господине претседателе, вие искажавте една мисла пред сто години, меѓутоа јас би ве прашал зошто не ги цитирате зборовите на вашиот премиер од пред само неколку години. Овој парауниверзитет од пред само неколку години е наречен приватна забава. Сигурно Бранко Црвенковски знаел кој е композитор кој што ја компонирал музиката за оваа приватна забава, кој што е оркестарот и диригентот кој што свиреше на оваа забава. Разликата помеѓу 1994 година и 2004 година е во тоа што оние кои што со сила сакаа да ја растурат забавата, сега заедно танцуваат со истите тие кои тогаш беа присутни на истата таа забава. А сега имаме луѓе во власта, кои политиката ја сваќаат токму како приватна забава, за жал на граѓаните на Република Македонија.

Јас би ве прашал што мислите. Мислите дека со основањето на овој универзитет го подобрувате високото образование во Република Македонија. Мислите ли дека ќе обезбедите кадри на овој начин кои ќе бидат признати од државните универзитети и од пазарот на работна сила во Европа и во светот. Мислите ли дека ќе ги задоволите потребите за кадри на македонското стопанство, кои што знаеме во колкав број се на Бирото за вработување. Мислите ли дека со овој закон го решавате прашањето на високото образовние на албанците, со тоа што основате покрај Штуловиот, покрај факултетите што не се опфатени со овој закон и кои ќе останат само граѓанска иницијатива и понатаму и трет универзитет, без просторни, без кадровски и без финансиски услови за негов опстанок. Јас сум сигурен дека сте свесни дека со овој универзитет само ги влошувате условите во кои се наоѓаат постојните универзитети. Условите во кој што студираат студентите на тие универзитети. Истовремено ги оневозможувате овие студенти да користат стипендија, да бидат сместени во нормални услови, да имаат квалитетно високо образование. На овој начин само им ги скратувате средствата на постојните универзитети, а создавате нов универзитет без никакви критериуми, без никакви услови за негова иднина, за негово постоење и за остварување на целите на Болоњската декларација. Создавање на квалитетни кадри, кои што ќе бидат определени во склад со потребите на стопанството на Република Македонија и на идниот економски и општествен развој на државата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Илјаз Халими.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Благодарам господине претседател,

Јас не можам да не реплицирам во дел од вашата дискусија. Со оглед на тоа дека беше навистина навредувачка за нас албанците, а посебно таму каде што се спомнува во врска со пијанистот и германскиот офицер, не ми е јасно категоријата на пијанистот евреин како жртва не третирате нас албанците дека во улогата на германскиот офицер се третирате самите како припадник на македонскиот народ, значи презентирате сила. Каде бевте вие господине претседател во 1994 година кога под секој услов се настојуваше да се спречи основањето на тетовскиот универзитет, кога се уби Абдул Селам Емини и многу други се ранија. Каде бевте вие господине претседател, кога во 1997 година се убија 4 граѓани албанци во Гостивар кој протестираа во заштита на националното знаме како симбол на албанците. Каде бевте вие за да ги цитирате зборовите на Гоце Делчев кои 100 години претходно ги има речено, што се однесува до приближувањето меѓу народите и што се однесува за натпреварот во областа на културата меѓу народите. Сигурно дека нема да се одолговлечи досега тетовскиот универзитет. Јас би ви го пополил сето ова доколку денес понудите еден закон, кој навистина ќе го официјализира тетовскиот универзитет. Но вие нудите еден нов закон за државен универзитет, кој не соодветствува со тетовскиот универзитет. Повелете, одговорите само на ова прашање. Овој закон кој го имаме на дневен ред, значи законот за оснивање на третиот универзитет во Тетово, дали предвидува официјализација на тетовскиот универзитет. Да или не. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Чедо Краљевски имате три минути.

ЧЕДО КРАЉЕВСКИ:

Благодаам претседателе, Јас на вас ќе ви поставам само едно прашање, кое вие сватете го во форма на реплика. Ако сакате одговорете ми, ако сакате не. Условно гледано и ретроспективно, ако вие бевте во 2001 година на оваа функција што денеска ја заземате, односно претседател на Собранието дали оние што тогаш атакуваа врз безбедноста и територијалниот интегритет на Република Македонија и кои се бореа со безбедносните и одбранбени сили на Република Македонија ќе ги подведевте под метафората на еден наш мислител што исто така пред 100 години ја искажал таа мисла, тоа е Јане Сандански, а која мисла гласи:”Животот е борба, робот се бори за слобода, а слободниот за совршенство”. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има господинот Ѓорѓи Оровчанец три минути.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Благодарам господине претседателе. Благодарам и за инспиративниот говор и како човек кој сака да гледа филмови, благодарам и за критиката за филмот “Пијанист”, меѓутоа, се надевам дека во следниот говор ќе го обработите филмот “Офицер и џентлмен”, па ќе излезете и похрабро за да ги искажете вашите ставови на еден подруг начин, освен онаа виртуална реалност, во која сите овде евентуално се наоѓаме. И кога по извесно време на размислување за вашиот говор, со она “али”, за кое сметам дека е кажано на македонски јазик, а не како што господинот Караџоски го дефинира, мислам дека дефинитивно и вие сте на ставот дека овде се работи за политички проблем, а не се работи за образовен проблем и дека немате храброст јавно пред говорницата да кажете дека сте против овој законски проект во оваа собраниска сала.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Трендафилов, три минути.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Благодарам господине Јордановски.

Претпоставувам кога зборувавте за “али”, мислевте да кажете не, односно но, значи, јас се согласувам со започната филмска критика, но би ве потсетил на филмот “Матрикс”. Јас имам впечаток дека вклучувајќи ве и вас и почитуваните колеги од СДСМ, кои седат од мојата лева страна, без оглед што навидум сите имаат различни имиња, изгледи и пол, сите се како оној агентот кој менува ликот и местото кога сака и како сака.

Во духот на изјавите на Гоце Делчев сакам да ви обрнам внимание дека кој има кажано и една друга мисла, која вели дека робот треба најпрво да се ослободи во својот ум, која ќе не доведе до една иста таква констатација, кажана, вие го спомнавте меѓу другите имиња и Сенека, на Епиктет, кој му бил исто така учител, му ја виткале ногата бидејќи бил роб, а тој  само констатирал, ако продолжите да го правите ова, ќе ми ја скршите. И навистина, тие му ја скршиле. Ние овде дискутираме, што би се рекло, од лани, како опозиција и вие навистина,

условно речено ќе го направите тоа што имате намера да го направите, само сакаме да ја сфатите штетата која ќе и ја нанесете на Република Македонија. Овде не зборуваме за образование. Од образование овде нема ниту едно мало “о”.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Бонева, три минути.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Господине Јордановски, не ви беше на место цитираната мисла на Гоце Делчев. Оваа мисла Гоце Делчев ја искажал во иронија против националистичките пропаганди во Македонија кон крајот на ЏИЏ век. Мислата ја искажува за да го каже својот став за рамноправноста на сите македонци, без разлика на вера и националност, наспроти овие пропаганди. Меѓутоа, заветот на Гоце и заветот на ВМРО за еднаквоста на сите македонци без оглед на вера и националност се исполнети и декларирани во Уставот на Република Македонија, каде јасно стои дека сите граѓани во Македонија, без оглед на верска и национална припадност се еднакви пред законот.

Понатаму, не ви беше на место цитираната мисла на Гоце Делчев уште и заради тоа што тој зборува за култура и културен натпревар, не за наука. Гоце Делчев не ја искажал оваа мисла со цел да даде поддршка на ваков парауниверзитет и не може тоа да се користи, да се оправдува легализацијата на квази образованието кое што се нуди со овој закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Љубисав Иванов - Ѕинго, повелете три минути.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:

За разлика од овие кои ве критикуваа, јас сакам да ви изразам голема благодарност за мислата на Гоце Делчев дека светот го разбира како културнио поле за натпреварување, но уште нешто требаше да додадете дека тој рекол дека од она што го работи е револуционер, а во времето кога го работи тоа по дух е анархист, а по идеи е социјалист.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете госпоѓобразование Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Претседателе, на дневен ред денес е предлогот за донесување на закон за основање државен универзитет во Тетово, но навистина од вашиот настап и говор не успеав да откријам дали вие сте за овој предлог или не сте за предлогот за основање на државен универзитет во Тетово. Настапот ви беше одличен, полн со стилски фигури и длабоки филозофски мисли, но доколку само бевме некаде надвор во светот, во Европа, во Шведска или Италија. Но за жал, ние сеуште сме во Република Македонија и за жал образованието на албанците, високото образование на албанците на свој мајчин јазик сеуште ќе биде тема токму благодарение кои фиктивно се залагаат за Европа, а фактички работат на поделба на Република Македонија. Во вашиот говор вие спомнавте дека има индоктринација. Има, претседателе, има, ама каде ја има?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Србиновски, три минути.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Благодарам почитуван претседателе,

Ќе бидам краток. Вие сами утврдивте дека 10 минути се кратки. Меѓутоа, ги искажавте и вашите мислења на толку добар филозофски начин, што дали ве разбраа граѓаните во Република Македонија, дали сте за држа ен универзитет или не сте. Но мене ми излгеда дека сте многу добар филмски режисер. Дозволивте глумците од една страна да ви тропаат и да ви свиркаат, а од друга страна глумците да не ве бранат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Аднан Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Сакам само да ви реплицирам во оној дел каде што зборувате за потребата од образованието и образованието на сите граѓани и пошироко е насушна потреба, но никаде не спомнавте дека потреба е и другите заедници да имаат образование, вклучувајќи ги и турците. Патем, не сакате ни да го спомнете тоа дека

е потреба, и тие живеат тука. Со овој закон тоа не се предвидува. Но, она со што сакам да реплицирам е во врска со вашиот настап, односно мене не ми беше јасно дали сте вие за или против, затоа што овде пред мене има писмо од Природно-математичкиот факултет, доставено до вас, до пратеничките групи, каде има 12 точки во врска со овој закон и верувам дека сте биле и вие присутен на тој состанок и дека стедале амин, зелено светло за ова, или не сте дале, но тоа требаше да го кажете. Тоа писмо постои, иако незнам како не стигнало до нас и да се изјасните, бидејќи во ова писмо упатено до сите институции е кажано нешто сосема друго од она што вие го кажувате тука. Мислам дека чесно беше вие да се оградите од една институција каде што вие припаѓате, за да бидеме начисто дали сте за или против. Од ова што гледаме, тие се против, а вие сте за и јас незнам на кој начин комуницирате таму, а цело време прокламирате едно заедништво, една идеја, основна идеја и консензус во идеите, а во самата институција каде што вие работите, такво нешто не постои.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Китановски.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Благодарам господине претседателе,

Мојата реплика се однесува на целокупното ваше излагање, односно на пораката односно идејата, кое излагање беше конципирано и насочено кон тоа упростено дека некој е за, некој е против високото образование на албанците во Република Македонија. Вакво упростување на тезите апсолутно не држи и води кон политичко подметнување спрема опозицијата дека опозицијата е против високото образование на албанците, што апсолутно е неточно. Сакам да биде јасно, ВМРО-ДПМНЕ е за унапредување на квалитетното високо образование на албанците и тоа го докажало не само вербално, туку и на дело, со сесрдна поддршка во формирањето на Штуловиот универзитет. ВМРО-ДПМНЕ само не го подржува начинот на кој што Владата сака институционано, односно се обидува не да го реши, туку времено да го затвори ова прашање со легализација на малоречанскиот универзитет, кој не ги исполнува елементарните услови за високо образовна институција по сите критериуми.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали има друга реплика? (Нема)

На крајот само јас би рекол на сите, како котра реплика. Мојот говор остана незавршен и реков како во филмовите, кога немате завршен крај, секој прави свој завршеток и сите сме среќни. Благодарам.

Следниот говорник е господинот Михајло Георгиевски.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Почитувани дами и господа пратеници  и членови на Владата,

Дозволете ми да го изразам мојот длабок револт и разочараност од начинот на кој ми е ограничено правото да го искажам моето мислење во врска со основањето на државен универзитет во Теово. Секое ограничување е жесток упад во демократските права на чоекот, а во случајот најгрубо замолчување на опозицијата од страна на недемократската власт во Република Македонија.

Во моето ограничено право на искажување ќе гледам во овие фамозни 10 минути да кажам неколку збора за образованието на мајчин јазик на македонските албанци во Република Македонија, со посебен акцент на основањето на државен универзитет во Тетово.

Албанците во Република Македонија, по Втората светска војна добија право за универзитетчење и зборување на својот мајчин албански јазик најпрво во основните училишта, потоа се отворија средни училишта на албански јазик, потоа Виша педагошка академија, Катедра за албански јазик и литература при Филолошкиот факултет во Скопје, потоа Педагошкиот факултет и од пред три години конечно и универзитетот на албански јазик, таканаречен Штулов универзитет во Тетово. Така, да не заборавам да кажам дека на сите факултети на Скопскиот и Битолскиот универзитет се практикуваат одредени квоти за запишување на студенти од албанската национална заедница со послаб успех поради јазичните бариери и според некои мои скромни сознанија,  до сега на Скопскиот и Битолскиот универзитет имаат завршено неколку стотини студенти, а и денес студираат на овие универзитети доста голем број на студенти од албанската национална заедница.

Сепак, да се вратиме на Штуловиот универзитет на албански јазик во Тетово. Тоа е модерен европски универзитет, отворен со благлослов и материјална поткрепа на меѓународната заедница, со многу прецизни проекти, пресметки, елаборати, опрема и што ли уште не, се со цел да се споредува со другите универзитети. На тој универзитет денес студираат околу 3.000 студенти, и тоа околу

85% од албанската национална заедница. Според мене, со тоа е решено прашањето на високото образование на албанците во Република Македонија.

Основањето на етнички албански универзитет во Тетово мислам дека не е со добри образовни намери, тоа е повеќе избрзано квази политичко решение, но да не должам повеќе, бидејќи многу се зборуваше за сето тоа, директно да го кажам моето мислење и моите добронамерни сугестии.

Почитувани пратеници од албанската национална заедница, подобро направет еден силен универзитет на албански јазик, независно како ќе се вика отколку два слаби. Тоа е мојата сугестија и сакам еден добар успех и разбирање во истиот.

За да се направи тоа, ви предлагам да го повлечете овој предлог за основање на етнички државен универзитет во Тетово, потоа да ја соберете врвната албанска интелигенција во Република Македонија и надвор од неа и направете еден издржан проект и план за високото образование на албанците во Македонија. Така со консензу прво меѓу вас самите и тогаш излезете пред Собранието. Мислам дека тогаш ќе нема никаков проблем. Вака како што е сега поставена работа ми личи на крајно несериозна, повеќе на привремена политичка творевина заснована врз основа на некакви бизнис интереси на поединци од типот на командатот Баци и ред други примитивди од него ранг. И така остава сега за сега впечаток на несериозност.

Со основањето на државен етнички универзитет во Тетово без соодветна подлога, а тоа е  кадровска екипираност, просторни услови, инфраструктура како опрема, лаборатории, билиботеки и слично, ќе се направи силна компромитација на високото образование во Република Македонија и надвор од неа. Кадрите што ќе се стекнат со дипломи без соодветно знаење ќе бидат лоша слика како за себе, така и за целокупниот образовен ситем во Република Македонија.

Затоа, уште еднаш повикувам на разум, повлечете го овој предлог на закон, но не како оној пат со цел да се ограничи времетаењето на дискусиите, тукуј да се дојде до целисходно решение. Ова решение е лошо и штетно со далекусежни последици за образованието и воопшто за општествено-политичкото и економското живеење на ова парче земја што се вика Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Георгиевски.

Има збор господинот Ружди Матоши.

РУЖДИ МАТОШИ:

Ви благодарам господине претседател,

Почитувани пратеници, Владата на Република Македонија преку Министерството за образование му понуди на овој Парламент проект на закон за основање на државен универзитет во Тетово. За овој нацрт на закон има остри полемики внатре во Парламентот, но и надвор од него.

ДПА преку своите пратеници ги презентира своите резерви во врска со овој закон. Во овој случај, за да се елиминираат конфузиите што се прават во јавноста, ќе ги кажам нашите забелешки.

1. ДПА не е против официјализацијата на тетовскиот универзитет, ниту против основањето на било каква образовна институција на албански јазик, но е против манипулациите, намерни, во јавноста. ДПА преку дискусиите на своите пратеници сака да ги демаскира лагите на предлагачите на законот, кои овој проект на закон го презентира како официјализација на тетовскиот универзитет.

2. Со овој Нацрт на закон на ниеден начин не се гледа дека се официјализира тетовскиот универзитет. Со оглед на тоа што во 6-те негови члена не се споменува во ниедна реченица официјализација на постојниот универзитет во Тетово.

3. Во овој проект на закон не се споменува на кој јазик ќе се одвива наставата. Сигурно предлагачот ќе имаше на ум измените што се направија претходно во Законот за високото образование, каде се дозволува наставата на предметите кои се однесуваат на културата и националниот идентитет да може да се одвиваат и на албански јазик. Но овде постои и една друга опасност, која подразбира дека наставата на Политехничкото училиште или во иднина Факултетот за медицина и тн., нема да може на факултетите кои не се однесуваат на идентитетот на албанците, да се одвива наставата и на албански јазик.

4. Со овој предлог на закон не се решава прашањето на високото образование на албански, туку се нудат факултети кои сега постојат во универзитетски институции, како што е универзитетот во Тетово или катедрите што се слични со Катедрите на Педагошкиот факултет во Скопје. Значи, се нуди нешто што постои, додека се скратува нешто од што имаат потреба албанците во Македонија, како што е Фармацевтскиот факултет, Медицинскиот, Градежниот, Архитектонскиот, Стоматолошкиот и тн.

5. Во овој предлог на закон не се презицира трансферот или начинот на пренесувањето на студентите од факултетите кои моментално ги има тетовскиот

универзитет во новиот универзитет. Посебно останува енигма што ќе се случи со студентите од Факултетот како што е Медицината, Фармацијата и тн., а нивниот статус не е дефиниран.

Во Предлог законот не се предвидуваат роковите за отпочнување на наставата во новиот универзитет. Но, во членот 3 алинеја 3 се вели дека универзитетот ќе почне со работа веднаш по привршувањето на процедурата водена од страна на матичната комисија. Оваа итрина не става рокови на процедурата и тие можеби ќе завршат со нивната работа и после 7 години. Со овој Предлог закон не се предвидуваат финансиските обврски и други од страна на државата. Во врска со основањето на новиот универзитет освен некои нејасни изјави по медиумите ова прашање многу јасно е разграничено со Рамковниот договор каде населението кое претставува над 20% во државата се предвидува обврска да се гарантира високо образование за тој дел на населението. Значи, државата се обврзува реално да го финансира високото образование на албански јазик. Значи, овој Предлог закон нема за цел да го реши прашањето на високото образование на албански јазик, со овој закон не се официјализира Тетовскиот универзитет, туку напротив се нуди еден проект кој создава конфузија во јавноста , поттикнува конфронтации врз самиот албански корпус и дава една погрешна слика на компромис во согласност со самата Влада и на крај има за цел да создаде соодветна клима за пазарења околу поделбата на општините и територијалната реорганизација. Имајќи ги во предвид сите овие работи, секогаш имајќи го во предвид образовниот интерес на албанците во Македонија ДПА излезе со предлог кој го претстави пред Парламентот на седницата посветена на универзитетот која почна, а која беше прекината од г-динот Тачи потпретседателот со што ние побаравме со овој предлог под 1) да се отворат нови 5 факултети во рамките на Универзитетот на Југоисточна Европа каде веќе има 7 и нивниот број ќе прерасне во 12, 25% од Буџетот на РМ по автоматизам да премине на жиро сметката на универзитетот на Југоисточна Европа. Значи 25% на Буџетот за високо образование, да се обезбеди квота од 25% на Скопскиот и Битолскиот универзитет во рамки на катедрите кои нема да ги има на универзитетот на Југоисточна Европа. Ова се основа и врз одредбата на Рамковниот договор точка 6 потставка 3 со кое се бара да се култивира во Македонија позитивната дискриминација во образованието со цел да имаме правична застапеност во образовните институции, во универзитетските институции четири, да се формира комисија од професори, двајца од Тетовскиот универзитет, двајца од универзитетот на Југоисточна Европа, двајца од Скопскиот

универзитет и еден професор од Европски универзитети да ја анализираат работата на Тетовскиот универзитет од 1994 година досега и се разбира да ги воспостават стандардите кои важат во Македонија. И во рок од 5 години да се обврзе Владата сите оние катедри кои ги има во Скопскиот универзитет и во Битолскито универзитет, а ги нема во универзитетот на Југоисточна Европа тие во рок од 5 години да бидат отворени и во универзитетот на Југоисточна Европа, се разбира во согласнсот со стандардите поставени од страна на ММФ и Светската банка. Ние како парламентарна група на ДПА г-дине претседател, нема веќе да земеме збор, тоа ќе го направием се разбира само доколку бидеме спомнати, или пак доколку некој реплицира , ќе одговориме на репликите, меѓутоа збор веќе нема да земеме за дискусија. Би сакал г-дине претседател вие да бидете во функција на констуктивност и што поскоро да заврши оваа седница. Би апелирал до сите пратеници да работат во насока на затварање и преврршување на оваа седница, затоа што и на претходната седница која беше прекината  и денес и вчера мислам дека се искажани сите негативни и позитивни страни на овој проект, на овој Предлог закон за универзитетот .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине Матоши се придружувам до вашиот апел и еве тој апел јас го испраќам до сите пратеници.

Има збор г-динот Абдуладиї Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, денес на дневен ред повторно е законто за основање на универзитетот во Тетово за кој навистина ги дадовме и забелешките и предлозите во овој Парламент уште на минатата седница пред тој да биде повлечен од дневен ред од страна на Владата. Денес навистина сметам дека  е излишна секаква натамошна дебата околу овој закон. Се разбира, дека немаме ништо ново што да кажеме во оваа насока. Меѓутоа, доколку продолжиме со ова темпо само ќе ги повториме зборовите и дискусиите кои ги кажавме минатиот пат. Меѓутоа, се разбира дека дебатите кои се развиваат во Парламентот несомнено дека на одредени обвинувања кои се искажуваат во однос на оние кои се обидуваат да го основаат државниот универзитет и обвинувањата кои се насочени во однос на една етничка заедница во РМ се разбира дека не треба да бидат оставени без одговор.  Првично би рекол и би аргументирал со некои илустрации, или примери кои денес би ги спомнал тука пред вас, затоа што секој

збор што сме го искажале како партија за демократски просперитет од 1990 година до 2004 година верувајте дека порано, или подоцна тие прашања излегле на површина, се појавиле како проблеми кои останале да бидат решени во иднина. Ќе дадам само три примери. Првиот пример беше неизгласувањето на Уставот од страна на ПДП, едно прашање кое остана отворено и знаете како остана тоа прашање нерешено и рековме дека тоа беше едно од генераторите на кризата и затоа и се случи кризата во 2001 година.

Второ, доколку се сеќавате добро, во 1999 година Владата на РМ зема подарок од страна на Република Бугарија тенкови. И тогаш како ПДП тука ги имаме и стенографските белешки кои се архивирани во Паралментот, тогаш како ПДП ние многу јасно прашавме , што и треба на РМ подарок тенкови од страна на Република Бугарија, правејки анализи и велејки дека РМ не може да ги користи против државата која и ги подарува, односно Бугарија, не може да се користат против Грција затоа што таа е членка на Евроатланските структури и членка на ЕУ, тие тенкови не можат да се користат против Србија , затоа што знаете каква беше соработката во тоа време меѓу Македонија и Србија, не можеше против Албанија заради еднаквоста на силите и оттогаш кажавме дека тие ќе бидат користени против албанците во Македонија. Потоа друго значајно прашање беше границата меѓу Македонија и Југославија. Тогаш кажавме: немојте да правите договор со една држава која не постои Југославија, туку направете еден договор со оние кои имаат јурисдикција врз териториите на Косово, а тоа се претставниците на УНМИК и самите косовари. Договорот беше направен и усвоен од овој Парламент. На проблемите бевме сите сведоци, реагираше Косово, реагираа властите на Косово, претседателот на Косово затоа што голема територија на Косово остана во Македонија. Многу е лесно да се донесе договор, да се направи договорот, меѓутоа многу е тешко таа да се исцрта потоа практично доколку е така направен. И на претходната седница ког аговоревме за овој закон кој денес ни е на дневен ред, мислам дека овие работи требаше да ги имаме во предвид и тогаш. Требаше да ги имаме во предвид затоа што навистина не се согласуваме и никој тука не треба да се согласува проблемите и натаму да продолжат. Ние би биле многу среќни и јас ќе бидам еден од оние кој би бил многу среќен доколку во иднина по усвојувањето на овој закон нема да имаме веќе проблеми. Јас го поздравувам предлогот и усвојвуањето на овој закон и ќе гласам за овој закон. Меѓутоа, би кажал , со тоа ќе се повторам во однос на она што го кажав на минатата седница, навистина имаше услови да се направи нешто подобро. И јас знам дека политиката и никој не може да

ме убеди, затоа што сам сум бил учесник на тие разни разговори било од позиција на власт, или опозиција. Тоа е вистина дека се вели дека политиката е секогаш компромис. Меѓутоа треба една работа да ни е јасна. Ние овој разговор не го водиме пред 2001 година. Денес така како што говори опозицијата во 2002 година навистина ме потсетува на ситуацијата пред 2001 година. После 2001 година со измените кои се направија на Уставот зарем уште имате храброст да говорите на тој начин како што говоревте пред 2001 година? Ние немавме сила пред 2001 година. Сега било кој политичар, било македонец или албанец треба да ја покаже својата политичка интелектуална храброст, да каже тоа што е вистина. Не треба да ја затвориме устата пред она што е вистина , реалност. Тоа треба директно да го кажеме. Сега брзо имаше една дебата и јас реков дека ние треба да сме одговорни за постапките. До кога другите ќе ни ја кројат облеката. Токму после 2001 година Рамковниот договор нема да дозволиме веќе некој друг да ни ја крои облеката. Облеката ќе си ја кроиме сами, затоа што сме дел на оваа држава и никој нема право да каже како ќе го финансираме третиот државен универзитет во РМ. Меѓутоа, почитувани господа ние имаме Буџет на РМ кој се полни од сите граѓани на РМ. Доволно ја имавте привилегијата 50 години да се финансираат само универзитетите на македонците. И денес тука излегува некој и изјавува дека нема финансиски средства за финансирање на третиот државен универзитет. Директно ви велам, тој е универзитет на албанците, тоа не треба да го криеме, да не треба да ставаме покривки и јоргани врз тоа? Албанците немаат каде да студираат на албански јазик. Тој напор се прави денес за албанците во Македонија. Меѓутоа, никому не му е забрането на тој универзитет да аплицираат македонците, или другите националности. Меѓутоа, се знае дека тука тоа е главно за албанците. Тука многу често се спомнува од страна на македонската опозиција дека албанците го имаат решено високото образование. Тоа не е вистина. Високото образование е решено со Универзитетот во 1994 година со Тетовскиот универзитет. Меѓутоа тој не беше легализиран, затоа што немаше сенс од страна на македонските политичари тогаш дека токму Тетовскиот универзитет е заснован од три општини исто како што Медицинскиот Битолскиот универзитет е така оснвоан. Меѓутоа се знае дека тоа беше резултат на фактот дека ние бевме албанци, дека нашите предлози и сугестии не поминуваа во овој Парламент. Секогаш беше албанците можат да имаат високо образование на албански јазик, меѓутоа пречка е јазикот. Сега после 2001 година со уставните измени веќе јазикот не претставува пречка. Сега ние тука треба да зборуваме поинаку. Тетовскиот универзитет е основан во 1994 година, за него

гласале најголем дел на советниците на три општини. Денес го легализираме само јазикот, дека наставата се одвива на албански јазик. Тогаш беше главната пречка дека не можеше да се држи настава на албански јазик. Ние во 1993 година сме имале договор со СДСМ за основање на универзитет, меѓутоа не било каков универзитет. Меѓутоа, понекогаш е подобро да се остави прашањето отворено отколку да се реши на било каков начин. Јас повторно ќе кажам дека можам во иднина да излезам и да ви речам: Ви реков , нели, а одговорот секогаш е дека можело подобро да се направи, а одговорот ќе биде, секогаш може подобро. Тоа е вистина дека секогаш може подобро, меѓутоа не треба да запреме на тоа. Многу често сум слушал по медиумите дека треба да го основаме универзитетот а потоа многу е лесно да се прошири нивниот број. Верувајте дека тоа ќе биде исто толку тешко како што денес тешко оди усвојувањето на овој закон, повторно некој ќе излезе да даде свое мислење и т.н. И би било подобро во овој предлог закон кој го имаме денес да ги имаме и медицинските науки. Албанците имаат потреба од оваа наука. Ова не е доцна. Владата може ова да го направи со еден свој амандман. Затоа јас и покрај сите овие забелешки кои ги имам, јас го поздравувам Предлог законот. Кога овие од опозицијата велат легализација , навистина се говори за легализација. Јас не прифаќам денес каде универзитетот е основан со сите свои карактеристики во 1994 година, не го прифаќам дека тој е заснован врз основа на член 198. И од оваа говорница треба да им се заблагодариме на сите студенти кои се жртвуваа од 1994 година наваму, на сите професори кои се жртвуваа, некои беа приведени, малтретирани, некои беа отпуштани од работа и т.н. Затоа најголемата заслуга за оваа работа ја имаат оние студенти кои го жртвуваа својот живот , крвта која беше пролеана за овој универзитет и оние професори кои навистина жртвуваа се од себе за да држат настава во Тетовскиот универзитет.

Уште еднаш и на партијата за демократски просперитет сакам да ја информирам јавноста дека ние ќе го подржиме овој закон, затоа што секој универзитет е во прилог на албанците, меѓутоа треба да работиме сите заедно, треба да имаме внатре албански консензус за да го прошириме овој универзитет, затоа што навистина ќе ни останат многу луѓе надвор од тие процедури, надвор од тие што дале голем придонес во изминатите години.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г-динот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине Вејсели, би сакал да ме слушате г-дине Вејсели. Навистина човек колку и да се труди да ве разбере, очигледно не може да ве свати и не може да ве разбере. Толку сте контрадикторни во дискусиите и денеска и претходно што навистина, еве се трудев максимално да ве разберам и не можам да ве разберам. Зборувате , искажавте една реченица , велите : Тетовскиот универзитет е основан во 1994 година, а сега го легализираме само јазикот. Каде го најдовте ова, навистина не ми е јасно. Законот гласи, закон за основање на Тетовски државен универзитет. За јазикот не станува збор г-дине Вејсели. Една работа, г-дине Вејсели ако Тетовскиот универзитет бил основан во 1994 година, верувајте дека тој универзитет ќе го имаше името универзитет на ПДП, бидејки таа партија со помош и сега уште една друга партија која сега го легализира со закон , ќе беше универзитет на ПДП, или можеби универзитет на Вејсели. Меѓутоа со оглед на тоа што тој универзитет се легализира денеска , многу поприкладно име би му било Бранков универзитет, ама ајде да не го земаме Бранко заради тоа што многу закони имаме со Бранков закон, можеме да му ставиме некое друго име, да речеме на ДУИ. Така што незнам навистина што сакате . И една друга работа. Во 1994 година вие го оснивавте Тетовскиот универзитет како што кажавте, каде ви е медицинскиот факултет? Сега го барате во некаков си закон овде . Зошто не направивте медицински факултет, незнам кој ве спречи? Можеби ви требаше еден директор како што сега има па да почне човекот со дивоградби да дојдеме до таква институција. Можеби немавте простори, или пак немавте можеби во вашите редови такви да не речам мажи, па да влегувате со сила во одредени објекти Тетово Табак и т.н. па да дојдете до згради.

Тоа е она што цело време го зборувате. Едно да ве потсетам г. Вејсели само во едно не сте контрадикторни, а тоа е она кога зборувате дека овој универзитет е за албанците. Вие тоа го кажавте многу посликовите на претходната седница, рековте ние ќе си бидеме господари на нашето. Сега го потврдувате истото, значи, ова е универзитет на албанците, вие македонците нема што да барате и цело време ја потврдувате тезата која ние како опозиција ја кажуваме. Не зборуваме ние за образование или право на образование или некому скратено, некому дадено, ние цело време зборуваме за јасна граница универзитети за албанци, универзитети за македонци, територија за албанци, територија за македонци итн. Тоа е основната поента која цело време ја зборувате.

Да не ве потсетувам дека кажавте една мисла сите сте борци на УЧК, па вклучително и вие, не ни демантиравте дали сте или не сте, меѓутоа, во контекст на она дека сте господари на своето, дека таа идеја е таа.

Затоа г. Вејсели еве поднесете амандман, зошто не поднесовте амандман да се стави и медицински факултет, а не демагошки да зборувате. Дајте направете го тоа како што треба, имајте во предвид дека министерот веројатно ќе има разбирање ако ништо друго барем за оние години кога беше заедно со вас.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Повелете г. Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Господине Караџоски, јас повторно ви велам немајте многу аверзија врз албанското високо образование во Македонија.

Второ, кога спомнав тетовски универзитет е основан во 1994 година, образложението на тогашните политички структури беше дека немаме ништо против легализирањето на овој универзитет, но знаете дека во прашање е јазикот. Уставот не дозволува употреба на јазикот во високото образование. Затоа направив една конференција пред 2001 и по 2001, реков дека ни треба малку поголема политичка интелектуална смелост, дека денес не основаме тетовски универзитет, туку денеска во суштина се промовира албанскиот јазик како официјален јазик во високото образование на албанците во Република Македонија.

Второ прашање е тоа што се однесува, што вие спомнувате дали сте имале можност, зошто не сте го оснивале медицински факултет во рамките на тетовскиот универзитет? Медицинскиот факултет во рамките на тетовскиот универзитет функционира со години и сигурно сега недостасуваше политичка волја, јас знам дека политичката желба треба да биде двострана, знам дека политиката има компромиси, но секако ова прашање ќе остане отворено, но ќе биде и за вас и за нас подобро овие проблеми да ги решиме, бидејќи сите ние имаме целосен консензус за апликација во Европската унија и вие сте во спротивност со вашите зборови.

Дали знаете дека европските ... кои се. Во Европската унија ќе аплицирате доколку го имплементирате целосно Охридскиот договор, а тетовскиот универзитет е дел од Охридскиот договор, затоа прифатетего ова со една широкоградост.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве молам да не претеруваме.

За реплика на г. Вејсели се јавува г. Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Госпоѓо Поповска дали можеме да констатираме присуство на претставник на Владата за оваа точка.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас го молам министерот Положани да влезе во просториите на собраниската сала.

Вие можете да започнете г. Трендафилов, јас верувам дека министерот ќе дојде секој момент.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Ќе почекам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Го молам министерот Положани да влезе во собраниската сала. (министерот Положани влегува во салата).

Господине Трендафилов повелете.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Мислам претставникот на Владата на г. Црвенковски барем за упорноста да присуствува постојано додека е на дневен ред оваа точка, ми дава за право, а со оглед на тоа што Комисијата за образование на 9 јануари остана без претставник и поради тоа оваа точка тогаш не се разгледуваше, ми дава за право дека дури и претставници на извршната власт, овде зборувам затоа што не верувам дека постојано се максимално зафатени министерот за образование, заменик министерот за образование, државниот секретар, па да мора да биде присутен само еден од претставниците од политичкото раководство на Министерството за образование дека можеби останатите соработници на министерот за образование ќе се обидат во својата подоцнежна политичка кариера да се амнестираат себе си од политичката одговорност доколку предлогот за формирање трет државен универзитет во Тетово помине така како што е предложен. Изненадувањето секако го кажавме уште во текот на вчерашната дискусија по оваа точка затоа што и покрај тоа што Владата го повлече еднаш овој Предлог закон, вториот пат кога ...

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Се извинувам г. Трендафилов само сум во дилема дали вие за г. Вејсели, не е процедурално.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Не, не, за г. Вејсели, но се разбира во излагањето на претходниот дискутант нема ниту трага од сите овие мошне конкретни забелешки и она што е најважно и што сите ние треба да бидеме заинтересирани е финансиската конструкција заради оправданоста. Ние не можеме постојано да се криеме зад некакви квоти, не можеме постојано да се криеме зад некаква позитивна или не знам каква дискриминација кога овде опозицијата се обидува да докаже дека апсолутно според никакви критериуми и стандарди оваа т.н. во последно време граѓанска иницијатива не заслужува да го носи називот дека станува збор за високо образовна школска институција.

На овој начин ние го доведуваме во прашање кредибилитетот на веќе издадените, а да не зборувам за идниот развој на нашата високо образовна заедница во Република Македонија во целина какви реперкусии ќе има врз легитимитетот на дипломите кои излегуваат од универзитетите во Република Македонија вклучително и најновиот во рамките на високо образовната заедница на Штуловиот универзитет затоа што ние се однесуваме максимално дилетантски со една приватна забава, тоа многу пати го кажавме, затоа што излезе од претходната Влада на Црвенковски, затоа што ние сега на овој начин влијаеме на легитимитетот и со кое право владиното мнозинство се обидува односно најверојатно ќе придонесе да се намали легитимитетот и карактерот на постојните дипломи кои се издаваат од македонските универзитети.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г. Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Господине Вејсели само да ви кажам уште еднаш по повеќе пати повторуваната работа тоа е дека за ВМРО-ДПМНЕ, за пратениците воопшто не е спорно правото албанците да се образуваат на својот мајчин јазик. Меѓутоа, спорно е кога тоа претставува цел самата за себе. Напротив, тоа треба да биде предуслов за поквалитетно осознавање на ученикот, на програмата и на материјата која треба

да се совлада. Тоа треба да биде предуслов професорот на подобар и поразбирлив начин на студентот да му ја презентира материјата која е предмет на предавањето.

Но, истакнувањето на јазикот на кој се води наставата, на просторните услови кои треба да се задоволат на насилен начин, истакнувањето на потребата секоја партија на албанците да си има свој универзитет не претставува интерес на албанците. На овој начин апсолутно се избегнува почитувањето на некакви стандарди во образованието и се создаваат можности за едукација која ќе доведе до кадри кои со својата стручност и својот квалитет не ќе можат да се ставаат во функција на надминување на наталожените проблеми во Република Македонија уште помалку на тој начин ќе се придонесе за некаков излез од оваа ситуација во која се наоѓа Република Македонија.

Имено, се работи за тоа дека Тетово кој е град со 60 илјади жители ќе биде единствениот град во светот кој ќе има два албански универзитети, а студентите ќе ги нема во доволен број во државата. Најверојатно ќе ги увезувате од странство, од Албанија, Косово или не знам од каде. Сите знаеме дека во Тирана има само еден универзитет, истиот случај е и во Приштина иако и во Албанија и на Косово има многукратно албанско население отколку во Република Македонија.

Исто така ве прашувам дали еден од идните наставници на овој т.н. универзитет ќе биде и командантот Баци или некој исто така заслужен како него во борбата за насилна легализација на парауниверзитетот при што е крајно криминално извршена узурпација на туѓ имот за да се удоми оваа параинституција.

Ние како пратеници немаме информации каков кадар ќе држи предавања на тој парауниверзитет, од кој образовен профил се идните евентуални професори, на која институција го добиле своето образование и кој ќе ја оценува нивната работа.

Сите добро знаеме дека овој парауниверзитет кој треба денеска, кој сакате да го озаконите, односно да воспоставите еден универзитет од чисто политички причини како наводен аргумент го користите дискриминирањето со кое македонската држава се однесувала кон нејзините граѓани од албанско етничко потекло. Сите добро знаеме дека оваа вештачка творба беше воспоставена по пат на примена на сила надвор од правниот систем на државата, надвор од цивилизациските форми кои треба да се почитуваат. Денес на сите овие девијации што се случуваат им даваме правна сила. Со тоа не треба да заборавите дека принципот на спирала на настаните и повторувањето на истите останува и не треба да останете глуви на нашите тврдења дека еднаш основан не универзитет, туку легализиран принцип на

постигнување на цели со сила, ќе стане општо правило во државата, а тоа би значело дека тетовскиот параунивертитет беше воспоставен со сила, работеше во илегала и на крај еве имаме предлог за негова легализација односно за основање на нов тетовски универзитет.

Ние легализираме само 5 високо образовни институции односно факултети од истиот универзитет. Логично ви го поставувам прашањето што е со останатите факултети кои нема да бидат легализирани, дали тие ќе се укинат, дали ќе престанат да постојат, јас знам дека ни факултетите ќе се укинат, ни ќе се затворат, ниту пак ќе бидат ставени во мирување. Самите спомнавте за медицинскиот факултет и од овие причини единствено нешто кое е јасно овде тоа е дека се договориле Али Ахмети и Бранко Црвенковски и овој договор кога ќе дојде некоја нова напната ситуација ќе се однесува и на другите нелегализирани во овој момент факултети и постојано ќе се продуцираат нови судири помеѓу албанците и македонците кои ќе бидат согласно политичките потреби на партиите на власт.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Вејсели повелете.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Ве слушав со внимание г. Стојаноски. Дилемите што ги имате не ви се на место, повлечете се од тие дилеми.

Второ, сакам да ви кажам еднаш за секогаш заборавете го зборот малоречански универзитет, тоа е тетовски универзитет. Ние како албанци, како граѓани на Република Македонија кога му велиме на Скопскиот универзитет кога се наоѓа блиску до Бит Пазар, даречеме дек ае Бит Пазарски универзитет. Почитувајќи ги институциите кои се во служба на граѓаните на Република Македонија.

Трето, сега ќе разговараме дали има излез за другите факултети кои останаа без да влезат во овој Предлог закон. Ако има добра политичка волја и вечерва можеме да ја завршиме оваа работа, но верувам дека во иднина ќе ја прошириме оваа работа.

На крајот на краиштата сакам да ви кажам уште нешто. Доста одлучувавте за судбината на албанците, оставете не ние самите да одлучиме за нашата судбина.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г. Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам г. потпретседателке, почитуван колега Вејсели, вие тука изнесувате во вашите тврдења една голема невистина дека основањето на тетовскиот универзитет всушност претставува реализација на дел од Охридскиот договор. Тоа во тие 5-6 дневни сесии го разјаснивме и видовте дека во Охридскиот договор решението беше отворањето на универзитетот на Ван Дер Штул во кој се вклучи и Европската унија со свои средства и со начин (пратеникот Вејсели вика од место)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега Вејсели, ве молам за парламентарност, да не правиме циркус во Парламентот.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас мислам дека треба да го прочитате Охридскиот договор пред било што ... (пак упаѓа господинот Вејсели).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Вејсели без довикување, сите вас ве слушаат мошне внимателно.

СПИРО МАВРОВСКИ:

И колку што гледам објаснувањето на Владата беше дека овој универзитет после тие неколку дена разјаснување за ова што сега сеуште не му е јасно на господинот Вејсели се кажа дека формирањето на тетовскиот универзитет е според Законот за високото образование. Но одговорот што го слушав од господинот Вејсели тој кажува дек аовој факултет веќе постои, дека тој функционира и ние треба само нешто озваничиме. Истото се случува и со средното училиште во Битола каде повторно има некоја граѓанска иницијатива и тоа понатаму функционира и утре ќе се појави некој на тој начин да ја озваничи таа граѓанска иницијатива за да можат да се запишат на тетовскиот универзитет кој исто како граѓанска иницијатива формирана во оваа држава започнува да функционира и сега треба да го добие името на државен универзитет.

Јас тука не гледам ништо од правната држава, не гледам од уставниот поредок на Република Македонија, гледам само рушење и незнаење како да се направи сето ова. Мислам дека се носиме сите во една голема заблуда, ќе бидете актери на нешто што можеби многу време после тоа не ќе можеме да го исправиме никако.

Затоа посебно до колегите од СДСМ со многу поголемо внимание да го следат сето ова, не да го сватат како партиска задача.

Јас би сакал да проговорам за финансиската конструкција, за она што го има универзитетот и што можевме да прочитаме од Програмата која ни ја понуди господинот министер на некаде 300 страници во кои овие средства што сега ги поседува малоречанскиот универзитет мислам дека воопшто не може да се отвори детска градинка, а не државен универзитет. Истото ова стои во одговорот на Одборот за акредитација каде стои дека поради немање на доволен број на простори, ќе се користи дел од просторите на постојните универзитети во Република Македонија.

Тоа е една опасна теза која ќе може на крајот да направи многу поголеми проблеми.

Уште една забелешка дека не може да се формира државен универзитет со полномошно од 4 браќа Деари од Мала Речица со давање на изјава на нотар со која обезбедуваат 800 м2 и на тој начин Република Македонија и Владата на Република Македонија да формира трет државен универзитет. Јас мислам дека тоа воопшто не држи место и затоа упадот во Тетово Табак, утре во Тетовска пластика, па во спортска сала и други фирми кои можат да се користат како државен универзитет ќе биде предизвик за сите за овие работи да можат да се реализираат.

Уште еднаш ќе го потсетам г. Вејсели тоа што се случи, се случи во Скопје, а не во Шкупи.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Господине Мавровски Скопје за мене е Шкупи еднаш засекогаш да ти биде јасно.

Господине Мавровски, Охридскиот договор многу јасно го регулира високото образование на албанците во Република Македонија. Во Охридскиот договор потпис стави вашиот лидер. Тука не било разговарано за Штуловиот универзитет, би било добро да видите што е тоа, вие добро знаете, три минути имаме. Охридскиот договор го регулира добро ова прашање, тоа е потпишано од 4 лидери, две

македонски, две албански партии, беше кажано дека за што ќе станува збор, за кој универзитет. Дали толку ви пречи дека албанците ќе имаат можност да се образуваат на еден државен универзитет. Вие често пати го спомнувате Универзитетот на Југоисточна Европа. Би било добро да се има не само еден како што е Штуловиот, да има уште повеќе такви, но не може да се негира правото на албанците и тие да се образуваат од страна што ќе плаќа државата, да имаат дел и својот дел да си го земат во свои раце.

Второ, јас ви гарантирам и ви велам дека кадрите што ќе излезат од овој универзитет и тие што излегле станувајќи еминентни професори, а тие кои беа изучувани и студираа, ним им предаваа професори од Македонија, Косово и Албанија затоа немојте да ги потценувате професорите кои имаат разни докторски дисертации кои не само што завршиле во Скопје, туку и на другите универзитети на Косово, Албанија итн.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Нема смисла ова што го правите, мислам дека вашите провокации се многу непримерни во ова Собрание. И во тоа што го искажувате и во начинот како се однесувате, јас многу внимателно ве опоменувам во текот на секоја ваша дискусија, почитувам дека човек не може предцизно до секунда да се изрази и не инсистирам на броење на секунди. Меѓутоа, почитувајте ги барем малку колегите, сепак мора во рамките на некој договорен ред да биде. Ве молам, ве молам. (упади од господинот Вејсели)

Господине Вејсели тоа не менува ништо, право е на секој да биде надвор или внатре, значи дали со тоа сме завршиле со репликите за г. Вејсели?

Господине Трајановски вие бевте пријавени за реплика?

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, очигледно намерата на господинот му беше да ја вжешти атмосферата овде и можеби му успеа. Меѓутоа јас сакам да му кажам дека Скопје е Скопје, не е Скопје Шкупи и  вие како претседавач би требало  да го опомените за тоа, до колку се менуваат топомините во Република Македонија. Тоа треба да го правите и понатака, не само господинот Вејсели.

Инаку јас сакам да реплицирам на неколку негови тези.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас се извинувам што ќе ве прекинам, за да не остане забуна кај присутените и евентуално кај јавноста.

Имено, доколку ја следевте мојата реакција, таа се однесуваше комплетно на секаков вид провокации во форма и на зборови и на однесување. Така што вашата забелешка веќе беше упатена и од моја страна.

Ве молам продолжете со репликата.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас сметам дека уште кога говори треба да го предупредите, затоа што во говорот може да употреби уште икс пати така, се разбира тоа треба да го правите кон било кого, значи уште додека се изговара тоа. А вие како водител на ова Собрание ја имате таа можност.

Тезите околу кои сакам да спорам со господинот Вејсели се следни.

Тој рече дека албанците 50 години го финансираат образованието на македонците во Република Македонија. Најверојатно мислеше на 20%, колку што сега е процентот или се тежи да е процентот на албанците во Република Македонија. Меѓутоа сакам да му кажам дека процентот, почнувајќи од 1045 година наваму е многу различен, сигурно беше многу мал за сега да го достигне тој процент што е.

Второ, ние тогаш бевме во една федерација, во една поранешна Југославија во која постоеше и Косово и каде што имаше образование во рамките на таа држава на албанците, во Приштина, во која сите финансиравме, на ниво на држава, поранешна Југославија, во образованието. Според тоа имаше и таму вентил за образование. Значи би сакал да се направи разлика помеѓу тоа што беше поранешна Југославија и она што се случува од осамостојувањето на Република Македонија од 1990 година наваму.

Исто така кажа дека пред 2001 и после 2001 година, практично квалитетот настанува после 2001 година, па би сакал да кажам дека не сметам дека тоа е така, бидејќи пред 2001 година имаше процеси кои беа во правец на остварувањето на овие права кои сега ние ги правиме. Напротив сметам дека 2001 година ги запре тие процеси, како финансиски така и другите, бидејќи, јас пак ќе го спомнам еве и Штуловиот универзитет и во неговите понатамошни проекции беше да биде државен универзитет, се со цел стандардите да бидат не само македонски туку и повеќе од македонски. Сакав да кажам, да не се кажува дека 2001 година е пресвртница. Тоа е

многу лоша порака, многу лош патоказ и многу лошо ќе остане понатаму за идните генерации кои доаѓаат.

Понатаму и она што вели, до колку не се реализира Рамковниот договор нема да влеземе во Европската Унија, сакам да му кажам дека тоа не е дел од Рамковниот договор, иако ние не сме против високото образование на албанската заедница. Меѓутоа сме против ваквиот проект и ваквиот начин на решавање. Тоа е нашето главно оспорување на овој закон.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете господине Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Гледам дека вие сега во овој Парламент сакате да ни го смените и мајчиниот јазик. Тоа на нас ни е уставно право. Ние сме над 20% во Македонија и можам слободно да зборувам на албански и јас Скопје ќе го именувам Шкупи, Битола Манастир. Оваа работа да ви биде јасна.

Второ, пред 2001 година и после 2001 година тоа не е исто време. Имаме нова реалност во Република Македонија, после 2001 година. Токму по 2001 година се направи Охридскиот договор и се измени Уставот на Република Македонија и имаме настојување да бидеме рамноправни. Иако сеуште не ни се отворени сите врати, меѓутоа имаме толку образовани луѓе, сами да ги отворат вратите за да направиме равноправност во Република Македонија. Токму, велам, тетовскиот универзитет е дел од Охридскиот договор. Кој сака нека го негира тоа, но оваа работа ја знаат тие што учествуваа во Охрид и таму не стана збор за никаков друг универзитет, не станува ниту за Вандерштуловиот универзитет ни за колеџ. Станува збор за отворен проблем за кој се бараше решение, а тоа беше тетовскиот универзитет да влезе во образовниот систем на државата и да се финансира од оваа држава.

Исто така заборавив на господинот Спиро Мавровски да му кажам дека тој треба да има одговорност што беше причинител на забраната за отварање на една паралелка на албански јазик во Битола. Тој дејствува против уставниот поредок во Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Вејсели, почитувани пратеници, јас мислам, во оној договор наш што треба во текот на идната година секако да го реализираме, заедно со

координаторите на пратеничките групи на кој ќе се договориме како на еден подостоинствен начин да се однесуваме во Собранието, мислам дека треба да влезе и овој сегмент на превод на топонимите. Мислам дека тоа е едно прашање кое е осетливо. Можеби, оној кој го говори јазикот тоа не му значи ништо. Меѓутоа до колку тоа предизвикува повреда на чувствата кај други претставници во Собранието, треба да имема почит. Сите ние знаеме дека името на некој народ може да се нарекува и на оригиналниот јазик, поинаку, меѓутоа сите други се воздржуваат тоа да го направат така затоа што знаат дека тоа би предизвикало повреда на чувствата кај дотичните претставници. Мислам дека ова треба да биде работа на договор наш, за нашиот бон тон во Собранието, за да не предизвикуваме тензии во иднина.

Јас морав ова, бидејќи имаше многу забелешки денеска токму на оваа тема, должна сум ова да го спомнам.

Господине Вејсели барате процедурално?

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Сакам да ви реплицирам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Не можете да ми реплицирате мене. Јас сум одговорна, јас ја водам седницата на Собранието и во моментов сум одговорна за редот.

Повелете.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Госпоѓа потпретседател, во што ве јас вас навредив, дали лично, дали колективно. Вие сакате да ми го земете правото топонимите да ги нарекувам на свој мајчин јазик. Не можам јас на албански јазик Скопје да го кажам Скопје. За мене Скопје е Шкупи, Битола е Манастир, Тетово е Тетова и тн. Не можете вие сега мене да ме ставите во први клас во основно училиште. Ве молам стои тоа како се регулира и не можете вие да ми го земате тоа право да зборувам на мајчин јазик, а кога тоа ми го дозволува Уставот на Република Македонија. Ве молам тоа понатаму да не биде.

Дали имаше лична навреда кон некој пратеник, нека каже. Јас не сум тој што навредувам личности. Меѓутоа не можете вие мене да ми забраните да зборувам на свој мајчин јазик.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА.

Господине Вејсели токму во таа насока...

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Тоа нема да го прифати ниеден албанец тука во Собранието, госпоѓо претседавач. Кажете еден нека стане и Скопје да го каже Скопје на албански јазик. Тоа не е само денеска. Јас овде сум трет мандат. Секогаш топонимите сум ги кажувал на свој мајчин јази. Јас не знам од каде тоа излегува. Во времето на вашата Влада ќе ги извадиме стенографските белешки, во времето на нашата Влада, никогаш топонимите не сме ги нарекувале спротивно од тоа како ние ги нарекуваме на мајчин јазик.

(Реакција на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колеги, ова е работа за разговор, колегијален, не вака пред јавноста.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Направете обид, донесете тука еден заклучок, па ќе видите. Како може тоа сега после 12 години плурализам во Македонија, сега да вадиме нови работи во ова Собрание.

Ве молам јас секогаш кога ќе спомнам градови во Република Македонија или други топоними, било тоа да се планини, полиња и тн., јас го имам тоа право да зборувам на мајчин јазик. Албанскиот јазик во Република Македонија е службен јазик после македонскиот јазик и не можете вие тоа да ми го забраните.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Вејсели, не бев точно разбрана.

До колку нешто предизвикува непријатни чувства, треба да разговараме за тоа. Значи тоа е тема за која треба да разговараме, а не вака на јавна дебата.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Тоа е тема на разговор каде што може да разговараат сите пратенички групи. Меѓутоа не можете вие мене да ме окривувате дека јас на Скопје му викам Шкупи на албански јазик. Јас промовирам и бранам интереси на моето гласачко тело.

(Пратениците од ВМРО-ДПМНЕ реагираат на излагањето на господинот Вејсели).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве молам колеги. Госпоѓа Којзеклиска, ве молам.

Давам пауза од 10 минути.

(по паузата седницата продолжи со работа во 17,10 часот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ќе можеме ли да започнеме?

За дускусија е пријавен г-динот Спиро Мавровски.

Повелете г-дине Мавровски.

СПИРО МАВРВОСКИ:

Благодарам, госпоѓо потпретседателке, колеги пратеници, министре,

Еве денеска ја продолжуваме наставата за тетовскиот универзитет без да ни биде понудено апсолутно ништо ново од страна на Владата, да се врати истиот закон што таа го повлече и во Парламентот да направи една фарса, а исто и пред граѓаните на Република Македонија. Значи не го повлече да дорабоди дел од Законот туку истиот закон е вратен назад и денеска повторно расправаме, како оние претходни пет дена.

Може би и новите моменти се кажуваат од она што може да се прочита во дневнот печат последните денови, а тоа се:

1. Ослободителната пресуда за Ѓулер Сулејмани, за насилното влегување во Тетово Табак, поради недостаток на докази;

Повлекување на адвокатот поради необезбедување на докази.

Значи граѓанскаста иницијатива на командат Баци успеа да го легализира упадот во Тетово Табак, тутунот што е однесен нема кој да одговори каде е однесен, дали е продаден, од кого е одземен и каде е и слични дилеми. Сигурно, дека многу скоро следува прогласување на командат Баци за декан на новиот тетовски универзитет, зошто го обезбеди просорот за формирање на истиот.

2. Со одлука на Владата од 26.12.2003 година деловниот објект на ЗИК Куманово за 45 милиони денари или 725 илјади евра го купува Владата т.е. Министерството за образование за потребите на Македонците од албанско етничко потекло да го продолжат своето средно образование. И покрај декларативните

уверување од министерот Положани дека тој ќе направи се, образованието да нема етнички поделби и учениците да се вратат во матичните училишта, заедно со македонците, очигледно и премиерот и министерот тоа не го мислеа сериозно и најдоа решение за делба, со новата зграда на ЗИК Куманово што чинеше 725 илјади евра. Изгледа, после овие финансиски средства што беа најдени за оваа зграда најдени се пари и за купување мебел во кабинетот на г-динот Положани и неговите секретарки, но пари за повисоки плати професорите нема да има. Тоа министерот јавно го кажа.

4. Добив информација во текот на вчерашниот ден дека за запишување на овој семестар се уплаќаат на посебна уплатница и посебна ж-ро сметка по 200 денари од секој студент за некој фонд за унапредување и развој на факултетите. Ете, можеби тоа е начинот како ќе се стигне до поголем број на средства.

Сето ова покажува дека Владата финансиски се консолидира, големите пари од црните дупки што останаа непотрошени од минатогодишниот буџет што министерствата не знаеја да ги искосристат ќе се користат за вакви интервенции.

Додека траеја претходните сесии за тетовскиот универзитет се јави и Ректорската управа, Универзитетскиот сенад Природно математичкиот факултет од универзитетот Св.Кирил и Методиј и студентите кои изнесоа забелешки на формирањето и функционирањето на тетовскиот универзитет. Дел од нивните забелешки што кореспондираат со тоа што говоррев и на претходните сесии, би сакал да ги изнесам и пред македонската јавност.

1. Формирање на нов универзитет може да биде чин на политичка волја, но никако само чин на политичка одлука. Прашањето за нов универзитт пред се и над се е само стручно прашање. Оттука, само академската заедница може да даде компетентно мислење за него. Во вистинските демократски општества кон кои ние сега се спремиме, стручните прашања не се предмет на политичка одлука. Сметаме дека далеку зад нас општеството, во кое се беше одлука и предмет на политички декрет, денес ниту една политичка гарнитура нема право самоволно да донесува политички одлуки за формирање или затворање на академски институици, а при тоа да не се слушне гласот и стручното мислење на академската заедница.

Оттука, формирање на нов униврзитет само со политичка одлука, без притоа да се води сметка за компетентноста и стручноста на тој чин ќе има несоглдливи негативни последици по целокупниот развој на општеството и сите граѓани на Република Македонија .

Каде се гледа несогласувањето со отворањето и работата на овој Универзитет?

При обидот да се формира универзитетот имаше многу нетранспарентност и не се почитуваат одредбите од Законот за високо образование. Значи, за да се формира тетовскиот универзитет треба да ги задоволи следните норми:

Прво, да се има соодветни просторни услови како и опрема за изведување на наставата. Во Елаборатот што ни беше понуден на повеќе од 200 страници се уверивме дека за ваква работа воопшто не станува збор. Јас и пред малку говорев, не сакам да се повторувам што значи тоа како простор, што значи како изјава на нотар дека тоа се условите под кои овој тетовски универзитет ќе почне да функционира. Мислам дека е недопустливо за една држава да може на овој начин да формира државен универзитет.

Второ, со финансискиот план да се обезбеди нормално финансирање на тетовскиот универзитет, а без притоа да бидат доведени во прашање работењето и развојот на постојните два универзитети, што ожигледно со воведувањето на овие такси во однос на тоа што значи факултетите и Универзитетот Св. Кирил и Методиј и сите жалби што доаѓаат од Универзитетскиот сенад и директно од факултетите каде кажуваат дека голем број од овие услови не се исполнети за да може да се одвива нормална настава, Буџетот што беше ветувано дека од година на година ќе се зголеми, за жал се намалува. Така што проблемите се зголемуваат.

Трето, да има потребен број на лица што ги задоволуваат условите да бидат наставници на тетотовскиот универзитет. Ова го видовме во тој елаборат што го имавме пред нас, каде што се потпишани големброј луѓе од кои некои предаваат во некои училишта, а некои се пензионери, некои се домаќинки, некои невработени, но во секој случај се потпишани и, што паѓа во очи многу од нив студирале, завршиле, магистрирале и докторирале на универзитетот во Мала Речица.

При основањето секогаш да се тргнува од основните, научните и културните потреби и цели, а не од политички етнички, партиски и тесно партиски цели и интереси.

При отворањето на нов државен универзитет да се води грижа да бидат исполнети одредбите од Правилникот за нормативи и стандарди за вршење на високообразовната дејност и на Упатството за обезбедување и оценување квалитетот на високообразовните установи и на академскиот кадар кои се вработени, со цел Универзитетот во Република Македонија да се хармонизира со семејството Европски универзитети, за да им се обезбеди на студентите

препознавање и признавање на дипломите од државните универзитети на пазарот на работна сила и во светот. А не истите да се девалвираат со отворање на државен универзитет без препознатливо академско јадро, академска култура и атмосфера.

Во секој случај, нерационално е да се продолжи со дуплирањето односно паралелизмот на државните универзитети, бидејќи на тој начин се врши дисперзија на и онака ниските буџетски средства за високо образование. Ова е значајно затоа што вкупните издвојувања на државата за високото образование во Република Македонија изнесуваат само 0,47% од бруто националниот доход. Тоа ќе доведе до целосно деградирање на постојното високо образование на Република Македонија, а воедно ќе се деградираат и научните институти што постојат при постојните државни универзитети, за чии услови под кои работат студентите студираат и живеаат ќе треба многу скоро да направиме една парламентарна сесија на која што ќе бидеме запознаени со сето она што се случува во текот на овие две години.

Секое отворање на било каква ваква високостручна установа треба да биде поврзано со стопанството и економијата, затоа што на крајот на краиштата, сите овие завршени студенти ќе продолжат со работа и треба да продолжат со работа во нашата економија и нашето стопанство. Но, водел од ова, како што беше известено од Одборот за акредитација, што се предвидени , како што се кажува за некои просветни инкубатори и оттука да заминат во светот, тогаш можеби е исплатливо оваа инвестиција.

Заради проблемот со времето немам поголема можност за елаборација. Но сепак, би сакал да кажам дека доколку овие студенти кои и во моментот, дали се тоа од Универзитетот во Битола, Универзитетот во Скопје, многу завршени факултетити исто и од Ван Дер Штуловиот универзитет, во моментот кога имаме повеќе од 400 илјади невработени, кога економијата е во колабс, кога ништо не функционира во оваа држава, немаме ни идеја за развој, мислам дека е многу проблематично токму сега, да се расправа, денови наназад за една работа што може да донесе уште поголеми конпликации за економијата, а има решение со Ван Дер Штуловиот унвиерзитет, во кој што и самиот министер кажа дека после година или две треба да прерасне во државен универзитет.

Вие, господо, размислувате политички, не е проблем. Но, вие сепак сте пратеници. Го претставувате народот кој тука  ве гласал. Дали политичкиот договор на дваица луѓе. На пет луѓе две политички партии може да биде предизвикот ние утре, како граѓани на Република Македонија повторно да дојдеме во конфликтна

ситуација и повторно ќе ни треба ЕУ, како што ја побарувавме тогаш, и повторно ќе зборуваме за евроинтеграции, а се оддалечуваме со светлосни години меѓу нас и уште повеќе од Европоа.

Нема ништо, госпоѓо, од тоа. Затоа, уште еднаш размислете добро. Јас мислам дека министерот треба да биде тој кој сега ќе го повика по н-ти пат да излезе и да каже и ако има доблест да го повлече законот, затоа што на толку факти што се кажани не гледам друго решение освен тоа да го направи сега и овде.

Затоа, г-дине министре, повелете, кажете што е целта на сето ова да знаеме да ја прекинеме оваа дискусија што се води веќе 7 ден без никакви аргументи од страна на позицијата, освен дека тоа е политичко решение, дека таквото решение треба да го реализираме.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

За реплика се јави г-динот Рафиз Алити.

РАФИЗ АЛИТИ:

Почитувана потпртседателке, почитуванан колега Спиро Мавровкси,

Не е добро да се занимавате во Собранието со невистините работи, особено првиот дел од вашата дискусија кога велите дека командат Баци или Фадил Сулејмани дека влегле во зградата на монополот и според она што го кажа Спиро Мавровски, наводно тоа време се земени големи количества на тутун и не се знае каде е тој тутун.

Но, вистината е горчлива понекогаш, но треба да се каже. Треба пред себе да се постави прашањето, исто и пред нас од позицијата, но и од оние кои беа претходно на власт, каде се г-дата или директорите кои беа на чело на Монополот, да се јават на судските сеанси, да ја кажат вистината пред Судот и да се види кој е сопственик на таа зграда.

Јас ќе кажам дека “двор без врата и куќа без стопан” значи во таа куќа влегува секој и секој ќе стане сопственик. Така што не е добро да се зборува така дека тутунот го зеле овие луѓе. Значи, тутунот го украл некој друг.

Благодарам многу.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам , г-динот Мавровкси контра реплика.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Добро, мислам дека се преминува на едно земјоделско прашање за тутунот, слушавме и министерот за земјоделие кажуваше што и како за тутунот.

За командант Баци мислам дека цела македонска јавност виде дека е влезен во Тетово табак, дека се вејат знамиња и дека се движат вооружени лица. Ако тоа е начинот во 21-век во Република Македонија некој да освојува територии и простори на кои што утре ќе градат државни универзитети, тогаш мислам дека е лош предзнак за било кого. Еве, веќе има најава за универзитет во Преетор, може би ќе се отвори и во Дупени. Ќе видиме како ќе се одвиваат работите. Така што мислам дека треба да дадеме сериозност на сета оваа работа, а не некој да признава се што било, сега од Мала Речица стана во Тетово, утре незнам како ќе се вика Тетова, итн. Значи, ќе признаеме нешто што никој во оваа држава не смее да го признае. Тоа е проблемот и тука треба да дебело да се размисли.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОСКА:

Благодарам.

Дали има други реплики? (Нема)

Му давам збор на г-динот Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ

Еден од ретките дискутанти од редовите на СДС кој дискутираше на оваа тема вчера и денеска, што треба најверојатно да го негуваме како вистински раритет, зборуваше дека како политичка партија која добила најмногу гласови на изборите тие го имаат мандатот и довербата да ја креираат севкупната политика во Република Македонија и начинот на кој се располага со буџетските средства во Република Македонија. Тоа е во ред и тоа е така врз основните принципи на демократијата, но јас би рекол со една не така мала забелешка.

Имено, јас не се сеќавам дека било кој од носителите на кандидатските листи, од сите шест изборни единици во Република Македонија или било кој од првенците на СДС во предизборната кампања спомна дека ќе се коалицира со Али Ахмети и дека ќе се легализира малоречанскиот универзитет. Напротив, изјавите беа во сосема спротивна насока.

Наеднаш, Владата доаѓа со еден предлог пред Собранието на Република Македонија кој треба, помпезно го носи насловот Закон за формирање трет државен универзитет што апсолутно не е точно, затоа што се бара во ремките на та законска иницијатива што е предложена до законодавниот дом на Република Македонија ,

иницијативата е всушност легализација на малоречанскиот див, тн., универзитет или што се се прави таму каде што се прави. Значи, апсолутно не станува збор за никаква образовна наставна пракса што од 1994 година се изведува во Мала Речица. Станува збор за една нелегална активност што во последниве години, особнео во текот на 2003 година е оптоварена и со узурпација. Значи, основното начело што во Уставот е загарантирано, приватната и личната сопственост е нарушена. Тоа се прави на безкрупулозен начин, по пат на насилство, по пат на сила. При тоа се користи оружје што г-динот Костов го собираше во Република Македонија и најверојатно треба да го нема.

Но, приказната не завршува тука, затоа што во политичката филозовија на главните коалициони партнери во Владата на г-динот Црвенковски владее свеста дека во Република Македонија високообразовните или воопшто било какви институции, агенции или било што, што се организираат под капата на државата, мора да има партиски предзнак. Мислејќи дека таа политичка филозофија ја споделуваат и останатите политички субјекти на македонската политичка сцена, а да се помогне на главниот коалиционен партнер, г-динот Црвенковски дозволува формирање односно легализирање на овој див тн., универзитет, затоа што упорно претпоставувам дека меѓу македонските граѓани од албанско потекло се тврди дека Штуловиот универзитет е Универзитет формиран од ДПА. Но, тоа е универзитет формиран од институциите на Република Македонија, со поддршка на релевантните фактори од Меѓународната заедница. На тој универзитет наставата се одвива со технички помагала каде што и други универзитети би сакале да ги имаат во Република Македонија и каде што граѓаните на Република Македонија можат да го изберат јазикот на кој што ќе ја следат наставната програма.

Во овој предлог од Владата на Република Македонија , такво нешто не постои, бидејќи Владата само формално, преку називот на оваа иницијатива сака да создаде впечаток дека ќе формира државен универзитет но всушност станува збор за легализација. Г-динот Мавровски спомна дека освен оние неколку декари земја не се располага со ништо друго и збирка на желби кој се таму сака да работи, кој се таму има завршено, дипломирано, магистрирано или докторирано.

Обидувајќи се да се прифати, да се наметне една таква теза, Владата и конкретно Министерството за образование би требало да излезат пред Собранието и пред јавноста да соопштат дека во иднина на Универзитетот Св. Кирил и Методиј, на Универзитетот Св. Климент нема да постои квотата за позитивна дискриминација. Вие, со ништо овде не покажавте, дури не се ни обидовте како да им објасните, да

речеме на некоклумина мои сограѓани кои мака мачат како да ги запишат своите деца на Универзитетот Св. Кирил и Методиј затоа што тие немаат пари тие да ги пратат на други универзитгети, додека на тој универзитет се прима некој што има 60 поени. А, овие иако имаат 90 поедини, на пример мој сограѓанин од Велес не може да претендира да се прими да студира во главниот град на земјата, значи не може да студира во Скопје.

Вие, пред малку спомнав дека најверојатно ќе завршите во некаква новокомпонирана песна, затоа што ќе можете да излезете, верувам, во дел на некакви гласачи кои ве поддржуваат и ќе велите дека еве јас  успеав да издејствувам. Ние можеме да студираме во Скопје, во Битола, во Штип, а тие неможат да студираат никаде на друго место, освен во Скопје.  Вие, на тој начин се обидувате, мислам неможам да сватам еден таков однос, пред се, кон македонски граѓани, кои се ваши сонародници да се обидувате да ги прикажувате дека се интелектуални, инфериорни и дека на нив ќе им бидат потребни 30 или 40 поени помалку, отколку нивниот колега, нивната генерација, кои имаат поинаква национална и религиска припадност. Вие не излеговте овде и да кажете дека квотите на македонските универзитети во Штуловиот универзитет, на факултетите на универзитетот “Свети Кирил и Методиј” нема повеќе да важат. Дека вие се иборивте да се отвори етнички универзитет и дека таму ќе претендирате да студираат сите албанци. Обидетесе да ја сватите надреалистичната атмосфера која ја предизвикувате со еден таков однос. Обидете се да сватите и да замислите како изгледаат дел од пратениците овде во Собранието на Република Македонија , кои се пренесуваат со превод, а да не зборувам каде дел од тие преведувачи завршиле. Во Законот за државјанство се боревме пред 13 години да влезе одредбата да се познава македонскиот литературен јазик, сега г. Костов излегува со таа формулација после 13 години да се познава , за да се разбере со околината. Но, навистина, сите ние ако се потрудиме, можеме да разбереме и некој кој зборува на мандарински, меѓутоа,  не е работата да зборуваме по пат на гестикулации и на пантомима. Вие се обидувате една високообразовна институција, како што е Штуловиот универзитет, кој очигледно е да очекуваме дека во догледно време ќе дојде на расправа во македонското Собрание, затоа што тоа е и Уставна обврска на Република Македонија да биде субвенционирано од буџетот на Република Македонија . Истовремено се обидувате да истуркате, апсолутно неприфатливо, од ниедна гледна позиција. Прво, економски не е прифатливо, објаснете ми што ќе правите кога ќе поделете 3000 дипломи од луѓе кои веќе се стекнале со некакви сертификати

од дивиот универзитет. Една од нашите колшки зборуваше дека тоа ќе оди по пат на петолетки. Во оваа година првата петолетка има 2000 дипломи, следната година ќе имаме 1500 , за да дојдеме до некаков квантум. Но, вие неможете да се обидувате насила да забрзате нешто за што е потребен, реален, нормален, економско-социолошки, културолошки, било каков процес. Ако се обиедувате тоа да го направите, во историјата имало такви примери кои се максимално драстични, ние нема потреба да се осврнуваме низ историјата, ние ќе се осврнеме кон неколку законски проекти кои поминаа во Собранието на Република Македонија . Беше спомнат Бранковиот закон, ако е ова Бранков закон, ова како да го наречеме, ова неможеме да го наречеме закон, ова е Бранково чудовиште, според, парафразирам, франкештајновото чудовиште. Вие, ја доведувате во опасност севкупната високо образовна заедница во Република Македонија, затоа што во очите на нивните колеги од другите земји, не зборувам само за земјите од Европа, дека во Република Македонија кој кога сака, кому ќе му текне и каде ќе му текне, ако е доволно упорен , ако дава отпор на легално избраните институции во Република Македонија , ако се спротивставува со сила, може да го промени, не само да формира универзитет, може да го промени Уставот и може да направи било што. Вие сакате потоа , колеги професори од иста струка да се гледаат себеси рамноправно на меѓинародни средби и да разменуваат мислења од нивното непосредно искуство или од нивниот непосреден интерес во врска со научната работа. Тоа е невозможно. Вие неможете некому да објасните дека Мало речанскиот универзитет , кој најверојатно ќе добие подршка од СДС дека на тој начин вие некому во Европа ќе му објасните дека тоа е професионалецот, областа за која тврди дека е. Тоа апсолутно не може да се случи и вие на тој начин нема да добиете стручњаци, туку на тој начин само ќе го доведете во прашање легитимитетот на веќе воспоставеното искуство и традиција во рамките на високо образовната заедница во Република Македонија . Ги доведувате во опасност сите кои веќе се стекнале со диплома во земјава на било кој од овие три факултети, ги доведувате во опасност сега кои што студираат и ги доведувате во опаснот оние кои можеби ќе решат утре да студираат. Отусуствува, повторно ќе проговорам, секаква финансиска констуркција. Овде се зборува дека то аќе чини 2 милиони евра годишно, 3 милиони евра годишно. Во предлогот пишува дека апсолутно законот може да помине по скратена постапка, затоа што нема да не обремени и буџетот со дополнителни финансиски средства, но вие, како што сме запознати од средствата за јавно информирање, вие во Куманово купивте зграда за средно училиште кое чини еден милион евра.

За крај, нема да се направи никаков квалитет, затоа што ние овде само привидно зборуваме за образование, само привидно зборуваме за формирање на универзитет. Ова прашање е од чиста политичка природа и ова прашање е штетно за Република Македонија , за македонските граѓани , затоа што ниту Владата , ниту министерството за образование нема храборост да излезе и да каже за што всушност станува збор. Ќе кажам и завршувам, ако веруваше во ова што го тврди Министерството за обазование, заменик министерот за образование, г. Керамитчиовски на 9-ти јануари ќе собереше храброст и ќе седнеше на Комисијата за образование и како претставник на Владата ќе го бранеше овој предлог. Човекот беше присутен во зградата, но на сите можни начини се обидуваше да не биде на седницата на Комисијата.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика г. Хисни Шакири:

ХИСНИ ШАКИРИ:

По се изгледа дека сме при крај на денешната дебата и голем дел од опозицијата мислам дека се свесни што се случува со овој закон, но има личности кои се обидуваат со тврдоглавост да ги гледаат работите во Македонија. Јас сакам да ви кажам, почитувани пратеници, имајќи навистина респект кон некои луѓе, но голем број не се согласуваат со ова што го кажувате. Политиката треба да биде во функција на решавање на проблемите. До колку ова прашање го гледаме на ваков начин , мислам дека нашата задача и одговорност ќе биде на високо ниво, пред себеси, но и пред граѓаните.

За ова прашање, што се однесува до официјализирање на Тетовскиот универзитет толку е дабатирано и јас сум убеден дека граѓаните на Република Македонија сега се дојдени во ситуација да не знаат што се случува во Парламентот и на кого да му веруваат. Сега, ова прашање, овој проблем не го гледаат на вистински, прав начин, да му дадат заслужувачка позиција.

Почитувани пратнеици, ние треба да ги решаваме пробелмите, прашањето на тетовскиот универзитет треба да се заокружи. Тоа е проблем кој за 10 години беше оставен така и во однос на тој проблем сите имаме одговорност, а и вие како опозиција имате одговорност. Затоа, јас очекувам да бидеме сите единствени и да бараме одговорност за сето што се говори, за вредностите со една единствена цел во интерес на проектот, кој ќе произведува стабилност, за мене, како Хисни Шакири.

Но, сеуште прашањата се дискутираат во еден стил, така да кажам, на период кој беше минато и што е многу опасно за самата Македонија, при што промовираме политика, а ние промовираме политика на соживот. Кога се говори за оваа политика што се пласира во Парламентот, јас мислам дека не претставува само геотизација, туку и национална омраза. Има пратеници кои говорат во овој стил. Еднаш и за секогаш треба да го отстраниме овој жаргон и да пристапиме кон проблемите на еден посериозен начин . Сметам дека тоа е од интерес на сите, да се занимаваме со прашања кои што се многу значајни за сите нас и би било добро ние да говориме за економските прашања, но овој проблем треба да се реши како таков, треба да биде разбран и од опозицијата и од сите, а не да се обвинува СДСМ или пак некој друг, бидејќи не е право и не е коректно. Разберете ме, г-да треба да ги знаеме игрите на демократијата, кој победува на избори, кој прави коалиција и тоа е резултат на изборите од 2002 год, и тука нема дилеми и не треба да имаме вакви обвиненија кои што немаат основа.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика на репликата г. Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Смислата на постоењето на сите, па секако и на оваа Влада е да ги средува состојбите во општеството и да создава услови за непречен просперитет и благосостојба на сопствените граѓани. Ако погледнеме што Министерството за образование направи во таа насока, нема да видиме ништо друго, освен хаос. Хаос се направи во образованието на територијата на општина Куманово, во Скопје, во Битола. За никаква хармонизација, за никаква интеграција овде не може да стане збор, затоа што во ова можеби и дел од македонские граѓани ќе поверуваат , добра е забелешката на дискутантот дека македонските граѓани не веруваат во оваа политика, која се обидува Владата да ја спроведе. И не може да веруваат, затоа што на прославата на оваа нелегална институција не се виореше знамето на Република Македонија , не се проговори ниту еден збор на македонски јазик, ниту се спомна дека станува збор за Република Македонија . И пак, пак, ќе кажам бесрамно се бараат пари од истата таа Македонија да се финансира приватната забава на г. Црвенковски.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г. Хусеинџевад Хусеини

ХУСЕИНЏЕВАД ХУСЕИНИ:

Млад господине. Јас можам да ви дозволам на г. Кедев или на г. Оровчанец да зборуваат за квалитет, бидејќи се во тој процес, но вие сте далеку од човекот кој може да ги оценува луѓето кои предаваат на тој универзитет. Затоа, не треба да оценувате и да влегувате во води во кои не ви е место. Вие треба да бидете повисок од нив, за да ги оценувате. Ниту јас неможам да ги оценува. Го немам тоа право.

Второ, вие сте изготвувач на нашата апликација во ЕУ. И јас бев во таа Комисија и видов какот текст беше многу добар, но тука не оценуваат добри изготвувања, туку оценуваат колку сме постигнале ние да создадеме внатрешна кохезија во оваа држава. За среќа ги имаат своите монитори овде кај нас. Се што ќе Речеме ние дека е обработена оваа земја, може да се посее, може да отидат информациите дека некој гази врз тоа место, се што сакаме да посееме , информациите може да бидат дека некој се труди да ги откорне тие посеви. На овој начин не можеме да имаме зачленување во ЕУ. Една латинска изрека, која со менувањето на зборовите, ја менува и смислата:"Каде ти е татковината, тука се чувствуваш добро", но веднаш потоа е и "Каде се чувствуваш добро, тука ти е татковината". Вие се трудите да разберете дека албанците се трудат да се чувствуваат добро, за да ја искажат лојалноста, висока лојалност за оваа држава и ние оваа лојалност ја покажуваме. Ние наидовме на рабирање за овој многу голем проблем на албанците со нашиот партнер на коалицијата. Вие се трудите со една демократска амбалажа да го сокриете вашето одбивање, за да прифатите една реалност дека албанците треба да имаат и да учат во високото образование во оваа држава на свој мајчин јазик и ова не е никаква геотизација. И во времето на комунизмот и сега нашиот кадар кој го имаме во државата има завршено во Приштина и не гледа дека тие се гетоизирани. Почитувани колеги, тие го даваат својот придонес колку што можат да го дадат. Ние сакаме да постигнеме еден ден да не не исмејувате дека нашите кандидати немаат никаква биографија. Таа биографија што ја имате вие ја постигнавте и со трудот на албанците. За ова треба да се заблагодарите. Ова беше еден период од 40-50 години. Затоа, не противете се. Јас очекувам и вие да гласата за ова дека е за доброто на сите нас. Аргументите за доброто на овој предлог се многу димензионални. Високото образование, образованите народи подобро се разбираат меѓусебно.

Второ, смирувањето на состојбата дека е уште еден момент, аргументите што ги искажавме се толку видливи, толку вистински, мислам како да се аргументите на Галилеј за вистината, за научната вистина. Тој се повелче од тие аргументи за да го спаси својот живот. За разлика од него ние не се повлекуваме од ова.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика на репликата г. Трендафилов:

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Јас ќе се согласам, можеби ќе се согласам со констатацијата дека не сум можеби доволно квалификуван да ги оценувам предложените кандидати, но исто така верувам дека има некој барем од мојата страна од ВМРО, ќе се согласат дека, главно, Собранието во помала мера е квалификувано да ги бира членовите на Уставниот суд и Републичкиот судски совет. И јас предлагам од тука да се преоценуваме и да го отпуштиме Републичкиот судски совет.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дин Мавровски процедурално, бидејќи беше спомнат.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Имаше објаснување од г. Трендафилов дека се работи за простор за основање на овој државен универзитет од некаде 800 м,2, но ;знаејќи што во моментов се случува во Република Македонија, и на Универзитетот “Свети Кирил и Методиј”, заради немање на адекватен простор, работата на одредени наставни дисциплини се изведува во две , а во одредени периоди и во три смени, а работата во сабота е скоро редовна. Мислиме дека оваа состојба за еден универзитет што постои толку години наназад покажува дека државата воопшто не води грижа. Некои згради кои беа започнати да се градат, како што е зградата во природно Математичкиот Факултет минатата година е стопирана да се гради. Значи, поради недостаток на средства тука добиваме некоја информација за непридржување на основните нормативи што излегуваат од законот за високото образование, каде што за секој студент треба да бидат обезбедени 3 метри квадратни. Што ќе се лучи, затоа што Владата со овој закон , воопшто не кажува колку студенти ќе бидат запишани на тој факултет, колку студенти од оној претходен факулете на Мала Речица, ќе бидат завршени студенти и дали воопшто некој ќе се запише или нема да се запише.

Мислам дека е тоа одлука на Влада и дека тука во самиот проект требаше да знаеме за колкав број на студенти се работи, затоа што овој простор од 800 метри квадратни, кој што го отстапуваат четворица браќа, мислам дека ќе доведе до една ката строфална состојба, затоа што постојните универзитети се случува во моментот да се приморани да ги преадаптираат просториите во подрумите, за да можат да формираат некои лаборатории. А, ние на една ливада сакаме да направиме државен универзитет, во кој што ќе функционираат 13 универзитети. Мислам дека е тотално несериозно.

Затоа, уште еднаш апелирам до министерот да го повлече решението.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитувана потпретседателке, со оглед на воспоставената пракса да се злоупотребува институцијата реплика, во име на пратеничката група, барам пауза од 15 минути.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега, јас мислам дека завршуваме , не е ни можно тоа. Со тоа би требало да ја прекинам седницата, но јас би ве молела само одговор една минута реплика на репликата и со тоа да заокружиме, бидејќи без тоа нема време за следни дискусии.

Г. Трендафилов уште една минута.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Сакам да му обрнам внимание на г. Мавровски да ја спореди процедурата што се е потребно граѓанинот кој сака да отвори бакалница да покаже пред државните институции, а што се покажува Владата пред законодавниот дом. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Време има, до колку координаторот на советничката група се согласи, за реплика (реакција на пратениците да се прекине седницата)

Тогаш, продолжуваме идната недела.

Во Среда ќе продолжиме со седница, во вообичаено време во 11,00 часот.

Седницата прекина со работа во 17,15 часот.